

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

325.83(=163.3)”18/19”(062)
323.1(=163.3):325.83-05Делчев,Г.(497.7)(062)\\ .
929:325.83-05Делчев,Г.062)

НАУЧНА трибина “Животот и делото на Гоце Делчев во колективната меморија
на македонскиот народ”
Гоце Делчев во колективната меморија на македонскиот народ / [научна трибина “Животот и делото на Гоце Делчев во колективната меморија на македонскиот народ” ; уредник Сталин Лозановски]. - Скопје :
Социјалистичка партија на Македонија, 2020. - 280 стр. : илустр. ; 21 cм

Фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-9800-7-7

а) Делчев, Гоце - 1872-1903 - Собири б) Македонци - Националноослободително движење - 19-20 в. - Собири в) Бугарија - Македонски идентитет - Делчев,Г. (1872-1903) - Оспорување - Собири
COBISS.MK-ID 112064522

**ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ**
**во колективната меморија на**
**македонскиот народ**

**Издавач:**
**Социјалистичка партија на Македонија**

**За издавачот:**
**Проф. д-р Јован Лазарев**

**Уредник:**
**Сталин Лозановски**

**Техничка подготовка:**
**Данче Стојановиќ**

**Научна трибина:**
**„Животот и делото на Гоце Делчев**
**во колективната меморија на**
**македонскиот народ“**

**Научен одбор:**
**Проф. д-р Михајло Миновски-претседател, Проф. д-р Новица Велјановски, Проф. д-р Наташа Котлар - Трајкова, Проф. д-р Ѓорѓи Малковски, Проф. д-р Тодор Чепреганов, Проф. д-р Виолета Ачкоска**

**Организационен одбор:**
**Проф. д-р Јован Лазарев - претседател, Љупчо Димовски, Проф. д-р Јован Пејковски, Милан Солаков, Сталин Лозановски**



## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Идејата за одржување на Трибината за животот и делото на Гоце Делчев во колективната меморија на македонскиот народ во организација на Социјалистичката партија на Македонија не е случајна. Таа е испровоцирана од актуелните збиднувања внатре во нашата земја и надвор од неа, од некои загрижувачки процеси и појави што се случуваат со потпишувањето на договорите за добрососедство и соработка со Република Грција и Република Бугарија.

Особено загрижуваат документите што ги усвои Бугарскиот парламент и Бугарската академија на науките со кои се негира идентитетот на македонскиот народ и неговата историја. Во рамките на големобугарските аспирации кон Македонија се негира и националниот идентитет на корифејот на македонската револуционерна борба за самостојна и независна Македонија Гоце Делчев што е врв на цинизмот на бугарската политика и наука.

На вака изразените големобугарски аспирации и остварување на сонот за голема Бугарија, Социјалистичката партија на Македонија водена од наследството што ѝ го оставија македонските социјалисти во историјата на македонскиот народ не може да остане нема и глува и соодветно да реагира.

За Гоце Делчев, за неговиот живот и дело во минатото се напишани бројни книги - томови,

биографски записи од бројни истакнати личности во нашето револуционерно минато - негови соборци и истакнати современи научни работници во историската наука, опеан е во литературата и во народното творештво и други видови на публикации, со што се вбројува како најмаркантна историска личност во националноослободителното дело на македонскиот народ. Прилог кон сето ова се и трудовите сместени во оваа книга на нашите денешни истакнати професори и доктори во историската наука за што Социјалистичката партија на Македонија им е крајно благодарна.

Социјалистичката партија на Македонија посебно е загрижена за односот на некои личности од историската наука во Република Македонија кои прифатија да разговараат и преговараат за преиспитување на одделни настани и личности од историјата на македонскиот народ, што е своевиден преседан и девалвирање на сопствената историска наука во која зеле учество бројни еминентни историчари од постоењето на македонската држава.

Со одржувањето на оваа Трибина, како и претходните за животот и делото на Димитар Влахов и Васил Главинов, Социјалистичката партија на Македонија го продолжува континуитетот за грижата околу негувањето на револуционерните традиции и одбележувањето на историските личности кои се вградиле во темелите на современата македонска држава.

**Проф. д-р МИХАЈЛО МИНОВСКИ**

# ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
## апостолот на револуционерна Македонија
## живот и дело.

„Делчев беше
божественото олицетворение
за учесниците во ВМРО.
Него природата го беше создала
само за водач на едно движење
како што беше македонското
во неговото време“
Русински

Оваа наша научна трибина ја одржуваме во вистинско време да покажеме дека македонистичката македонска историска наука продолжува со својата деј-ност на проучување, вреднување на настаните и личностите од историјата на македонскиот народ, да дадеме научен одговор дека нашето историско минато, биле и è само македонско во целиот период, и до крајот на Втората светска војна. Владата ги прогласи за ништожни сите вредносни постигнувања на македонска современа историска наука, на генерациите наши науни работници, професоти и академици (Љубен Лапе, Блаже Конески, Александар Христов, Манол Пандевски, Данчо Зографски, Апостолски и др.). Објави и документирано потврди дека за сето време во изминатите седум и пол децении нашата историска наука крадела туѓа и создавала лажна, македонска историја.

Со договорот со Република Бугарија (потпишан на 1 август 2017 година) и со договорот со Република Грција (потпишан на 17 јуни 2018 година) нашата држава се обврза да ги исправи „нанесените историски неправди“, да го врати „присвоеното“, „бугарското“ на Бугарија, „елинското“ на Грција. За тоа спроведе уставно деноминирање на Република Македонија и продолжува одмакедончувањето на нашето милениумско историско политичко културно минато. Под формулацијата за заедничко минато со бугарскиот народ (до крајот на 1944 година), истото се бугаризира. Следствено дека светите браќа Кирил и Методиј, Климент и Наум биле Бугари, средновековната македонска држава-Самоиловото царство било бугарско, сите наши преродбеници и револуционери биле Бугари, окупирањето на Македонија за време на балканските и двете светски војни, не било окупација, туку ослободување; Дека во Република Бугарија нема пирински дел од Македонија, нема Македонци, нема македонско национално малцинство. Со вториот договор Владата прифати дека приморскиот дел од Македонија секогаш бил и е грчки, дека немало и нема Македонци, дека нема македонско национално малцинство во грчката држава. Во двете владини комисии за спроведување на преземените обврски, по урнек на „Охридскиот рамковен договор“, има ангажирани историчари за да посведочат за историската релевантност на веќе прифатеното во потпишаните политички антимакедонски договори.

Во случајот во договорот со Бугарија тие треба да потврдат дека нашата наука ја „кралела“

историјата на бугарскиот народ. Во моментов се во застој нивните усогласувања за Гоце Делчев, дали бил и е Бугарин  или е споделена историска личност, но не Македонец.

Ние и денеска, спроти 148-та гдишнина од неговото раѓање, сме овде, на оваа научна трибина да го откриваме Гоце Делчев како личност кој одбележа епоха во поновата историја на Македонија, на македонскиот народ и на македонската нација, и да го определуваме неговото дело во перспектива на времето што претстои.

*

Георги-Гоце Делчев се родил на 4 февруари 1872 година во традиционално повеќедетно поимотно семејство[1] во Кукуш, во приморскиот дел на Македонија, на 35 км од Солун,[2] административен, политички, економски и културен центар на Македонија. Градче со компактно македонско население на крајот од XIX век,[3] значајно средиште на македонско преродбенско и црковно движење за автокефална црква.[4] Градче во кое имале одглас ослободителните борби од времето на македонските востанија (Разловечкото во 1876 и Кресненското во 1878 - 1879 год.) и повостаничките

[1] Од татко Никола  Делчев (од Кукуш)  и мајка Султана Нурџиева (од селото  Мурарци, Кукушко).
[2] Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев, I, Скопје, 1972, 53.
[3] Со 12 000 жители, од кои само 2оо турски семејства.
[4] Познатат  по Кукушка унија од 1874 година.

револуционерни појави до последната деценија на XIX век.[5]

Гоце Делчев основно образовно и прогимназија завршил во Кукуш. Во 1888 година образованието го продолжил во гимназијата „Св. Кирил и Методиј“ на Бугарската егзархија во Солун, во која се школувале ученици од сите краеви на Македонија. Меѓу првите ученици во гимназијата биле подоцна водечките македонски револуционери Пере Тошев[6] и Ѓорче Петров,[7] Даме Груев, Петар Поп Арсов и др. Во гимназијата меѓу учениците се ширеле револуционерни идеи и се кревале ученички бунтови.

Делчев дошол во Солунската гимназија да го продолжи образованието во почетокот на 1888 година, непосредно по големиот ученички бунт против спроведуваната бугаризација. Побунетите ученици барале настава на македонски народен јазик.[8] Поради тоа тие биле отстранети од гимназијата.[9]

---

[5] Повод да потсетиме за да не се заборава дека Кукуш, родно место на Делчев, градче без ниту едно евидентирано грчко семејство, во 1913 година, грчката армија при окупацијата на приморскиот дел на Македонија го разруши до темел, по што од градот останаа само урнатини. Петар Стојановски, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918),Скопје, 1969,209-210.

[6] Од Прилеп.

[7] Од Прилеп. Во 1885 година заедно со Пере Тошев учествувале во ученичкиот бунт, затоа и двај-цата биле исклучени од гимназијата.

[8] Барале „отфрлање на бугарскиот јазик и воведување на македонскиот “дијалект“ во наставата“. (Димитар Димески,Гоце Делчев, Битола,1988, 17).

[99] Меѓу нив Груев, Поп Арсов, Христо Поп Коцев, Димитар Мирчев и др.

Во таа средина Делчев се посветил на читање револуционерна литература и книги за историјата на Македонија (за македонските и сесловенски просветители Кирил и Методиј,[10] за Климент Охридски, за Александар Македонски, за македонските востанија 1876, 1878-1879 година). Активно учествувал во конспиративното револуционерно организирање, бил член на тајниот револуционерен кружок во гимназијата во 1889 година, а од есента 1890 година го презел раководењето со кружокот.[11] Во 1891 година (со група соученици од кружокот) образованието го продолжил во Бугарија, во Военото училиште во Софија.

Во време кога во Софија се појавила Младата македонска дружина (со Коста Шахов,[12] Петар Поп Арсов,[13] Иван Хаџи Николов,[14] Христо Поп Коцев,[15] Димитар Мирчев[16] и др.),[17] со свое гласило „Лоза", започнала со културнонационална дејност.[18] За јавно да се посведочи таквата дејност во името бил

---

[10] Во момент кога некој ученик во гимназијата се искажал со потсмев, Делчев жестоко реагирал, го предупредил со сборовите: „Овчја главо, запомни, пред оние на кои им ја должиш можноста да напишеш до своето име човек, треба да ја симнеш капата и кога псуеш!" (П. К. Јаворов, Гоце Делчев, София, 1972, 20).

[11] К(онстантин) Кондовъ (од Прилеп), Гоце Делчевъ и другарите му, сб. Илинденъ, София, 1926, 139-140.

[12] Од Охрид.

[13] Од. с. Богомила, Велешко.

[14] Од Кукуш, приморски дел на Македонија.

[15] Од Ново Село, Штипско.

[16] Од Прилеп.

[17] Од 1890/1891 година .

[18] Уставот и Правилникт на Младата македонска дружина од 1894 година, Историја, Скопј, 1995/1996, бр. 1-4,75-81

додаден зборот „книжовна“. Започнала и конспиративна револуционерна дејност за реали зирање на идејата за „револуционерен отпор“.[19] Во почетокот на 1892 година во своето гласило „Лоза“ ги објавила програмските принципи, дека ќе се ангажира за обединување на силите за дејствување за спротивставување на дејствувањето на пропагандите од соседните држави во Македонија за одбрана на татковината од поделба.[20] Дружината брзо била растурена од бугарските власти,[21] по што дел од нив (Петар Поп Арсов, Иван Хаџи Николов, а претходно Дамјан Груев, организаторот на Македонско студентско друштво) се вратиле во Македонија, за да организираат конспиративна револуционерна дејност.

Тие во Солун се организирале како интелектуална конспиративна група и договориле создавање револуционерна организација која ќе го организира, подготви и поведе македонскиот народ во оружена борба за автономија на Македонија. Во

---

[19] П. П. Арсовъ, Произходотъ на революционното движение в Македония, Бюлетинъ, София, 19 VII 1919, 3.

[20] „Само еден силен отпор од наша страна може да нѐ зачува од грабливите посегања. ... За тоа нам ни се потребни сили, а нашите сили се разнишани, раздробени. Треба да се обединиме, да ги собереме во една општа, моќна сила-народна сила, ако сакаме да ја зачуваме иднината на нашата татковина. Тое треба да биде стремеж на секој чувствителен Македонец, каде и да се наоѓа тој“. (Програмски принципи на Младата македонска книжевна дружина, Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, 1, Скопје, 1981,299).

[21] Во 1894 година Младата македонска дружина ја обновила културнонационалната дејност. Дејноста била регулиирана со Устав и Правилник. (Михајло Миноски , Уставот и Правилникот на Младата македонска дружина.., 75-81).

средината на 1902 година ги договориле основните начела врз кои ќе се создава конспиративна револуционерна организација. Кога требало да се започне со релаизирање на договореното, се поставило прашањето за личноста која ќе предводи. Иван Хаџи Николов бил задолжен за тоа и отпатувал во Софија за да се советува со Коста Шахов, докажан македонски деец. [22] Во јули 1902 година Хаџи Николов се состанал со Шахов кој се изјаснил категорично дека единствената личност за тоа бил Гоце Делчев. На Делчев му биле претставени целта и договорените начела за планираната македонска тајна револуционерна организација:

1. Организацијата да се основа во Македонија, 2. Основачите да се (само) Македонци, да живеат во Македонија, со народот да ги споделуваат тешкотиите и опасностите, да се чесни и авторитетни, да му влеваат доверба. 3. Организацијата да биде тајна, самостојна и независна. 4. Да се прифати од македонската емиграција во Бугарија и од Бугари материјална помош и морална поддршка без мешање во работита на организацијата. 5. Цел на дејствувањето - автономија на Македонија, согласно чл.23 од Берлинскиот договор на европските Големи сили и Османлиската држава на што таа се обврзала со потпишувањето на договорот. Основа за

[22] Публицист и новинар, уредник на познатите македонски весници: „Македонија“, „Глас Маке-донски, „Борба“ и др.

легитимност на оружената ослободителна борба.[23] Делчев ги прифатил претставените начела и се обврзал по завршувањето на Военото училиште да се врати во Македонија.[24]

Во Военото училиште Делчев се присоединил на соучениците во конспиративниот кружок, читал актуелни изданија и социјалистичка литература, ги следел случувањата преку печатот, активноста на организирани интелектуални групи, меѓу кои и со македонските социјалисти (МСРГ) и поединци, посебно со Коста Шахов. Но, останал посветен на завршување на училиштето, решен потоа да се откаже од воената служба, да се врати во Македонија за да се посвети на револуционерното ослободително дело.

Во јуни 1894 година Делчев го завршил последниот клас во Военото училиште, но не бил произведен во офицер,[25] обвинет за ширење социјалистичка пропаганда во училиштето. Со наредба од Военото училиште од 6 октомври (24 септември ст.с.)[26] Гоце Делчев  бил исклучен од

---

[23] Михајло Миноски, Внатрешната Македонска револуционерна организација од основањето до Илинденското востание, Сто години ВМРО, Скопје, 1993,32.

[24] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за независна држава ,1, Скопје, 1981, 321-322.

[25] По завршните испити била донесена одлука да се одложи произведувањето во офицери за следната година за целата класа завршени питомци. Одлуката предизвикала остра реакција од питомците со анонимни писма со осуда упатени до воениот министер. За таквата постапка биле осумничени членови на кружокот, меѓу кои и Гоце Делчев.

[26] Заповед на Военото учили е,Nº 167/ 24 септември 1894, София. ЦВА В.Трново, ф. 1521, оп. 1, а.е.47.

училиштето. Со тоа само било забрзано неговото враќање во Македонија за да се посвети на револуционерна дејност. Со стекнатото воено образование и револуционерно искуство да работи за ослободување на татковината, да го исполни и ветувањето дадено на Иван Хаџи Николов (во 1892 година).

На почетокот од октомври, на неговото барање да биде назначен за учител, од Училишна управа во Штип бил известен дека бил примен за учител во училиштето во Ново Село.

Организацијата веќе била создадена од основоположниците: Дамјан Груев, др. Христо Татарчев,[27] Петар Поп Арсов, Иван Хаџи Николов, Христо Батанџиев,[28] и Андон Димитров,[29] на основачкиот состанок во Солун, на 4 ноември (23 октомври) претходната година. Во јануари 1904 година бил усвоен Уставот[30] со којшто било утврдено името: Македонска револуционерна организација (МРО)[31] и определена целта на Организацијата: борба за извојување автономија на Македонија. По усвојувањето на Уставот се

[27] Од Ресен.

[28] Од Гуменџе Ениџевардарско.

[29] Од с. Ај ватово, Солунско.

[30] Петар Поп Арсов го изработил нацртот на Уставот , по расправата, истиот бил усвоен. Ори-гинален текст сеуште не е откриен. Груев во своите спомени пишува дека шестемина заеднички изработиле „Правилник-Устав“. Даме Груев (Истражувања и материјал), Битола, 1981, 18.

[31] Прилог кон прашањето за името на Македонската револуционерна организација во почетниот период од нејзиното дејствување (1893-1896), Прилози на МАНУ, Скопје, 1996/XXVI , 2. 71-82.

конституирал Централниот комитет.[32] До летото Организацијата имала комитети во поголемите градови во внатрешноста. Во август се одржало советување во Ресен.[33] Организационата територија оперативно биле поделена на револуционерни окрузи: Солунски, Битолски и Скопски, со окружни комитети[34] освен за првиот, раководени од Централниот комитет.[35]

Пред крајот на октомври Делчев дошол во Штип да го заземе посакуваното учителско место. Тогаш за првпат се сретнал со Даме Груев, учител во истото училиште кој го запознал со состојбата во Македонија и во Организацијата. При тоа самиот Делчев изјавил дека се вратил во татковината за да му служи на својот народ, да се посвети на револуционерна дејност.[36]

Организацијата била ограничена во градовите. Делчев се посветил на нејзино масовизирање, на ширење на Организацијата во внатрешноста. За организирање на селското население со систематска

---

[32] Претседател Христо Татарчев, секретар-благајник Дамјан Груев.

[33] Од 28-31 (15-18) август 1894година.

[34] На Скопскиот револуционерен округ со седиште во Штип, кадешто организацијата била нај-силна.

[35] М. Миноски, Внатрешната револуционерна организацијата од основањето до Илинденското востание..,34-35. Оттогаш со така создадената легална политичковоена организација (со маке-донско име) раководеаа бугарски генерали и интелектуалци, со исклучок на еден краток период кога претседател на Врховниот комитет беше Борис Сарафов.

[36] Делчев: „*Дали може да има друго место за еден Македонец освен Македонија? Дали има народ понесреќен од македонскиот ? Дали има некаде пошироко поле за работа отколку во Маке-донија?*“ (Крум Христов, Гоце Делчев, Софи, 1955, 85; Д. Димески, Гоце Делчев, Скопје, 1992,61).

усна конспиративна револуционерна пропаганда во Штипско, а потоа и во другите реони. Со само нему својствена моќ да придобива за револуционерната ослободителна идеја, во Организацијата влегувале колективно цели села и формирал месни организации. Во почетокот на 1895 година во Виница веќе уредил таен прекуграничен канал. Во пролетта 1895 година отишол во Велес за лично да се запознае со состојбите во другите реони на Скопскиот револуционерен округ. Од Петар Поп Арсов бил информиран за општата состојба во Организацијата. Во Солун се состанал со претседателот Христо Татарчев.

Застојот во органнизационата дејнот бил евидентен. Од Солун отишол во Кукуш. Во Кукушко лично се ангажирал за ширење на организацијата, била собрана значителна парична помош со доброволни прилози.[37] При враќањето за Штип престојувал во Дојран, Гевгелија, Струмица и Радовиш кадешто тој ја продолжил агитацијата и формирал месни организации.[38]

Многу подобра била состојбата во Битолскиот револуционерен округ каде организацијата бележела подем, со дејноста на Пере Тошев[39] и Ѓорче Петров.[40] Се започнало со издавање на првите револуционерни хектографирани весници: „На

[37] Туше Делииванов, Спомени за Гоце Делчев.., София, 1981, 130-131.

[38] Д. Димески, Гоце Делчев.., 64.

[39] Михајло Миноски, Петар-Пере Тошев,Совеста на револуционерна Македонија, Скопје, 2013, 22-39.

[40] Михајло Миноски, Ѓорче Петров, Разумот на револуционерна Македонија, Скопје, 2014, 19-24.

Оружје!“[41], „Востаник“,[42] подоцна и „Бунтовник“[43] и др.

Создавањето на самостојно македонско револуционерно движење од владата на Бугарија и Бугарската егзархија било примено како закана за бугарското црковно училишно дело, следствено за бугарските претензии во Македонија. За да се спречи самостојниот развиток на Организацијата, во почетокот на 1895 година македонските емигрантски друштва во Бугарија биле поттикнати од владата[44] да се обединат. Во март било извршено обединувањето, избран раководен орган–Македонски комитет, со претседател Трајко Китанчев.[45] Организацијата била регистрирана кај властите како легална политичка организација во Бугарија.[46] Комитетот објавил дека ќе содејствува на ослободителното дело во Македонија, а со вистинска цел да дејствува во спроведувањето на бугарската државна политика.

---

[41] Во Битола, уредуван од Ѓорче Петров.

[42] Во Солун, издаван од  Даме Груев.

[43] Издаван од Ѓорче Петров во Софија во 1898 година.

[44] На д-р Константин Стоилов (1894-1899 год.). . Карајовов: „Сегашната бугарска влада е моралниот соучесник и поттикнувач на движењето“ (ВМОРО /1893-1919 г./, 109. Тајно писмо од ВМК до Централниот македонски револуционерен комитет во Солун од 10 јануари 1896 /28 декември 1895/ година).

[45] Макеонец по род, од с. Подмочани  Ресенско.

[46] „Со двоен карактер: таа е тајна и јавна, со главен центар Софија. Оттука  произлегува дека за успх на де-лото е потребно поголемиот дел од нашите акции да се покриени со мракот на тајноста“. (ВМОРО (1893-1919 Г.), 1, 1, 107. Тајно писмо од Врховниот македонски комитет до Централниот македонски револуционерен комитет во Солун, Софија, 10 јануари 1896 /28 декември 1895/ го-дина, потпишано од секретарот на Комитетот Т. Карајовов ).

Во организација навлегоа масовно офицери на бугарската армија,[47] интелектуалци и политичари по род Македонци[48] и Бугари.[49] Агитатори од

---

[47] Офицери: Борис Сарафов (од с. Либјахово, Неврокопско) претседател на ВК, потполк. Анастас Јанков (од с. Загоричани, Костурско), потполков. Стефан Николов (од Прилеп), Тодор Александров (од. Ново Село, Штипско). Јордан Венедиктов (д с. Бања, Разлошко), капет. Александар Протогеров (од Охрид), капет. Христо Саракинов (од Воден), капет. --(од Разлог) секретар на ВК, поруч. Владислав (Славчо) Ковачев (од Штип); поруч. Петар Дарвингов (од Кукуш),пор. Софрони Стојанов (од с. Цер, Кичевско).; морн. офицер Тодор Саев (од с. Белица, Разлошко) и др.

[48] Интелектуалци и политичари: Инж. Христо Станишев (од Кукуш) претседател на ВК, Андреј Љјапчев (од Ресен) економист, публицист, редактор на в-кот „Реформи“, политичар од Де-мократската партија, министер за трговија и земјоделие (1908-1910), за финансии (1910-1911), подоцна воен министер 1918-1919, преседател на влада (1926-1931); Павел Генадиев (од Битола) ,член на ВК и на Народнолибералната (стаболистичка) партија (претседател неговиот брат д-р, Никола Генадиев кој бил министер за правосудство, за трговија и земјодели и за надворешни работи). Јосиф Ковачев (од Штип), професор на Софискиот универзитет, главен секретар на Министерството за внатрешни работи, член на Државниот совет; д-рАлександар Радев (од Битола) правник, член на Врховниот комитет, бугарски политичар, министер за правосудство (1901-1902) и за просвета (1902-1903); Димитар Ризов (од Битола), публицист, новинар и дипломат: трговски агент во Скопје (1897-1899), претставник во Цетиње (1903-1905), во Белград (1903), Атина (1908), Рим (1908, 1910) и др. Симеон Радев (од Ресен) публицист, дипломат, член на ВК, подржувач и на ВМОРО (1901-1903).Тома Карајовев (од Скопје) редактор на весниците „Право“ и „Автономија“, потпретседател на ВК, претсерател на Бугарските конституциони клубови. Димитар Матов (од Велес) претседател на ВК. д-р Георги Паунчев (од Охрид) член и секретар на ВК. Илија Георгов (од Велес), правник, член на ВК и на Радикална партија; Наум Туфекчиев (од Ресен) подпретседател на ВК, трговец со оружје), Коне Самарџиев (од Прилеп), книжар,и печатар, член на Бугарското революционерно братство во Солуни др.

[49] Генерал Данаил Николаев, генер. Иван Цончев, капет. Љубомир Стојанчев; капетан Јурдан Стојанов, поручник Стојчо Гаруфалов, поруч. Иван Камбуров, поруч. Антон Бозуков и др.

Егзархијата во Македонија и групи оганизирани од Комитетот влезени од Бугарија за да го спречуваат самостојниот развитокот на македонското ослободителното дело. Пропагирале дека Македонија ќе биде ослободена од Бугарија со нејзината 200 илјадна армија.[50] Софискиот комитет уште во март 1895 година, веднаш по неговото формирање, започнал со уфрлување во Македонија и вооружени чети за изведување провокативни акции.[51] Објавил дека ќе дејствува за „автономија на Македонија".[52]

Во почетокот на јули Дамјан Груев отпатувал во Бугарија за да се регулираат односите. Го известил Софискиот комитет дека Организацијата нема да толерира во Македонија дејност на други организации, да престане со обидите на мешање во внатрешните работи. Летото починал Трајко Китанчев, а Комитет под раководство на потпретседателот Наум Туфекчиев[53] продолжил со уфрлувањето вооружени чети во граничниот (со Бугарија) североисточниот дел на Македонија.

Интелектуалци: Стојан Михајловски претседател на ВК, професор, поет, публицист, пратеник во бугарското собрание. Иван Гарванов член на Бугарското револуционерно братство (филијала на ВК) во Солун, претседател на ЦК на ВМОРО и др..

[50] Со таква мисија имал Коне Самарџиев (од Прилеп) во пролетта 1895 година (Ѓорче Петров, Спомени коресподенција, Скопје, 1984, 63).

[51] Со таква задача во Прилепско пристигнала вооружена чета предводена од некогашниот (од 1883 год.) прилепски војвода Димо, викан Дедото (Михајло Миноски, Петар-Пере Тошев, совеста на револуционерна Македонија, Скопје, 2013, 33).

[52] На истото место, 33.

[53] Од Ресен, познат трговец со оружје.

Османлиските власти ја зголемиле мобилноста на безбедносните сили.

Во август во Солун се состанале водечките личности Дамјан Груев, Гоце Делчев Пере Тошев и Иван Хаџи Николов на советување што требало да се преземе за да се запрат провокативните акциии и мешање на Софискиот комитет во внатрешните работи на Организацијата.[54] Есента вооружени чети на Комитетот предводени од офицери на бугарската армија извеле поголема оружена акција, при што бил нападнат и градот Мелник. Во Бугарија било објавено пропагандно дека Македонскиот комитет кренал „востание“, наречено „Мелничко востание“. Оружената акција била изведена со двојна цел: да се запре за подолго време зацврстување на Организацијата во тие реони и за заплашување на Централниот комитет дека ќе бидат преземани такви акции за провоцирање востанија во Македонија. Но, многу побитно било, „востанието“ да послужи на владата за решавањето на акутното внатрешно државно прашање на Бугарија - меѓународното признавање на кнезот Фердинанд.

Навлезените чети не биле прифатени (како што се очекувало) и немале поддршка од македонското население, освен во малкуте села под присила. Разбиени и прогонувани од османлиската војска четите се вратиле на територијата на Бугарија. Настрадало македонското население, тероризирано од војската и од властите. Во октомври пропаднал и обидот на поручникот Александар Чакаров[55], кој

---

[54] М. Миноски, Пере Тошев..,37.
[55] Македонец по род, од Штип.

влегол во Македонија и во Виница агитирал за кревање „востание“. Делчев предупредил на опасноста, барал да се спречуваат такви авантуристи на организационата територија.[56]

Македонската револуционерна организација се наоѓала во раната фаза на градење на организационата мрежа. Провокациите од Софискиот комитет биле примени како серозна закана. Затоа Гоце Делчев на враќање од Солун во Штип одново извршил инспекциска обиколка на Солунско, Кукушко, Гевгелиско и Дојранско.[57] До пред крајот на октомври 1895 година, за само една година, негова активна организациона дејност (за време на учителствувањето во Штип) била целосно изградена организациона мрежа насекаде во внатрешноста, по што веќе немало „ниту едно катче во Македонија“ што не било опфатено.[58] Во ноември

---

[56] Делчев: Пред неколку недели г. Чакаров се јавил со офицерска униформа (поручник на бугарската војска) во Виница со намера да прогласи внатрешно востание! ...Ослободувањето на Македонија лежи во внатрешното востание. Оној кој мисли дека Македонија ќе се ослободи поинаку, тој се лаже и себеси и другите. .. Ако востание можеше да се крвене со 1-40 души, Македонија одамна ќе беше слободна државичка“. ... Во Македонија се развива систематска агитација за едно општо внатрешно востание, којашто има земено големи размери и нема катче во Македонија што не е опфатено“. ( Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност.., 1, 325. Писмо од ѐделчев до Ефрем Каранов (од Кратово).

[57] Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев, 1, Скопје, 1972,134; Д. Димески, Гоце Делчев, 72.

[58] Делчев: „*Во Македонија се развива систематска агитација агитација што има земено гоеми размери. Нема ниту едно катче во Македонија што не е опфатено*“. Во врска со непримерната пропаганда на поручникот Чакаров Делчев пишувал: „*ослободувањето на Македонија се крие во внатрешно то востание. Кој мисли инаку да се ослободи Македонија, тој се лаже себеси и другите ги лаже*“. (Гоце

Делчев веќе бил во инспекција на пограничното подрчје Берово-Пехчево за да ја провери сигурноста на прекугранична врска со Дупница и Ќустендил.[59]

Во декември 1895 година во Софија се одржал Вториот вонреден конгрес на организацијата на емигрантските друштва во Бугарија на кој бил избран нов состав на Софискиот комитет со претседател Данаил Николаев, генерал на бугарската војска.[60]. Конгресот го задолжил генералот Николаев да формира  оперативен воен органгенералштаб од офицери на бугарската војска[61] за планирање и изведување оружени акции во Македонија[62] со средства од владата,[63] следствено од бугарската држава. Комитетот веднаш се преименува во Врховен македонски комитет.[64]

Со преименувањето, Врховниот македонски комитет објавил за јавноста, посебно за дипломатиите на европските Големи сили, дека во Македонија дејствува таен револуционерн комитет со комитети во внатрешноста на кои бил врховно легално раководство што  (ќе) ги изразувало и застапувало интересите на „бугарското“ население.

---

Делчев, Преписка. (Редакција Христо Андонов-Полјански,Скопје, 1972„ 9-14; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност.., 1, 324-328. Писмо на Гоце Делчев од Штип до Ефрем Каранов, претседател на Македонското емигрантско друштво во Ќустендил).

59 Хр. Андонов-Полјански, Гоце Делчев, 1, 136.

60 Воен министер на Бугарија (1886-1887 и 1907-1911 година.

61 Од резервниот состав и од офицерите учесници во оружената акција во Малничко претходната година.

62 ВМОРО (1893-1919 г./, 112.

63 На истото место, 111-112.

64 ВМОРО (1893-1919 г./,110.

А на Централниот комитет во Солун дека (ќе) го презема раководењето со Организација во Македонија. Борбата била објавена.

Пред крајот на декември 1895 година Централниот комитет одлучил Организацијата да се спротивстави. Го ополномоштил Гоце Делчев, како свој претставник, да оди во Бугарија, во Софија, таму да дејствува за спречување Врховниот комитет да се меша во внатрешните работи на Организацијата.[65] Во почетокот на јануари 1896 година Делчев веќе бил во Бугарија. Во Ќустендил и во Дупница извршил проверка на функционалноста и безбедноста на пунктовите, при тоа им назначил раководители.[66]

Во втората половина на јануари Централниот комитет се обратил со возвратно писмо до Врховниот комитет за да ја соопшти позицијата на Организацијата. Во писмото по, искажаното жалење за судирот со офицерите и за расцепот што настанал на последниот нивни конгрес, Централниот комитет нагласувал дека од Софискиот комитет како и од целата македонска емиграција во Бугарија очекувал само материјална помош и оружје за Организацијата, дека Организацијата продолжувала со дејноста согласно својата програма за организирање и „подготвување на народот“ за самостојна оружена борба за ослободување и автономна држава Македонија.[67]

---

[65] М. Миноски, ВМРО од основањето до Илинденското востание..,36.

[66] Никола Зографов ( од с. Ореовец, Велешко) на првиот, а Никола Малешевски (од Берово)на вториот пункт.

[67] Татарчев-Груев: „Ние продолжуваме да го подготвуваме народот во духот на нашата програма иостануваме согласни со сите кои ја споделуваат нашата девиза“. (М. Миноски, Прилог кон прашањето за

Во втората половина на февруари 1896 година Делчев престојувал во Софија за да го реши прашањето за набавка на оружје и муниција од и преку Бугарија, и нивно префрлување по каналите во Македонија,[68] потребно за создавање на подготвуваната воена организација на МРО. Имал средба со претседателот на Комитетот генералот Николаев. Му ја претставил Организацијата, нејзините цели и позиции, самостојноста и независноста на македонското ослободително дело, по што предупредил дека нема да дозволи мешање во внатрешните работи, посебно не Комитетот „да прави политика со Македонија“.[69] При тоа Делчев и лично се уверил колку сериозна опасност се закanувала од Врховниот комитет за македонското ослободително дело, за потребата да се засили дејноста и брзо надминување на идејните и институционалните слабостите, за зајакнување на

---

имеро на Македонската револуционерна организација во почетниот период од нејзиното дејствување (1893-1896), Прилози на МАНУXXVI, 2, Скопје, 1996, 76-78. Писмо од ЦК од 20 јануари 1896 год., до генералот Николаев претседател на Врх. М. комитет во Софија).

[68] Хр. Андонов-Полјански, Гоце Делчев,1982, 70.

[69] Делчев: „Ние, *знаете кои сме ние; селаните, македонското население, народот. Ние не правиме и не можеме да правиме полигтика, ниту да дозволиме други да прават политика со Македонија. Нашата борба за нас е живот или смрт. Ние не можеме да правиме политика, ниту пак ќе дозволиме на други да прават политика со Македонија. Нашата борба, тоа е за нас живот или смрт. Ние нема да дозволиме други да решаваат дали да живееeме или да умреме и кога.решаваат дали да живееме или да умреме и кога. Кога ќе се подигне востание , ќе реши народот. Нема да оставиме да ни командувате од овдека. ... Знајте ние не бараме по-кровители, уште помалку господари!*“ (Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност.., 1,329).

отпорноста на Организацијата. Се вратил во Македонија.

Врховниот комитет со арогантно срочено писмо од 2 април (20 март) 1896 година до претседателот на ЦК Христо Татарчев соопштувал дека Комитетот заседавал на 20 (7) март и донесол решение дека го превземал врховното раководство со Револуционерната организација во Македонија, дека само со негова одлука Организацијата можела да изведува акции, дека Комитетот бил единствено надлежен да одреди ден за кревање на востание, а ЦК безпоговорно да ги спроведува одлуките, како негов извршен орган. Наложувал брзо постапување затоа што подготвувал, во „поблиска иднина,“ да превзема „сериозни акции“.[70]

Според тоа Врховниот комитет барал ултимативно од ЦК да му го предаде раководењето со Македонската револуционерна организација или „војна“, борба до уништување.

Набргу потоа, во април, во Битола бил уапсен куририот на Организацијата Андон (Доне) Тошев Стојанов,[71] соработник и доверливо лице на Гоце Делчев, на влезот во градот, по откривањето бомби

---

[70] ВМОРО (1893-1919 г.), I,1, Софи, 2007, 121-122., Писмото објавено без потпис. На 22 март следувало ново писмо до претседателот на ЦК ,потпишано од секретарот на ВК Тома Карајовоев, со кое ВК настапил како наредбодавен. Го известувал дека Комитетот изработил „Белешки за реформи во Македонија“, истите ги испраќал во прилог, дека истите биле претставени на „некои видни политички личности “ во Бугарија за да превземеле дипломатска акција, а доколку не се добиел посакуван резултат, Комитетот се заканувал да „други средства“. Го задолжувал ЦК истите да ги испрати на „потчинетите комитети“. (На истото место, 122-123).

[71] Од Штип.

во товарот. Се активирале безбедносните служби, полицијата превзела опсежна истрага. За апсењето во Битола Делчев разбрал во с. Виница, тргнат за Ќустендил, се вратил во Штип. Властите го уапсиле, па во недостиг на докази за замешаност бил ослободен.

На Организацијата ѝ преостанувало да се реорганизира и да се подготви за најавените акции на Софискиот Комитет. Се наложило брзо одржување конгрес на Организацијата за да се донесат потребните одлуки за да се преземат потребните долгорочни мерки за одбрана на самостојноста и независноста. Летото 1896 година заседавал (во Солун) Конгресот, со учество на членовите на ЦК[72] и делегати.[73] Учествувал и Гоце Делчев (во својство на делегат од Штип) и имал видна улога. Конгресот ги усвоил решенијата по прашањата од организационен карактер,[74] но и за одосот спрема софискиот Врховен

---

[72] Христо Татарчев, Дамјан Груев, Иван Хаџи Николов, Антон Димитров, и Ѓорче Петров

[73] Делчев, Пере Тошев (делегат од Битола), Петар Поп Арсов(делегат од Прилеп), Христо Матов (делегат од Скопје), Васил Думев (делегат од Велес), Кирил Прличев (делегат од Воден), Васил Калајчев (делегат ос Сер)и Христо Поп Коцев (делегат од Одрин).

[74] Во ситуација кога Организацијата ѝ претстоеше долгорочна оружена ослободителн борба против Османлиската држава, а во исто време и со пропагандите од Бугарија (Вргловниот комитет, Бу-гарското революционерно братство и Егзархијата, Грција и Србија кои иподготвуваа терен за-владување и поделба на Македонија, Конгресот одлучи да се вклучи и Одринско,чиешто словенско православно население се најдуваше во иста положба. После тоа го промен името на Орга-низацијата во Тајна македонско-одринска револуционернаорганизација (ТМОРО) и нова управна поделба. Место постоечките три се формирале седум револуционерни окрузи (Солунски, Би- толски, Скопски, Штипски, Струмички, Серски и Одрински. Подоцна Штипскиот округ бил укинат.

комитет како посебно сложено прашање. Комитетот бил поддржуван од владата, од сите други државни и политички фактори во Бугарија. Организацијата сметаше на помошта од македонската емиграција. И не само тоа. За отворен судир во тој момент не располагала со потребните сили и средства. Освен тоа, во таков случај Организацијата само би се исцрпувала, ќе се забавувал развитокот на ослободителното дело. И при сето тоа на Конгресот бил заземен единствен став за решително спротивставување на секоја акција преземана од територијата на Бугарија. Тоа можело да се постигне само со отворање на постојано претставништво на Организацијата во Софија, кадешто биле планирани такви акции.[75]

На Конгресот Делчев и Ѓорче Петров биле избрани во новиот состав на Централниот комитет[76] и биле задолжени да изработат нов Устав и Правилник, што ќе одговарат на потребите на веќе достигнатиот степен од развитокот на Организацијата.[77] До крајот на годината Уставот бил изработен. [78]

Со Уставот биле утврдени целта на дејствувањето („со револуција да се извојува потполна политичка автономија“ на Македонија и Одринско[79], внатрешното уредување и раководењето

---

[75] М. Миноски, Ѓорче Петров., 41.

[76] Во ЦК биле повторно избрани Христо Татарчев, Дамјан Груев, Иван Хаџи Николов и Андон Димитров.

[77] М. Миноски, Ѓорче Петров..,32.

[78] Устав на Тайюяната Македоно-Одринска Революционна Организация, (ИНИ, Одделение за до-кументација,Ин.бр. 10928/59).

[79] Устав, чл.1,

со органите, телата и институциите, како и симболите на Организацијата. Со Правилникот биле доразработини уставните одредби за надлежностите, правата и обврските на органите (окружните, околиските, градските и селските месни комитети, тајната полиција, вооружени чети) и институциите (тајната пошта), вооружувањето, финансиите, судството и казнената материја на веќе воспоставена организациона структура на целата територија на Македонија.

Во почетокот на јули 1896 година бугарската влада знаела дека Револуционерната организација подготвувала револуција во Македонија.[80] Токму тогаш, летото 1896, биле произведени и првите бомби во леарницата с.Дедино, Радовишко, отворена од Димитар Зографов (од Прилеп, телеграфист во Софија), кој бил обучен за тоа.[81]

Од септември 1896 година Гоце Делчев бил главен учител во Банско. Во Разлошко и во поширокиот регион продолжувала засилено врховистичката пропаганда, па било потребно функционално зајакнување на организацијата. Пред крајот на ноември Делчев се откажа од учителската служба за целосно да се посвети на оперативно раководење со Организацијата.

Организацијата се нашла во положба да превземе системски мерки за да одговори на акциите на Софискиот комитет, да спречи мешање во

---

[80] Претседателот на владата Стоилов во својот дневник: „*Им апочва за револуција во Македонија. Владата треба да ги држи конците*“. (Д-р Константин Стоилов, Дневник,II, София, 1896, 307).
[81] Спомени на Ѓорче Петров..,51 М. Миноски, Ѓорче Петров.., 36.

внатрешните работи. Централниот комитет одлучил Организацијата да ја спроведе одлуката на Конгресот да се отвори Задгранично претставништво на Организајата во Бугарија за да ја следи активноста на Комитетот во Софија и да превзема потребни мерки.

Во декември Делчев бил ополномоштен за задграничен претставник. Тој таквата дожност неофицијализирано ја извршувал во почетокот на годината, ополномоштен од ЦК. Со отворење претставништво во Бугарија, Оганизацијата ја демонстрира својата самостојност и независност.

Во јануари 1897 година Делчев веќе бил во Бугарија. Како задграничен претставник тој раководел со пограничните пунктови, извршил инспекција на пунктот во Ќустендил, одржувал врски со македонските емигрантски друштва за добивање материјални средства и поединци - кадри за македонското ослободително дело, организирал набавување на оружје, муниција и експлозиви, и нивно пренесување, односно преминување во Македонија преку тајните канали.

На барање од Делчев Централниот комитет го ополномоштил Ѓорче Петров за втор задграничен претставик во претставништвото во Бугарија.[82] Пред крајот на март и тој пристигнал во Софија, му се придружил на Делчев да ги заштитуваат интересите на Организацијата и истата „да ја претставуваат пред надворешниот свет“.[83] Тогаш Уставот на

[82] Александар Христов, Создавањето на Задграничното претставништво на ВМРО, Прилози за историјата на македонската политичка мисла (1878-1919), Скопје, 1982, 235.
[83] М. Миноски, Ѓорче Петров..,41..

Организацијата бил отпечатен, а потоа испратен во Македонија.[84]

Со браќата Иванови,[85] трговци со оружје, Делчев договорил Организацијата да добие поголемо количество од пушките „кримки“ исфрлени од употреба во бугарската армија. Претседателот на владата Константин Стоилов тоа лично го одобрил, со ветување дека ќе бидат дадени уште 3000 пушки и други 3000 од владата. Подоцна на Организацијата ѝ биле подарени од Иванови 4043 пушки „кримки“,[86] но без муниција, за бугарската влада „да ги држи конците“.[87] Истите биле пренесени преку тајните канали во Македонија. Предавањето на другите ветени пушки владата го условила, таа да определува каде ќе се распределувале.[88] Предавањето го запрела, и подготвувала апсење на Делчев и на Ѓорче Петров.[89] По предупредувањето од Централниот комитет, со писмо лично до претседателот Константин Стоилов, апсењето било откажано.[90]

Организацијата го зголемувала влијанието во црковно-училишните општини како единствени легални народни институции. Бугарската егзархија известувала во Софија дека Револуционерната

---

[84] Спомени на Ѓорче Петров.., 48. Ѓорче кажува дека откко тој пристигнал во Софија со Делчев Уставот го из-работиле, а тој го отпечатил

[85] Од Банско.

[86] М. Миноски, Ѓорче Петров.., 47.

[87] Стоилов во својот дневник: „*Им апочва за револуција во Македонија. Владата треба да ги држи конците*“. (Д-р Константин Стоилов, Дневник,II, 307).

[88] Спомени на Ѓорче.., 5.

[89] М. Миноски, Ѓорче Петров.., 48.

[90] М. Миноски, Ѓорче Петров.., 47-48.

организација станала нејзин „опасен враг", дека се заканувала „да го разурне егзархиското дело", барала да се отворат во Македонија бугарски претставништва.[91] Владата на Константин Стоилов и без тоа веќе одлучила да го преземе раководењето со бугарската пропаганда во Македонија за влијание врз Организацијата. Со таква намена во Македонија беа отворени (во Солун, Битола, Скопје, Сер) бугарски дипломатски агенции, официјално трговски агенции,[92] раководени (главно) од Македонци по род, докажани поддржувачи на големобугарската државна политика, членови и функционери на Врховниот комитет,[93] познати со раководителите на Организација за следење на нивната активност, за влијание и контрола за промена на карактерот ослободителното движење.[94]

Бугарската влада со комплетирањето на својата агентура во Македонија ја започна специјалната војна против Македонската револуционерна организација. По неуспехот на Врховниот комитет од Софија да го преземе раководењето со Организацијата било одлучено тоа да се изведе во Македонија. Во март 1897 година од егзархисти во Солун било формирано тајно Бугарско револуционерно братство под раководство на Иван

[91] Спомени на Ѓорче Петров, Скопје, 1950, 54

[92] Бугарија не беше вазално кнежевство и во Македонија можеше да отвора само трговски агенции.

[93] Како Димитар Ризов, Томо Карајовев, Никола Наумов и др.

[94] (М. Миноски, Ѓорче Петров..,36).

Гарванов.[95] За да биде прифатливо истото подоцна било преименувано во Револуционерно братство[96] со задача во Македонија да формира филијали[97] да предизвикува судири, да подготви состојба да бидат прифатени во Организацијата, одвнатре да го преземат раководењето. Дејствувало кординирано со владата и со Врховниот комитет.[98]

Во почетокот на мај 1897 година воениот министер генералот Рачо Петров му кажал на Ѓорче Петров дека Бугарија договарала со Србија[99] поделба на сферите на влијанија,[100] со што предупредил дека Организацијата ако не постапува според „советите“ од владата, Бугарија ќе договорела поделба на Македонија. Предупредувањето било примено.[101]

---

[95] Во раководството биле уште: Димитар Мирчев, Неделко (Делчо) Колушев, Јосиф Кондов, Христо Танчев, Анастас Наумов и Христо Ганов (М. Миноски, Пере Тошев..,47).

[96] Бугарин од Стара Загора.

[97] Создадени во Прилеп, во Кавадарци, во Велес и во Сер.

[98] Д. Димески, Гоце Делчев,..,99-100.

[99] Бугарија не договарала, туку потпишала со Србија во Софија, уште во февруари, тајна Спогодба за поделба на сферите на влијание во Македонија. (Македонија во билатералните и мулти-лаатерални договори на балканските држави, 1861-1913, Скопје,2000, 117-118).

[100] Ѓорче Петров останал вџашен од тоа што бугарскиот министер му открил таква државна тајна. Разумно објаснување нашол во тоа дека генералот тоа го кажал од невнимание. Ѓорче: „Рачо (Петров) се опушти да ми каже дека се воделе преговори за поделба на сфери на влијанија. Се гледа дека нè сметаа за деца, осмелувајќи се да ни зборуваат за такво нешто. Јас молчев, тоа беше систем, но овој и слични призраци ни вдахнаа увереност дека има опасност да се прават политички комбинации на наш грб и без наше знаење“.Спомени на Ѓорче Перов.., 58).

[101] Ѓорче: „Тоа не натера да бидеме уште попретпазливи и посамостојни во своите дејствија, да не даваме можност да се прават слични комбинации на сметка на Македонија“. (Спомени на Ѓорче Петров.., 58).

Потпишувањето на тајната бугарско-српска Спогодба,[102] не беше тајна, за тоа веќе пишувл весникот „Малешевски Балкан“ со остра осуда.[103]

[102] Во Софија, во февруари 1897 година. (Македонија во билатералните и мултилатерални договори на балканските држави, Скопје, 2000,, 117-118.

[103] „Бугарите и Србите требаше да го напуштат своето досегашно поведение, коешто е за осуда. ... Пред соблазната перспектива за нашето идно поробување од едната од нив, тие направија сојуз со цел да нè разделат како една несвесна маса, за да можат понатаму слободно да не експлоатираат. Нешто повеќе, тие направија и продолжуваат да прават на наша сметка престапи коишто, убаво нека запомнат, со најцрни бои ќе бидат предадени на идните поколенија од современиот историчар ... Тие го фрлија во нашита средина јабокото на расправии и без тоа нашите слаби сили и уште ја имаат дрскоста да нѝ се претставуваат за такви што ни го сакаат доброто! Тие го посејаа сред нас семето на расправии, признаа еди од нас за Срби, други за Бугари, инспирираа некои од нас да ги поддржуваат со своите агитации и нашите непријателски односи, и етети го нашиот најголем пораз. .. Една молба кон сите Македонци: не давајте пат на вештачки поддржуваните кај нас непристојни страсти, пред мислата за силата на нашиот непријател против кои има да се бориме. Да не правиме разлика меѓу нас со некакви Срби или Бугари, зошто сите пред сè друго сме Македонци“. („Малешевски Балкан“ , орган на македонските борци, I, 16, 1897, 1; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност..,335-336).



Чучков, Шапкарев и Делчев
септември 1902 година

Организацијата продолжила да се снабдува со оружје со сопствени средства.[104] Потребата за оружје и други борбени средства станувала сè поголема. Под непосредно раководство на Делчев во Осоговската Планина, во шумата до границата, кај с.Сабљар, Ќустендилско, во мај 1897 година била отворена тајна леарница за производство на бомби, наречена „фабрика" за бомби.[105]

За оперативното раководење со Организацијата било потребно негово целосно ангажирање на таа должност на организационата територија, постојано престојување во внатрешноста. Затоа со Ѓорче Петров извршиле поделба на нивните задолженија како задгранични претставници. Ѓорче презел обврска за надворешните односи, да ја заштитува Организацијата, а со тоа и македонското ослободително дело од нападите од Бугарија[106]

Гоце Делчев се посветил на „внатрешноста"; на непосредно раководење со Организацијата, нејзиното јакнење со револуционерни кадри, за раководни кадри во револуционерните окрузи и околии, кадри за четите, функционирањето на пограничните пунктови и безбедноста на тајните канали во внатрешноста на Македонија за

---

104 Безбедувано од членски вложувања, доброволни прилози,. Во втората фаза кога се зголемиле потребите и со воведување револуционерен данок. (Еден оригинален документ за дејноста на ВМРО. Соопштува Павле Митревски, Гласник на ИНИ, I, 2, Скопје, 1961, 279-280).

105 М. Миноски, Ѓорче Петров..,43.

106 Да следи политиката на владата и другите државни фактори спрема Македонија и македонското прашање, однесувањето на релеватните политичките партии, јавното мислење, пишувањето на печатот, активноста и акциите на Врховниот комитет и сл.

пренесување на оружјето и другите борбени средства и револуционерна литература, тајната пошта и др.

Есента 1897 година со Виничка провала[107] било откриено постоењето на тајната Македонска револуционерна организација во Скопскиот револуционерен округ, што ги изненадило властите на Османлиската држава. При спроведената истрага за откривање оружје, со масовните измачувања била разоткриена организационата мрежа. Раководните лица биле уапсени и осудени на тешки казни.[108]

Делчев дошол во округот, се движел меѓу населението да го охрабри и да ги воспостави раскинатите врски на организацијата.

Во 1898 година се зголемил бројот на вооружени чети, Организацијата се подготвувала за изведување „возвратни напади" на акциите на Софискиот комитет. Во мај за тоа известува секретарот на Бугарската трговска агенција во Битола Тома Карајовов и предлагал да се преземаат мерки за спречување на нивно формирање, за да се спречи јакнење на Организацијата. Владата тоа го одобрила и го задолжила Карајовов Агенцијата со

[107] За Виничката провала повеќе: М ихајло Миноски- Ѓорги, Стојчевски, Австриски документи за Виничката афера, Гласник на ИНИ, 2-3, Скопје, 1981; Александар Апостолов, Виничката афера, Виница, 1997 година; Македони я и Одринско 1893-1903. Мемоар на Вътрешната организация, София, 1904.

[108] М. Миноски, Прилог кон прашањето за положбата на македонските револуционери Петар Поп Арсов, Мише Развигоров и Ал. Коцев во злогласниот турски затвор Подрум-Кале, Гласник на ИНИ, 2, Скопје, 1976.

двојни напори да го спречува формирањето на „бугарски востанички чети“.[109]

Појавувањето на вооружените чети во реоните силно повлијае на моралот, особено кај селското население, кое најмногу страдаше од самоволиети на властите и тероризирањето и ограбувањето од албански банди. Охрабрено населението и самото се вооружуваше решено да се бори.

Бугарското револуционерно братство изолирано се покажало немоќно да ја изврши поставената задача. Затоа било одлучено да се примени резервниот план Б, за етапно преземање на Организацијата. Врховниот комитет под претседателство на Борис Сарафов,[110] испратил свој претставник во Солун кај Централниот комитет да посредува за „помирување“ меѓу Братството и Организацијата (договорено со владата[111]) со ветување дека Братството ќе го запрело натамошното

---

[109] Теодоров (вршителот на работите министер за надворешни работи): „За попречување на секој стремеж за формирање на бугарски востанички чети.., Ви препорачувам не само да продолжите, туку и двојно да ги зголемите , ако е тоа можно, вашите усилби за постигнување на целта“. (Писмо од 4 јуни (22 мај) 1898 година, Величко Георгиев-Стойко Трифонов, Македония и Тракия во боба за свобода.., нови документи, София, 1995, 23).

[110] Избран на Шестиот вонреден конгрес одржан од 1-5 мај 1899 година. Според сведоштвото на Ѓорче Петров тој со Делчев битно повлијаеле за неговиот избор како Македонец по род. Секако по претходно дадени ветувања од Сарафов за односите со Организацијата. Ѓорче: „Ние го уредивме Сарафовиот комитет, тој беше наш продукт“. (Спомени на Ѓорче..,78).

[111] На барање од воениот министер-генералот Раачо Петров и и министерот за внатрешни работи Васил Радославов, во Софија бил повикан Иван Гарванов за во Врховниот комитет да го договорат посредување на Комитетот за „помирување“. (Р. Псков, Борис Сарафов 1872-1907, София, 1983, 77).

дејствување, по постигнувањето договор за обединување на „двете организации“. Во Солун отпатувал поручникот Иван Камбуров, посредникот на ВК. Централниот комитет за да се запрело натамошното дејствување на Братството на организационата територија, без да ја согледа вистинската цел и без да побара мислење и согласност од Делчев и Ѓорче Петров (членови на ЦК), прифатил спогодување. Братството се самораспуштило, неговите биле примени во Организацијата со формално полагање заклетва. На 16 септември 1899 година Христо Татарчев, Иван Гарванов и посредникот Камбуров потпишале Протокол, по што во ЦК бил кооптиран Јосиф Кондов, а Иван Гарванов во Окружниот комитет во Солун.[112] Превид на ЦК што се покажа фатален за Организацијата[113] и за македонското ослободително дело.[114]

Во октомври 1899 година окрузите добиле од Централниот комитет директива и Упатство со 14 одредби за формирање на постојани вооружени чети, согласно уставна обврска секој од окружните и од околиските комитети да имаат на располагање мобилна, односно мобилни чети, со задачи

[112] М. Миноски, Ѓорче Петров..,71-73.

[113] Иван Гарванов, незадоволен што тој не бил примен во Централниот комитет, а и по директиви од Софија, во содејство со Егзархијата,продолжил со членовите од неговото Братство тајно да дејствува против Организација одвнатре. Од поранешните приврзаници во внатрешноста биле формирани фракционерски комитети, од внатрешни врховисти. (М. Миноски, Ѓорче Петров..,74).

[114] За Ѓорче Петров нивното влегување во Организацијата, претставувало „втерување на волкот в тр-ло“.(Спомени на Ѓорче, 107).

пропишани со посебен Правилник.[115] Со тоа започна создавање на оружените сили на Организацијата под раководство на Гоце Делчев.[116] До крајот на годината и во 1900 година на организационата територија биле основани, под непосредно раководство на Делчев, првите воени школи[117] за командни кадри за четите на Организацијата.

Летото во Организацијата биле примени како организирана група македонските револуционери социјалисти.[118]

Со двата претходно спомената акти останале не регулирани многу прашања за воената организација, посебно прашањето за унифицирање на организирањето и дејствувањето на четите, па Гоце Делчев (со учество на Ѓорче Петров) изработи посебен Правилник за четите.[119] Со Правилникот[120]

---

[115] Устав, чл.11: „Секој околиски револуционерен реон си има своја чета, со задачи на кои се определува со посебен Правилник".

[116] Ванчо Стојчев, Воена историја на Македонија, Скопје,2000, 408.

[117] В. Стојчев, Воена историја..,408.

[118] За тоа повеќе кај Крсте Битоски,Околу прашањето за вклучување на на македонските социјалисти воМакедонската револуционерна организација, Прилози за Илинден 1876/1877, Крушево, 1978, 199-208.

[119] Т.Петров – Б. Николов, Новооткрити правилници за четите на ВМОРО, изработени преди 1901 година, Исторически преглед, 3, Софи, 1988-71-84: М. Миноски, Ѓорче Петров, 76.

[120] Правилник за четите на Таната Македоно-Одринска Рев. Организаци (ДАРМ, М.320; Пра-вилник за формирање тајни чети во трите вилаети (Документи од Виенската архива за Македонија (Ред. Томо Томоски), Скопје, 1955, 90-111). Со правилнокот беа утврдени задачите на четите:

1. Револуционернопропагандни и организациски: да ја шири револусонерната идеја и да ја обаснува целта на револуционерната борба, да формира месни организации во населените места кадешто немало такви, да организира избори за управниите тела.

била утврдена организацијата, раководењето и намената на четите, се создавала единствена мобилна оружена сила - армија на Организацијата раководена од Гоце Делчев, со должност врховен инспектор.[121] Со тоа Организацијата прераснала во масовна револуционерна организација (народно ослободително двжење на Македонија, со раководен центар во Солун), способна да го заштитува својот суверенитет на организационата територија.[122] Така била докомплетирана проектираната од Делчев национална македонската државотворна програма. Следуваше операционализацијата на стратегија за долгорочна оружена борба за ослободување[123] и

---

2. Егзекутивни задачи: да го заштитува суверенитетот на организационата територија од вооружени групи и чети. Да ги разоружува и протерува од организационата територија.

3. Воени задачи: да го организира и да го помага месното население за самовооружување; да го обезбедува пренесувањето на оружето и другите борбени средства, да врши нивна рас-пределба и да го контролира нивното одржување, да спроведува редовна воена обука за членовите на Организацијата и обуга на борбеноспособното население за ракување со оружје, одржување воена дисциплина. Во воени услови, при востание , први да го кренат востаничкото знаме и да бидат ударната сила на востаничките единици, да го јакнат борбениот морал на востаничките борци во најтешките моменти за времен на борбите. Секој припадника на чета беше должен да биде пример, „образец за вистински народрн борец за слободата на таковината“.

[121] М. Миноски; Ѓорче Петров, 76.

[122] М. Миноски, ВМРО од основање..,42-45.

[123] Заснована на реалноста за внагрешната ситуација и меѓународната констелација, кога сите големи сили беа единствени за зачувување на статус-квото на Балканот, следствено одржување на територијалниот интегритет на Османлиската држава, а соседните балкански држави Бугарија, Грција и Србија настапуваа сè поагресивно за создавање во Македонија на свери на свои интереси и подготвуваа нејзина поделба,

создавање автономна (самостојна) држава Македонија. Стратегија со којашто се постигна Организацијата, со своите органи, со моќ на тајна држава во државата, да ги исцрпува силите на Османлиската држава западната во длабока економска и политичка криза, систематски да ја презема власта од нејзините органи, народот да го заштитува и да го подготви за слободен живот. Со така подготвен и вооружен народ со револуција да се извојува, при поволна меѓународна констелација, слобода и самостојна државност.

Делчев ја создал воената организација, го организираше воружувањето[124] и опремувањето на четите, а потоа и на народот. Летото 1900 година изврши инспекција во Струмичкиот револуционерен округ, а есента на организационата територија, во источниот, централниот и во западниот дел на Македонија.[125] Во почетокот на 1901 година бил во Горноџумајскиот револуционерен реон.[126]

Организацијата со постигнатиот степен на организираност и подготвеност, со решеноста да се бори со сопствени сили на организираниот народ со

---

само со една таква стратегија можеше да се смета на успех на ослободително дело.

[124] Оружјето, експлозивите и другите борбени средства беа набавувани (купувани) од европските држави и пренесувани во Македонија преку тајните канали.на Организацијата. Во земјата беа организирани тајни работилници во с. Дедино (Радовишко), во с. Смрдеш (Костурско), како и во крајграничното с. Сабљар (Кустендилско) во Бугарија, за производство на куршуми, бомби и други експозивни направи. Во повеќе градови во Македонија имаш работилници за поправка на оручје, за изработа на опрема и облека.

[125] Хр. Андонов-Полјански, Гоце Делчев, Скопје, 1982, 71.

[126] На истото место, 72.

веќе развиена свест за своите интереси и кој посакувал своја самостојна држава, станала реален независен фактор во Македонија, што силно ги вознемирило бугарската влада и кнезот. Натамошното нејзино јакнење требало да се спречува и спречи со сите средства.

Врховниот комитет во почетокот на 1901 година ги вршел завршните подготовки за акција со офицерите за преземање на раководењето со Организацијата. По добро подготвената и суптилно изведена провала на Централниот комитет.[127] Извршена со уфрлениот незабележителен Милан Михалов (човек на Сарафов, претходно на служба во Врховниот комитет), кој извршувал административни работи во Централниот комитет.[128] Властите спровеле апсења, биле уасени и затворени членовите на ЦК. Иван Хаџи Николов (кој бил придобиен од капетанот Софрониј Стојанов[129] за време на неговиот престој во Солун) пред и тој да биде уапсен, „во момент на малодушност," целата документација на ЦК (архивата, шифрите, адресите за коресподенција и други материјали), како и веќе подготвените бланко полномоштва ги заверил со печат на ЦК и му ги предал на Иван Гарванов за да

---

[127] М. Пандевски: „Извршена од емисари на Б. Сарафов". (Манол Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903 година, Скопје, 1978, 112. Според Магдермот: „Виновник за тоа бил еден човек (Милан Михајлов-б.н) кој пред тоа бил службеник на Врховниот комитет во Софија. ... Тој бил уапсен ина Турците им дал целосни сведенија за членовите на ЦК (М. Магдермот, За свобода.., 57-58, бел. 21).

[128] М. Миноски Ѓорче Петров..,90.

[129] За тоа повеќе М. Миноски, Ѓорче Петров..,88-89.

ги испрати на Врховниот комитет во Софија. Само така Сарафов со офицерите можеле да влезат на организационата територија, во Солун „да ги заменат уапсените членови на ЦК".[130] Основано може да се смета дека тоа било.[131]

Гарванов пет бланко полномоштва со печат на ЦК испратил во Софија на Врховниот комитет,[132] а архивата со печатите на ЦК ги задржал и со тоа тој го презел раководењето со централизираната Организација. Веднаш после тоа Иван Гарванов со Димитар Мирчев и Спас Мартинов[133] (поранешни раководители на Бугарското револуционерно братство) се самопрогласиле за Централен комитет на Организацијата, додека Делчев се наоѓал во внатрешноста за да спречи растројство во Организацијата.

Делчев презел брзи мерки за да продолжи функционирањето на Организацијата без застој. Со шифрирано писмо ги известил окружните комитети за затворањето на членовите на ЦК и ги задолжил привремено да продолжат со дејноста самостојно,

---

[130] Спомени на Ѓорче.., 107.

[131] Според Манол пандевски тоа било договорено од Иван Хаџи Николов со Матов и Татарчев „по првите апсења". (М. Пандевски, Илинденското востание..,114).

[132] Гарванов: „На втората средба, кај воденицата на Латини, решивме да испратим на ВК во Софија пет бланка со печат за да им послужат како полномоштва на офицерите кои требаше да влезат во земјата за инструктори". (Изъ македонското революционно движение.., 2; М. Миноски, Ѓорче Петров.., 93, бел.539).

[133] Од Битола.

согласно програмата, до нова директива.[134] Организацијата била спасена од поголеми потреси.[135]

Сарафов во договор со Цончев бил подготвен со офицерите да го преземе раководењето со Организацијата. На нивното собрание биле повикани Делчев и Ѓорче Петров (задграничните претставници и членови на ЦК) за согласност двајца офицери да влезеле во ЦК, а 14-16 офицери во окружните раководства. Изјавиле дека организираното (селско)

---

[134] Ахил (Делчев , до окружните комитети): „Централниот комитет е речиси целиот окован во вериги. Го-лемо растројство има таму (во Солун). Привремено секн реонда дејствува на своја одговорност, без да се оддалечува од основната програма, подоцна ќе добиете окружно со коешто ќе ви се даде поцелосно осветлување на сегашната положба на работите“. (Гоце Делчев.., преписка. 110).

[135] Останува отворено прашањето зошто Делчев со Ѓорче Петров не спроведоа избор на Централен комитет, туку го толерирале самопрогласениот Централен комитет на Иван Гарванов. Спорд Ѓорче Петров за тоа се застапиле Матов, Татарчев и Хаџи Николов кои „го наговориле Дамета (во затвор) да му се предаде ЦК на Гарвнов и го задолжиле да ми пиши да ме убеди да го признаам Гарванов. „Јас добив (во офија-ММ) такво писмо од Дамета во кое ми препорачуваше да бидам малку поотстаплив спрема Цончевистите, зошто после овие затворања, после оваа афера не ќе можеме да се бориме со нив, дека овие можат да аја разрушат Организацијата ако ја нападнат сега, кога ќе го признаеме Гарванов ќе омекне, ќе го обезоружиме да престане да се бори со нас.Затоа да сум го признаел Гарванов. ... Јас го разбрав само тос оти Груев паднал со духот.., дека се плашат од ВК тука и од Гарванов внатре, и уште, дека тој свикнал веќе со мислата дека брзо ќе се дигне востание. Имаше веќе умствен и морален упадок кај Дамета. Причина за оваа појава се закоренетиот во него и во неговите другари поим дека во ЦК лежи сета сила на Организацијата,а не во нејзините единиц; ооколиските комитети и разните војводи и дејци во местата. Мтов и др. Тие си ја претставуваа организацијата како мрежа која., штом ќе се раскине по среде, ќе се растури – државнички пои. ...Јас гледав инаку, не ѝ го давав то значење на централизацијата.“ (Спомени на Ѓорче..., 107-108).

население било неспособно да се бори[136] со моќната османлиска војска, па тие офицери требало да го преземат раководењето во окрузите, да подготват состојба за „оружените сили што ќе навлезеле од Бугарија[137] под команда на генералмајорот Иван Цончев.[138] Соопштиле дека за тоа имале полномоштва од Солун за Врховниот комитет и предлог за формирање подвижен Централен комитет раководен од Сарафов во кој да влезел и Гоце Делчев. Одговорот на Делчев бил дека не ги признавал „тие работи.“[139] Со Ѓорче остро се спротивставиле, со предупредување дека на секој обид Организацијата ќе одговорела со својата оружена сила.[140] Влегувањето на офицерите било откажано.[141]

---

[136] Ѓорче Петров: „Населението внатре го сметаа за невредно, неспособно да се бори, како што мислеше и стариот ВК“. (Спомени на Ѓорче..,93).

[137] М. Магдермот: „Во Врховниот комитет тоа прашање било разгледано од дваесетина офицери меѓу нив Сарафов и Цончев, тајно, без знаење на претставниците бна Внатрешната организација. Договориле Македонија да биде поделена на 14 реони, секој под команда на офицер, а Цончев да мобилизира доброволци од составот на резервните офицери“. (М. Магдемот, За свобода и съвр-шенство.., София , 1987, 53).

[138] Р. Пасков, Борис Сарафов,.. 96.

[139] Сарафов: „Тој (Делчев) велеше дека не ги признава тие работи, тоа решение на Солунскиот комитет, што било донесено во момент на на неговото апсење. И навистина оние во Солун си помислиле дека пропаѓа сè кога ќе ги уапсат. Тие нѝ предлагаа да формираме еден подвижен ЦК, во чиј состав да бидам јас, Делчев и Ефрем Чучков“ (Спомени на И.Х. Николов ... Б. Сарафов..,150).

[140] Ѓорче; „Ние отворено им кажавме дека оти сме ја разбрале тенденцијата, не го примаме тоа, ќе се бориме“. (Спомени наЃорче..,93).

Делчев: *Нема да допуштам офицер во Организацијата и во Комитетот (ЦК). Ако на чело застане Цончев и вие заминете во*

Делчев и Ѓорче Петров (од позиција на легални членови на ЦК) привремено ја презеле неговата улога. Со циркуларно писмо ги известиле окружните комитети дека ја преземаат надлежностите на Централниот комитет и ги задолжувале сите комитети на Организацијата (окружните, околиските, селските комитети) и војводите на четите за мобилност, да превземат мерки за одбрана: да спречуваат влегување на чета или чети во нивниот реон, а ако влезат да ги разоружаат доколку немале писмено одобрување потпишано од нив двајца; да немаат доверба и да ги спречуваат лицата испраќани од Врховниот комитет да вршат пропаганда на организационата територија; да ги прекинат сите врски со Врховниот комитет и со „неговите агенти" крај границата; да осигураат куририте и пограничните работници строго да ја чуваат тајноста на внатрешните работи на Организацијата.[142]

И во таква состојба Организацијат била подготвена да спречи поголема провокација со навлегување на вооружени чети на Врховниот комитет.

---

*Македонија, ќе ве пречекаат бајонетите на Ор-ганизацијата".* (Спомени наИ. Х. Николов .., Борис Сарафов.., Скопје, 1995, 150).

Делчев (споре Димо Хаџи Димов): *„Додека моето рамо крепи пушка, Македонија е не-достапна за бугарски офицер".* (Димо Хаџи Димов, Одбрани дела, Скопје, 1984, 206).

[141] Сарафов: „Бидејќи Делчвв се спротивставуваше на тоа и постоеше такво расположение (тогаш под негово раковоство беа четите, тој беше назначен за инспектор на четите), од тоа не беше ништо". (Спомени на И. Х. Николов.., Б. Сарафов.., 150).

[142]Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност..,1,352-353.

Врховниот комитет, избран на вонредниот IX конгрес летото 1901 година во состав Стојан Михајловски претседател, генералот Иван Цончев (човек на кнезот Фердинанд и на владата на Стојан Данев) и потполковникот Стефан Николов – секретар, раководен од генералот Цончев, ги задолжил друштвата да обезбедат средства за опремување чети за влегување во Македонија. Арогантно изјавувал дека не признавал никаква Внатрешна организација.[143] Иван Гарванов, приврзаник на генералот Цончев, бил повикан во Софија за да договорат кревање востание. Гарванов и самиот сакал да се крене востание, но само додека тој бил претседател на Централниот комитет за „да ја има историската заслуга“ за кревање на востанието, да се претстави во Бугарија како водач на Организацијата.[144]

Во август Делчев се вратил во Македонија во инспекција на органите и телата на Организацијата и состојбата на оружените сили. Гарванов ги разрешил Делчев и Ѓорче Петров од должноста задгранични претставници, а ги назначил Петар (Туше) Делииванов[145] и Димитар Стефанов.[146] Тие поради подготвуваните вооружените акции против Организацијата, во декември 1901 година, со писмо го известиле претседателот на Врховниот комитетот

[143] М. Миноски, Ѓорче Петров.., 109,
[144] Ѓорче: „Гарванов беше славољубив, да има востание во Македонија додека тој е на чело на ЦК“. (Спомени на Ѓорче, 122).
[145] Од Кукуш.
[146] Од Караагач, Болградско.

дека Организацијата од 21 (8) декември ги прекинала врските.[147]

Во почетокот на 1902 година продолжило навлегување на вооружените чети и пропагандисти на Софискиот комитет во граничните реони, толерирано од Централниот комитет на Иван Гарванов. Во февруари реонските раководства добиле од Делчев (и Ѓорче Петров) и од Централниот комитет во Солун спротивставени инструкции за нивно постапување, што довело до забуна и привремен застој. Од Делчев било барано да ги посети реоните за средување на работите.[148]

За надминување на таа неодредена состојба во системот на раководењето Делчев (со Ѓорче Петров) веќе го преработиле Уставот и изработиле нов Правилник за четите.[149] Тие биле отпечатени и биле дистрибуирани за постапување по истите.

Во средината на јануари 1902 година Делчев бил во инспекциска обиколка на Битолскиот револуционерен округ. Тој во својство на врховен воен инспектор раководел со единиците на

---

[147] Из архивата баГоце Делчев .., Софи, 2003.532,534-535.

[148] Раководителот на Струмичкиот револуционерен округ Георги Варналиев-Македонски до Делчев (во Костурско): „Од моево писмо кога ќе го добиете ќе видите дека има потреба да нè посетите за да го потсредите нашиов реон“. (Из архивата на Гоце Делчев..,69).

[149] Во Сересkиот револуционерен округ бидејќи Правилникот за четите не бил добиен,а потребите налагале измени во постоечкиот Правилник за четите од 1900 година, Сандански изработил проект Устав за четите во округот. (Т. Петров, Нелегалната армия на ТМОРО в Македония и Одринско 1899-1908, Софи, 1993, 11; В. Стојчев, Воена историја..,409).

вооружените сили (четите)[150] преземал инспекциски обиколки на окрузите и реоните придружуван од посебна единица-„ревизорска чета“ или од реонска чета во рените во кои се движел. Одржува советувања со командниот состав, вршел распределувања и прераспределувања на војводите и на четите по реони, примал извештаи, издавал инструкции и др. Османлиските власти немоќни да го откријат неговото движење, објавија парична награда[151] за неговата глава.

Во четите се спроведувала редовна воена обука: основна обука за ракување со оружјето и другите борбени средства, и напредна обука - тактички вежби за извршување на нападни и одбрамбени борбени дејства во различни временски и терени услови со надмоќни непријателски сили. Според Делчевата стратегија за долготрајна борба за идеалот за слобода и самостојна држава Македонија, идеал којшто ќе го следеле генерациите што доаѓале борците (комитите), биле решени да го следат својот веќе легендарен водач во борба под востаничко македонско знаме,[152] до последниот куршум, последната бомба,[153] да го исполнат заветот за

---

[150] Нормативно беше уреден нивниот состав : постојани чети (реонски, градски, селски, нивната улога, намена и задачи), чети за посебна намена „ревизорски“ односно инспекциски чети и селска милиција, активирана по потреба (од месниот комитет).

[151] Од 500, а според други податоци од 1000 турски лири.

[152] Во народната револуционерна песна за Делчев :„Малино моме“ : ...да идиш в гора зелена да посрешниш Дело војвода, да го видиш как ' си носи, как' си носи знаме македонско и на знаме пиши: Смрт или слобода“. (Бл. Ристовски Македонскиот фолклор..,197)

[153] Како во народната револуционерн песна „Македонец тешко ранет“: „Море моме, Македонко, додај ми ја куса пушка, куса пушка

татковината,[154] да се жртвуваат за светото дело.[155] Завет даван и при чинот на осветувањето на четите кои го симболизирале „воскреснатата Самоилова војска“.[156] За нивното дело „да се зачува за потомството“,[157] за генерациите македонски

малихера, додај ми го револверот. Револверот нагантови, ем додај ми две три бомби четврасти, па си оди понагоре, понагоре черни карпи, черни карпи, черни врвје, таму бајрак да развиеш: смрт ели слобода, смрт ели слобода за Македонија“. (На истот место, 191.)

[154] Во народните реолуционерни песни се гвори дека заветот се давал колективно и в црква. Во песната „Султано, ќерко Султано“ „Арсо војвода с' неговата верна дружина воф црква тија ќе јодат голема клетва да земат: гордо тие да се бијат за славна Македонија, знамето да го развијат“. (Бл. Ристовски, Македонскиот фолкло и Националната светст, 1987,189).

[155] Заветот на на комитите да не се жртвуваат, да не се предават е опеано во народните песни. Во народната песна „Предај, се бре, Василе“ (во с. Мирковци, Скопско), опколениот одговорил: „Дека се чуло, разбрало, Македонијо, комити да се предадат, комити да се предадат, Македонијо, на тија клети крв-ници!?.( Бл. Ристовски, Македонакиот фолклор и националната свест, Скопје 1987, 181). Примерот со опколената четата на војводата Методи Патчев во Кадино Село. На повикот за предавае: Ајде ми извика тој Методиј Патчев на своја верна дружина: -Дрште се , момчиња, клетва сме си дале живи да не се даваме! Дур се пушки здрави и куршуми има клети Турци истребујте. ... Турски аскер паѓа-друг ми дофстасува, куршуми не втасаја; само еден куршун секој си оставиза своето машко срце. .. Осмина веќе мртви в кула легнаа, живи не се дадоја- клетва испонија, клетва за слобода за мачна Македонија. (На истото место,182-183).

[156] При осветувањето на реонската чета во с. Велгоште, Охридско, игуменот на манастирот Св. Петка Анаста Темјанов кажал дека „ја осветувами ја благословува воскреснатат а Самоилова војска во лицето на четниците“. (ЉубенЛапе, Снабдувањето на охриските револуционери со оружје, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 4, Скопје, 1951, 15).

[157] Австроунгарскиот конзул во Битола Крал: „Како што имав чест да споменам во мојот извештај, востаничките чети се прилично горди и секогаш држат до тоа гласот за нивните дела да биде запазен за потомството. Многу настани се возвеличуваат во песни, народот ги воспева“. (Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници

револуционери, борци за слободата на татковината. Со повремени мобилизациски вежби се проверувала борбената подготвеност на четите и на селските милиции во поширокиот реон. По откривањето на врховистичките чети и во внатрешноста на организационата територија, во март со наредбодавно писмо од Делчев четите на Организацијата биле ставени во мобилна состојба за одбрана на организационата територија.[158]

Во мај вооружени чети на Врховниот комитет навлегле во граничните рони: Џумајско, Петричко и во Малешевско да вршат пропаганда против Организацијата и да агитираат започнување вооружена борба, за започнување востание,[159] со ветување за подготвеност на бугарската војска со поддршка од Русија да ја ослободи Македонија.[160]

Во јуни 1902 година Делчев со Ѓорче Петров со окружни писма (едното до сите револуционерни комитети на целата организациона територија, а другото до комитетите во загрозените реони)[161]

---

во Македонија, Скоје, 1955, 136. Извештај од 28 септември 1903 година).

[158] М. Миноски, Ѓорче Петров, 117.

[159] Малешевскиот војвода Трајчео Христов на 21 (8) мај 1902 година известил: „Во Малеш има сто и триесет души врховисти. Тука се Дончо, Стефо, Пашалијата и малешевци. Значи тука е собрано сето генералско“. (Из архивата на Гоце Делчев.., 79).

[160] М. Миноски, Ѓорче Петров, 121.

[161] Иван Гарванов знаел, дури и ги замолил, со појаснување дека тој со членовите на ЦК биле без авторитет во Организацијата.Ѓорче: „Ми се чини оти ЦК-Гарванов и С-ие, знаејќи дека се нови луѓе и со малку авторитет, нѐ замолија ние да го пратиме ова окружно. Гарванов беше решително птотив Цончево востание, макар да не беше далеку од идејата за востание (Спомени на Ѓорче..,116). Славољубивиот Гарванов во моментот бил против предизвикување востание од Врховниот

предупредиле дека Софискиот комитет уфрлувал вооружени чети (со луѓе и од внатрешноста) за да предизвикаат кревање предвремено востание во Македонија,[162] за да ја уништат Организацијата.[163] Да не им се верува на нивните ветувања за помош од Бугарија и од Русија,[164] да ги протеруваат. Да се сметаат само „на својата волја и сила“, на силата на организираниот народ, да не се крева реонско востание како Кресненското,[165] туку со обединети

---

комитет затоа што подготвувал тој како претседател на ЦК да гене внатрешно востание).

[162] Делчев-Петров: „Косата ни се крева од ужас кога си замислуваме, само од сликата нод оние краеви на нашата татковина кои би послужиле за полигон на едно избрано востание. Ако востанеме со празни раце само ќе им дадеме добар повод на Турците да се нафрлат на нас, да нè обессилат, да не уништат. ... Затоа што неколкумина лудаци тоа го посакале, затоа што можеби на Фердинанд му паднало на памет да се пошегува со нас за да биде признат. ... Не браќа ние тоа нема да го дозволиме!“ (М. Миноски, Ѓорче Петров.., документи, 397).

[163] Делчев-Петров: „Она што е познато само на многу млкумина од нас е тоа што се појавија наши сонародници во Бугарија и од овдека да се испречат на патот на Организацијата, кои сакаат за-пирање на нејзиниот правиле од, кои сакаат и подготвуваат нејзино уништување“. (М. Миноски Ѓорче Петров.., документи..,395).

[164] Делчев-Петров: „Тие за да го вовлечат простиот народ во својата крвава игра порачувале, а нивните луѓе лажеле, дека Русија и Бугарија ќе станат против Турција и ќе ни помогнат кога кај нас ќе пукне првата востаничка пушка“. (М. Миноски, Ѓорче Петров.., документи, 396).

[165] Делчев-Петров: „Оние смели апостоли на слободата кои се јавија први меѓу нас знаеја дека само во единството е силата, знаеја дека само со заеднички напори ние можеме да извојувам ечовечки права за себе си иза тие кои ќе не наследат. Тие затоа ни укажуvааза на Кресненското востание запример кога нашите браќа се кренаа со оружје враце без да ги прашаат другите дали се подготвени или не, дури и без претходно да ги известат најблиските до себе. ... Затоа тие укажуваа за пример на тоа необмислено, избрзано востание без никаков резултат“. (М. Миноски, Ѓорче Петров.., документи..,394-395.Ѓорче

сили кога целиот народ ќе биде подготвен, да се води борбата за ослободување и автономија на Македонија.[166]

Во почетокот на јули Делчев бил известен[167] за преминување на сè поголем број чети, дека бугарската гранична полиција ги пропуштала, што упатувало дека Врховниот комитет подготвувал акција од големи размери.[168] Во Разлошко и во Мелничко врховистички чети го заплашувале и го присилувале населението во селата да им се присоединат[169] за да подготват ситуација да објават кревање на востание. Населението барало заштита. Организацијата била присилена да одговори со сила. Врховистичките чети во Мелничко во септември биле протерани од Сандански.[170]

Организацијата пртставувала внатрешно-политички фактор во Македонија. Европски Големи сили определени за одржување на статус-кво и од нив покровителствуваните за балканските држави: Бугарија, Грција и Србија (неподготвени за војна за освојување и поделба на Македонија), спроведувале координирани активни дејства во подршка на

---

[166] Ѓорче Петров

[167] Од Никола Малешевски, раководителот на пунктот во Дупница).

[168] Из архивата на Гоце Делчев, 306.

[169] Чернопеев (од Разлошко): „Насила влегоа во с. Лешко, ги пофаќаа селаните и ги присилија да фомираат нешто како комитет. Не можевме да ги нападнеме затоа што држеа како заложници секогаш по 20-30 селани" (Из архивата бна Гоце Делчев.., 88-89. Писмо од 31 (18) јули 1902 година.

[170] Лазаров (од Горна Џумаја) до Делчев, на 20(7) септември: „Во нашиот реон се сите врховистички чети: Саев, Мурџев, Ризо, Стојанов, Пашалијата. Во Мелничко речиси нема трага од врховистите. Јане ги изгонил". (Из архивата на Гоце..,94).

Османлиската држава за уништување на Македонската револуционерна организација, за да се прекинела оружената борба за ослободување и создавање на самостојна држава Македонија.

Во таква констелација бугарската влада одлучила работите да ги доведе до посакуваниот исход. Во септември бил повикан во Софија Иван Гарванов, кој тукушто го легализирал својот Централен комитет,[171] и подготвувал кревање востание во Македонија во содејство на Врховниот комитет, а според советите на владата. Во Софија биле договорени постапката за донесување одлука од ЦК за кревање востание во Македонија додека населението било не(доволно) вооружено, како и координирањето на активностите и акциите со Врховниот комитет за предизвикување состојба за тоа да се спроведе.

Според договореното подготвените вооружени чети на Врховниот комитет, предводени од офицери на бугарската војска, навлегле во Горноџумајско и во Петричко. Нападнале повеќе села од кои го мобилизирале месното население и на 6 октомври (23 септември) објавиле дека било кренато востание.[172] Организацијата презела мерки за нивно

---

[171] Во Солун се одржал конгрес, од 14 (1) – 18 (5) сепември (набргу по пристигнувањето во Солун од заточени амнестираните легални членоови на ЦК: Христо Матов, Христо Татарчев, Пере Тошев, Петар Поп Арсов, а подоцна и Дамјан Груев) на којшто се легализирал саморпогласениот ЦК на Гарванов. (Из архивата на Гоце.., 17).

[172] Капетанот Александар Протогеров кој не би учесник за „востанието“ во писмото од 19 (6) де-кември до генералот Иван Цончев, пишува: „Востанието се водеше без претходен план, дејствувавме сосема непромислено ... непромислено собравме луѓе од улица и деца за востаници, затоа малку можеше да се смета на нив, голем дел

изолирање. Без поддршка, војската бргу ги разбила „востаничките“ чети кои во бегство се вратиле во Бугарија. Страдало недолжното македонско население во подрачја кадешто тие дејствувале. Во внатрешноста на Македонија полковникот Јанков влезен со четата, во Костурско да предизвика „востание“, бил разоружан од четите на Организацијата, а потоа спроведен до границата и вратен во Бугарија.[173]

Се покажало дека Гарванов немал авторитет во Организацијата која, под оперативно раководство на Делчев, била одлучна со своите вооружени чети да ја брани организационата територија. Во поддршка на Гарванов се активирале новопоставените задгранични претставници Христо Матов и Татарчев кои уште на заточение биле за кревање востание во Македонија. Пред крајот на ноември 1902 година Гарванов ги задолжил да ги исклучат Гоце Делчев и Ѓорче Петров да ја претставуваат Организацијата, да се во врска со бугарските државни фактори, да се советуваат со владата, посебно со нејзиниот претседател Стојан Данев, [174] а со врховните

---

избега“. (В.Георгиев-Ст. Трифонов; История на бъл-гарите 1878-1944 в документи, I(1878-1912), София, 1996, 396).

[173] В. Георгиев – Ст. Трифонов, Македоја.., нови документи, 121.

[174] На окружните конгреси на Организацијата по Илинденското востание се водела расправа и биле осу-дени за нивното поведение пред, за време и непосредно по востанието. На Прилепскиот окружен конгрес на Битолскиот револуционерен округ, во мај 1904 година, бил обвинет од Ѓорче Петров дека тој бил одговорен за последиците од кревањето на масовно востание во Округот. Виновен што не постапил според барањето на Делчев на нивната средба во Солун во април 1903 година да не се крева масовно востание. (М. Миноски, Пере Тошев, 114).

комитети  да договорат„помирување“ за да се изведе „големо востание“ во Македонија.

Со Врховниот комитет на генералот Цончев се договориле, дале согласнот, за учество на неговите чети во подготвуваното востание за да не бидат спречени од силите на Организацијата да влезат во Македонија. Веднаш потоа Врховниот комитет со писмо (потпишано од сите членови) ги известил офицерите Македонци во армијата да се подготват за учество во ослободувањето, а за своето учество да известеле до 15 јануари 1903 година.[175] Во Софија на „советување“ повикал претставници на македонските друштва кои поддржувале кревање востание.

Гоце Делчев (кој тогаш бил во Софија) со Ѓорче Петров ги повикале Дамјан Груев и Пере Тошев во Софија заеднички да дејствуваат за запирање на извесната опасност за македонското ослободително дело. Отишол само Пере Тошев, Груев откажал.

Гарванов, кој претходно повикувал во Солун „да се советува“ лица од окрузите  на Организацијата склони да поддржат кревање востание,[176] ангажирал свои „агенти“ да обезбедат истите во определеното време да бидат таму.[177]  Откако тоа било обезбедено

---

[175] ВК: „Дојде време кога татковината ги повикува сите свои синови на помош. Борбата е започната и треба да се доведе до крај“. (В. Георгиев-Ст. Трифонов, Историја на балгарите в документи..,I,2, 399).
[176] Ѓорче: „Ги сондирал Лозанчев во Битола и Дамета. ... Лозанчев бил повикан во Солу, како претставник на Битолско, формално да се советуваат за ова прашање. Го раширил својот круг на сондажа во Битолско, особено во Костурско“. (Спомени на Ѓорче.., 123).
[177] Спомени на Ѓорче.., 123.

со службени писма (со назнака од Солун, двете од 6 јануари/24 декември), со едното ги известил задграничните претставници во Софија за решението на Централниот комитет за свикување општ конгрес, од нив се барало само нивна согласнот,[178] а со другот окружните комитети дека свикал општ конгрес во Солун, во јануари, за донесување одлука за кревање востание, а нив ги задолжил да ги започнат подготовките.[179]

Делчев на советувањето во Софија одржано по приемот на известувањето од Централиот комитет, со учество на „20-тина дејци",[180] остро се спротивставил на одржувањето конгрес. По категоричното противставување и на Ѓорче, Пере Тошев и други, а Христо Матов, Христо Татарчев и Иван Хаџи Николов со поддржувачите се искажале за, мнозинството се изјаснило против кревање востание,[181] а со тоа и против одржување на закажаниот конгрес во Солун.

Делчев ја согледал опасноста. Не очекувал дека Централниот комитет ќе постапи според решението на мнозинството за откажување на конгресот, се

---

178 Ѓорче: „Ја сакаа нашата согласност, а не мнение. Имаше и приватни писма од Лозанчев до некои од нас во кои што се велеше: кој не е согласен со востание, тој е предавник". (Спомени на Ѓорче.., 124).
179 М. Миноски Ѓорче Петров..,138-139.
180 Гоце Делчев, документација.., 166; М. Миноски, Ѓорче Петров.., 139.
181 Сарафов: „Имаше две мислења: Еднто на Матов и компанија дека треба да се крене востание. Другото: Делчев, јас и Ѓорче и воопшто мнозинството беше против масовно востание, само поголема активност на четите. Собирот официјално реше да му се соопшти на Гарванов дека не се за востание". Гоце Делчев, документација.., 166).

вратил во Македонија да спроведе акција за спречување кревање на масовно востание.

На Конгресот во Солун, на последното заседание на 17 (4) јануари без негово учество и на другите легални членови на ЦК Ѓорче Петров и Пере Тошев, со делегати по повикување, само под притисок,[182] било изгласано решение за востание веќе во пролетта.

Во органите на организацијата не се знаело за случувањата во раководството, за акциите и вистинските цели на ЦК на Иван Гарванов. По добиеното писмо за востание, целиот механизам на строго централизираната Организација бил покренат. Веќе била создадена состојба пред револуција. Грчкиот битолски владика на 20 јануари известил дека населението се надевало на скорешно ослободување и формирање автономно кнежевство.[183]

Делчев се вратил во Македонија. Отишол во во Серскиот револуционерен округ. Тука разбрал за одлуката на Солунскиот конгрес за востание. Со Сандански се договориле да се преземат акции за отповикување. Пред заминувањето за Солун за последен пат да разговара со членовите на Централниот комитет, во с. Каракој (Неврокопско)

---

[182] На делегатите демонстративно им претставил печатени повици од Врховниот комитет за востание и заплашувал дека ако Организацијата не кренела востание , вооружените чети на Комитетот биле подготвени да влезат во Македонија за да предизвикаат востание.

[183] Писмо од 20 јануари 1903: „Луѓето се занесени од суетни надежи за скорешно ослободување во едно автономно кнежевство. (ДАРМ, М. 233, АМАЕ, ф. Грција. Извештај на францускиот воен аташе од 6 април 1903 год.).

под негово раководство било одржано советување окружното раководство и со војводите од Округот при што било договорено и одржувањето окружен конгрес.

Во Софија стравувале дека Делчев, со својот голем углед во Организацијата и авторитет кај војводите можел и по донесувањето на решението, да го спречи востанието. По толку години подготовки, ангажирани сили и потрошени средства без резултат, преостанувало само негово физичко отстранување. Но, не со ангажирање на лица,[184] применето неуспешно во 1901 година, туку во судир со војската, по предавство.[185] За тоа било преземено организирано негово следење за сето време на патувањето од Софија до Солун и потоа.

Во Солун имал средба со Дамјан Груев, туку што вратен од заточение, убеден дека заеднички можеле да спречат кревање масовно востание. Груев, веќе определен за востание, не се согласил со укажувањата на Делчев за извесните трагични последици за народот и за ослободителното дело. Се разделиле со зборовите што, наводно, ги кажал Груев: „поарно ужасен крај, отколку ужас без крај“.[186] По заминувањето од Солун на пат за Серско,

---

[184] „На двајца убијци Хаљо и Иванчо Карасулијата им била дадена задача да го убијат  Гоце Делчев, а на селани да го отрујат“. (Историја на македонскиот народ, кн.втора, Скопје, 1969, 221).

[185] ННеуспешни предавства на Делчев имало  организирани од Софија имало и  порно. Бугарскиот агент Шопов во октомври 1897 година за тоа пишува  за шпионства  Од Солун и „од Софија“. (ЦДИА, ф. 176, оп.1, а.е. 1084,л.24).

[186] Од Даме го добил „последниот удар на разочарување“. (Спомени на Ѓорче..,133).

на закажаниот окружниот конгрес, Делчев со придружбата влегол во с. Баница Серско. Предаден, по повеќечасовна борба со војската во опколено село, загинал на 4 мај 1903 година.[187] Веста за загинувањето на Делчев насекаде во Македонија била примена како најголема национална трагедија. Уште жив народот за него кажувале легенди и се пееја песни.[188]

*

Гоце Делчев беше организаторот, идеологот и предводник на македонското национално револуционерно ослободително движење од крајот на 19 и почетокот на 20 век. Личност која целиот свој живот го посвети на Македонија и на својот македонски народ. Тој со апотолска мисионерска

---

[187] Запредавството и загинувањето на Делчев повеќе: М. Миноски, Прилог кон прашањето за постоење организирано предавство за ликвидирање на Гоце Делчев при неговото загинување на 4 мај 1903 година во С. Баниц, Прилози на МНУ, XXXI,2, Скопје, 2000,71-93.

[188] Антонъ Страшимировъ, Апостолъ на свободата (Гоце Делчевъ), Солунъ, 1909, според Блаже Ристовски, Македонскиот фолклор и националната свест, Скопје, 1987,223. Истиот по загинувањето на Делчев напишал : „Делчев е легендарен во Македонија. Тој е толку заслужен и толку популарен сред народот што робот го воспева во песни“, Гоце Делчевъ, сп. „Бунтовникъ“, I,3, София, 1903,11; „Народот од четирите краишта на Македонија веќе одамна му пееше и му пее песни“, А Страшимиров, Гоце Делчевъ (1870-1903 г.), „Демо-кратические прегледъ“, I, 17, София, 17.V 1903, 330. Сп. „Македонија“: „Славатакако виор му се пренесе по сите катчиња на бла-гословена Македонија и проникна до најбедната куќарка“, „Македония“, I, 3, София, май, 1903, 8-9. Види и: Блаже Ристовски, Македонски револуционерни народни песни за Гоце Делчев, Јордан пиперката и Питу Гули, Ин-ститут за фолклор, кн.1, Скопје, 1974, 136-148; Димче Најчески, Ликот на Гоце Делчев во македонската народна песна, сп. „Македонски фолклор,“ I, 1, 115; Танас Вражиновски, Гоце Делчев во споменот на народот, Институт за фолклор, Библиотека на списанието, 2, Скопје, 1973.

посветеност го просветли, го помири[189] и го обедини македонскиот народ, го поттикна неговиот слободарски дух, го охрабри јавно да ја декларира својата македонска националност, поединецот да извикува: „јас сум Македонец“,[190] му всади свест и верба дека може самостојно, со оружена борба со сопствените сили, да се избори за своето ослободување, идеал за слободен живот во своја самостојна држава Македонија.

Во колективната меморија на македонскиот народ Гоце Делчев е трајно запаметен, опеан како легендарен револуционер и народен предводник, син на мајка Македонија. Величан од сите генерации, вклучувајќи ја и сегашната наша млада генарација (најексплицитно од најмладите, со нивната „химна“- „Излези момче право на тераса, поздравија Гоцевата раса“). Така нашиот благодарен народ, кој знае и умее да се оддолжи на своите заслужни синови, го одреди заслуженото место во историјата на Македонија, така како и нашата историска наука.

Денес, кога Република Македонија повторно е деноминирана, македонскиот народ и македонската нација се понижени, нашата земја се одмакедончува, Гоцевата личност и дело се бугаризираат, Гоцевиот идеал за „Македонија на Македонците“ – македонизмот, во перспектива на време, останува безвременски.

---

189 Егзархисти и патријаршисти.

190 Како во песната за Делчев „Абре, ќумурџиче, ти, младо момче“ посветена на Делчев: „Дали си го видел јунакот Делчев?- Абре вие Турци, клети јаничари, и да сум го видел - нема да го кажам: *јас сум Македонец, Македонец ќе си умрам!* (Бл. Ристовски, Македонскиот фолклор.., 197).


СЛОБОДА ИЛИ СМРТ

**Проф. д-р НАТАША КОТЛАР - ТРАЈКОВА**

# ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ВО МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО НАСЛЕДСТВО

Георги (Гоце) Делчев (1872–1903) е најзначајната личност на македонското национално и ослободително движење од крајот на XIX и почетокот на XX век – идејник, организатор, агитатор, војвода, масовик, револуционер од балкански размери. Тој е претставник на македонската национална интелигенција и авангарда, чија основна задача била изведување на морална и политичка револуција во конкретното историско време.[191] Во оваа смисла, не случајно, македонскиот револуционер и деец, Коста Веселинов[192], во есејот „*Гоце Делчев – изразител на македонската национална борба*" (1940), запишал: „*и македонскиот народ во епохата на своето национално оформување исфрли од својата средина еден таков национален херој – Гоце Делчев, кој целиот свој живот се бореше за слобода и независност на Македонија и со својата крв ги цементира основите на македонската*

---

[191] Според Гоце Делчев: „Внатрешната 0*рганизацијата не се стреми само да им дава оружје на луѓето, ами и да го разбие нивниот ропски дух*". – *Преображенското въстание*, 181, цитирано според Христо Андонов-Полјански, *Гоце Делчев*, Истарска наклада, Пула, 1985,

[192] Коста Веселинов (1908–1942) е македонски културно-национален деец, правник, историчар и публицист, роден во с. Бобшево во пиринскиот дел на Македонија.

*ослободителна борба*“.[193] Битно обележје во Делчевата револуционерна активност е доследноста во борбата за самостојност и за независна македонска држава. Или како што тој пишува во едно свое писмо – „*слободна државичка*“ до која ќе се стигне преку „*внатрешно востание*“[194]. Во писмото, воедно ги искажува основните принципи на кои треба да се гради македонската револуција: „*Во Македонија се развива систематска агитација за едно општо внатрешно востание, која има земено големи размери и нема катче во Македонија што не е опфатено... затоа е должност на секој родољубец да помогне колку што може повеќе...*“[195] Делчев, инсистира на длабока преобразба на османлиската општествена сцена, настојувајќи да се постигне духовен и образовен препород на македонскиот народ и секако, високи вредности на човечката личност. Во оваа смисла е и неговото размислување: „*Моралната револуција –*

[193] *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*, том втори, Скопје, 1981, 234–235.

[194] Писмо на Гоце Делчев од 17 октомви 1895 г. упатено до Ефрем Каранов, претседател на ќустендилското Македонско друштво. – *Гоце Делчев*, *Писма и други материали*, издирил и подготвил за печат Дино Кьосев, Българска академия на науките, Институт за история, София, 1967, 274.

[195] Меѓу другото, Гоце Делчев, укажува: „…*Ако востание може да се подигне со 1—40 души, тогаш Македонија одамна ќе беше слободна државичка. Но бидеќи тоа е невозможно, а треба народ, тогаш, што треба да се направи? Треба тој народ да се разбуди от петвековниот длабок сон, кој* [го] *направил Македонецот доста мрзлив [неупатен] во осознавањето на човечките правдини.*“ – Ibid., 276.

*револуцијата во умот, срцето и душата на еден ропски народ е најголемата задача*“.[196]

Во 1872 г., кога Гоце Делчев се родил, новоформираната црковна институција во османлиската држава – Бугарската егзархија[197] амбициозно настапувала на македонскиот терен, посегајќи по автономноста на црковно-училишните општини, единствените јадра на демократски живот на македонскиот човек, нивно завладување и бугарско маркирање. Иако, уште во јуни 1870 г. пред јавноста се отворила темата за „*прашања македонски*“, односно за македонската различност од аспект на народност, јазик и црква - Охридска архиепископија.[198] Затоа овде е моментот, накратко да се задржиме на присуството на бугарскиот атрибут во актуелната терминологија и во преписката на Делчев, односно –„*Бугари*“[199]; „*бугарски народ*“ итн. Овие термини го имаат

---

[196] Окружница на Гоце Делчев (8–4 март, 1901 г.) – *Гоце Делчев. Писма и други материали*, 313.

[197] Бугарската егзархија е основана со султански берат (документ). Според чл. 10 од документот се давала можност за слободно изјаснување или референдум на сето словенско население во османлиската држава, кое немало своја црква и било во рамките на Патријаршијата (во овие рамки и Србите), сега да се определи за прикучување кон новооснованата црковна институција – Егзархијата. Оттука, определувањето на некои македонски епархии да ѝ се поттчинат на Егзархијата (1872; 1875) всушност било глас за еманципација од грцизмот, а не плебисцит во полза на бугарската кауза.

[198] *Сведоштва за македонскиот идентитет (XVIII – XX век)*, ИНИ, Скопје, 2010, 23.

[199] Писмо од 5.1.1899 г. на Делчев до Никола Малешевски пунктов началник на МРО во Дупница (денес гр. Станке Димитров, Р Бугарија). – *Гоце Делчев*, *Писма и други материали*, 183.

своето одредено значење само во конкретното време и простор, односно во XIX и почетокот на XX век во османлиската држава. Доколку би било поинаку (а за жал, такви примери има), тоа би било, како што вели современиот филозоф Квентин Скинер, *парахиерархијализам*, односно вредносниот систем на една култура, традиција, разбирање, социјални процеси, да се смета за основно мерило на вредносната структурата на друга култура, традиција, разбирање, општествена структура. На тој начин, процесите можат лесно да се извадат од контекстот на историското време. Поедноставно: поимањето за национален идентитет или степенот на националната свест согледано од аспектот на денешнината се поставува како основен „*мерен инструмент*" со кој се определува степенот на националната свест на нашите предци во XIX век. Дотолку повеќе, со оглед на тоа што османлиската општественост познавала, односно признавала верски заедници, т.н. *милет систем*[200], а не етнички (народни) заедници. Во почетокот на XIX век, под влијание на општествените промени во османлиската држава, социо–економските внатрешни движења, геополитичките стратегии на европските сили, како и либералните и националистичките идеи кои почнале да навлегуваат на Балканот од Запад кон крајот на XVIII век, започнал процесот на фрагментирање на милет–системот. Така, верскиот термин „*Рум*

[200] „millet" – вера, религиозна определба, односно заедница. Овој систем бил воспоставен само неколку месеци по османлиското освојување на Константинопол (1453), односно Цариград (Истанбул).

*милет*“ кој потекнувал од името на претходната државна формација (Источна римска империја) и кој во османлиската држава се однесувал на целото православно христијанско население на Балканот под јурисдикција на Цариградската патријаршија, почнал да се менува и постепено да станува синоним за терминот „*Грк*“ во смисла на етноним, независно дали се работело за припадник на Кралството Грција (1830) или за православен христијанин под јурисдикција на Цариградската патријаршија. Нешто подоцна, благодарение на геополитиката и руското влијание, во 1870 година, со султански ферман била создадена нова црковна институција за православните (словенски) христијани – Бугарска егзархија. Впрочем, една деценија порано, руската балканска политика, но и австриската, имале голем интерес словенското население во географскиот опфат на денешна Македонија и Бугарија да го именуваат како „*Бугари*“, надоврзувајќи се на средновековната мистификација.[201] Тие, а особено Царска Русија, не само што го промовирала ова именување на политичката карта, туку и го издигнале на ниво на научна вистина, кое, пак, во османлиски рамки успешно било спроведувано од Егзархијата. Антиципирањето на македонските особености не било определба ниту во османлиската државна политика, која дури и формирала нови

[201] Поопширно в.: Митко Б. Панов, „Идеолошката димензија на судирот помеѓу Василиј II и Самуил“, *СПЕКТАР* меѓународно списание за литературна наука, ИМЛ, г. XXIX, кн. I, 57, Скопје, 2011, 6–17.

територијално–администаративни едници – вилаети за да го истисне името Македонија, ниту на европските сили, во прв ред на царска Русија и на Австро–Унгарија. Османлиските власти, пак, во согласност со милет системот, припадниците на Егзархијата ги нарекувале „*Бугар милет*“ или едноставно „*Бугари*“. Односно, како такви фигурирале сите оние што биле опфатени во овој „*милет*“, независно од етничкото потекло (македонско, српско, влашко, албанско). И во овој случај, верската определба постепено добивала значење на етноним. Благодарение на милет системот, црковните институции – Цариградската патријаршија и Бугарската егзархија имале право да го организираат и да го водат образовниот систем на православното христијанско население во османлиската држава, респективно Македонија.[202] Во услови на веќе постојни државни творби, тие преку овој воспитно– образовен систем емитувале грчка или српска, односно бугарска култура, која кај воспитаниците во перспектива требала да поттикне барања за нејзино совпаѓање со новите политички граници, односно исполнувале значајна улога во ширењето на државниот национализам на конкретните балкански земји. Во едно традиционално аграрно општество, какво што било османлиското, власта била заинтересирана пред сè за земјопоседништвото, за собирањето на даноците,

[202] Наташа Котлар-Трајкова, „Антиегзархиската борба како афирмација на македонскиот идентитет (1878–1893)“, Зборник *Македонскиот идентитет низ историјата*, ИНИ, Скопје, 2010, 177–189.

за одржување на мирот. Османлиската власт била дури сосема индиферентна спрема различните вери и култури со кои владеела. Наспроти тоа, нејзините потенцијални „*наследници по оружје*“ (Кралството Грција, Кралството Србија, Кнежеството Бугарија) не можеле да седат мирни додека не го наметнале националистичкиот принцип: cuius region, eius lingua. Тие жеднееле по културните и лингвистичките души на османлиските поданици.[203] Во спомнативе политики, Македонија фигурирала единствено како територијална варијабла, а македонската содржина (народност, јазик, култура) била апстрахирана, што најдобро го потврдиле последиците од Балканските војни (1912/13). Академик Блаже Конески потенцира дека бугарското влијание во Македонија се засилило особено по ослободувањето на Бугарија (1878), но дека македонскиот народ не се асимилирал и набргу потоа ја започнал борбата за излез од лавиринтот на „*општествената парализија*“.[204] Ова недвосмислено укажува на фактот дека „*биле длабоки корењето на нашето национално движење и дека биле коренито различни интересите на македонскиот народ од интересите на бугарската буржоазија*“.[205] Заради историската вистина, во еден мал сегмент го разработивме амбиентот во кој

---

[203] Ернест Гелнер, *Нациите и национализмот*, Култура, Скопје, 2001, 67.

[204] Темко Попов, *Кој је крив?*, Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Скопје, 1980, т.I, 284.

[205] Блаже Конески, *Кон македонската преродба. Македонските учебници од 19 век*, второ издание, Институт за национална историја, Скопје 1959, 99.

личноста на Гоце Делчев почнала културно, идејно, национално, политички и сестрано да се формира, под влијанието на традиција на организираната борба од неговиот роден крај – преродбенскиот Кукуш, под влијанието на солунска гимназија и книжнина, како и од нејзините револуционерни кружоци, софиската велеградска средина и воената академија; и секако под влијанието на напредните идеи од науката, литературата, филозофијата и социјализмот. Оттука, сосема е разбирлива неговата изјава: „*Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар на народите*!“, секогаш актуелана и поттикнувачка за индивидуално и за општо делување и зреење. Оваа подлога во психолошкото и културното оформување, нужно го упатувала Делчев кон македонското ослободително дело, преобразувајќи го неговиот животен летопис во пространата историја на македонското револуционерно движење.

Посветен во Организацијата (МРО) од Даме Груев во 1894 г., Гоце Делчев се промовирал во доследен и посветен реализатор, на нејзиниот национално-револуционерниот концепт и ослободителната платформа. Како пролог на ова е и размислувањето на Гоце, искажано уште на нивната прва средба: „*Може ли да има друго место за еден Македонец, освен Македонија? Дали има народ понесреќен од македонскиот? И дали има некаде пошироко поле за работа отколку Македонија*?“[206]

[206] Крум Христов, *Гоце Делчев*, София, 1955, 85.



**Четата на Јане Сандански**

Оттогаш па сѐ до крајот на животот, длабоко во него била залегната идејата за самостојна ослободителна борба, која му станала преовладувачка животна определба. Тој ја надминал дотогашната практика на поединачно зачленување на луѓето од градските средини и постојано се движел во агитација и организација меѓу селанството. Сеќавајќи се на ова Даме Груев, воодушевено истакнува: „*Делчев веднаш ми направи впечаток со својата отвореност и чесност. Тој беше, при првите обиди да зачленува, дури и претерано отворен, па требаше да го контролираме за да не ја издаде нашата слабост, слабоста на Организацијата. Тој сѐ се стремеше да си ја каже вистината, мислејќи дека секој треба да ја усвои идејата така како што тој ја усвоил. Беше многу пргав.*“[207] И навистина,

[207] „Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иван Гарвановъ“, *Материяли за историята на македонското освободително движение*, кн. V, съобщава Любомиръ Милетичъ, Македонски Наученъ Институтъ, София, 1927, 18.

организациската активност, Гоце ја започнал со јасен став, да ги убеди луѓето да ја прифатат ослободителната идеја како трајна вредност, не со силата на оружјето и на заплашувањето, туку со моќта на зборот и на делата. Во врска со ова, неговиот долгогодишен соработник и соборец, Ѓорче Петров, пишува: „*По тактот на дејност како легален деец, Гоце се разликува од своите другари... Млад човек со експанзивна натура, со слободна душа, тој бараше насекаде праволинејност, без секакви скривнувања...Таа негова особина беше најценета за делото. Каде што ќе стапнеше тој, работите на Организацијата добиваа силно темпо*.“[208] Преку неговата непосредна дејност среде селската средина, бргу никнале нови револуционерни центри.[209] Затоа нему дури и повеќе одошто на некои иницијатори, му прилега епитетот *основоположник* на МРО. За Гоце Делчев МРО била автентично националноослободително движење со легитимитет, со определба за револуција како основна форма на политичката борба, со амбиција за масовност и поддршка од народот. Затоа, тој е и конкретен, говорејќи пред раководителите на Костурскиот и Леринскио револуционерен реон (1902): „*Ние ќе одиме кон својата цел со истата енергија додека да го подигнеме народот за онаа голема акција што ќе го*

[208] Гане Тодоровски, „Револуционерниот лик на Гоце Делчев“, *Трактати за сонцељубивите*, Култура, Скопје, 1974, 179.
[209] Димитар Димески, *Гоце Делчев*, Матица Македонска, Скопје, 2003, 99–225.

*затресе од темелите ова крваво царство и ќе ја донесеме слободата*“.[210] Делчевата заслуга, бездруго, највеќе се огледа во фактот што успева бунтовната стихија на народниот гнев да ја упати низ логиката на организираната револуционерна акција. Ова го забележува и војводата Н.П.Русински, во своите сеќавања: „*Како прв водач на едно революционерно дело, какво што е македонското, Делчев не сметаше да стои на високо како водач*“, напротив бил близок до народната низина.[211] Тој низ непосредните задачи ги поставува јасните цели на борбата, меѓу кои доминира првиот принцип: Македонците да се ослободат со сопствени сили и да се борат постојано за својата потполна независност. Н.П.Русински, исто така, во своите Спомени го запишал, следново: „*Нашиот голем апостол Гоце, кажува: 'Слободата на Македонија ќе изгрее од самостојната борба на Македонците'. Според некои, Гоце е 'самоуверен', но е прав. Делчев секогаш имаше свое мислење дека ние сосема треба да им се препуштиме на располагање на селаните, за да можеме на ваков начин да ја придобиеме нивната доверба и да ги опфаќаме!*“ Тој демонстрирал умешност во разјаснувањето и ширењето на идејата и целта на Организацијата. Агитацијата воопшто не била формален чин, за него. Пишувајќи за ова, Делчевиот соборец

---

[210] Христо Анодонов–Полјански Гоце Делчев, Преписка, т.III, 136.
[211] Никола Петров Русински, *Спомени*, предговор, редакција и коментар Даринка Пачемска-Петровска и Војо Кушевски, ИНИ, Скопје, 1997, 92.

Н.П.Русински, ни го разоткрива и следново: „*Гоце не беше љубител на долги говори, никогаш не заземаше поза на оратор, но изреченото слово од него беше убедливо и со чувство на длабока жалост за бедните, голите, сираците, вдовиците и за старците. Тој опишуваше слики пред слушателите и нив ги трогнуваше до дното на душата.*“[212]

Гоце Делчев е родоначалник на четничкиот институт на ТМОРО, квалитативна нова содржина во нејзиното дејствување. Односно, организирана воена сила, со задача да ја предводи револуцијата за општествена преобразба. „*Четништвото – ете го местото кадешто Делчев се чувствуваше во својата стихија*!“ се сеќава, Ѓ.Петров и продолжува: „*Преку него единствено тој наоѓаше можност... да се движи слободно меѓу селските маси, без никакви ограничувања и да ја излива својата енергија во реализирањето на своите замисли во секое време.*“[213] Започнала нова етапа во развојот на ослободителното движење, Организацијата станала „*во голем степен боева*“.[214] Според Правилникот за четите на ТМОРО[215], требало во секоја револуционерна околија да се

[212]Никола Петров Русински, *Спомени*, 189–190.
[213] Гане Тодоровски, „Револуционерниот лик на Гоце Делчев“, *Трактати за сонцељубивите*, 181.
[214] Мислење на Христо Матов за четништвото. Поопширно за ова, в:. Димитар Димески, *Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает...*, 208.
[215] Правилникот за четите на ТМОРО го изработиле Гоце Делчев и Ѓорче Петров во 1900 г., во согласност со чл. 11 од Уставот на ТМОРО (1896).

формира чета, како неразделен дел на месната револуционерна организација и да ја објаснува и шири меѓу населението идејата за целта и задачите на ТМОРО. Да се ангажира во издигање на народната свест, да организира (револуционерна) судско-извршна власт, да ги подучува на воени вештини и морални норми четниците и селаните, да се грижи за вооружувањето и материјални средства и друго. Главната улога, во ова конципирање и разгранувањето на четничкиот институт ја имал Гоце Делчев, при што, Даме Груев го именува и како „*Делчевиот* концепт“.[216]

Мошне е значајна неговата дејност како задграничен претставник на ТМОРО. Сѐ поотворената бугарска големодржавна политика ја наложила потребата од создавање на посебна институција – Задгранично претставништво на Организацијата со седиште во Софија, каде, главно се креирале плановите за оневозможување на самостојноста на македонското национално и ослободително дело. Задгранично претставништво на ТМОРО започнало да функционира од средината на декември 1896 г. со доаѓањето на Гоце Делчев во Софија за прв задграничен претставник во Кнежевството Бугарија. Наскоро му се придружил и Ѓорче Петров и во оваа поставеност функционирале до 26 септември (6 октомври н.с.) 1901 г. При тоа,

[216] Писмо на Д.Груев (1901) до членовите на охридскиот револуционерен комитет, во кое се вели: „*во иднина, што се однесува на четите, да се сообразите со Делчев...*“. – З. Нонева, *Неизвесни писма на Дамян Груев*, Известия на НБ „Кирил и Методий“, т.XVIII (24), София, 1983, док. 16, 490.

Г.Делчев се занимавал со организациската работа, ангажирајќи се за добивање на материјални средства, оружје, муниција и револуционерна литература, со препраќање на револуционерни сили во земјата, со обезбедување на пограничните пунктови. Бил и бескомпромисен борец против врховизмот и неговите акции во Македонија[217], а во одбрана на самостојноста и независноста на ТМОРО. Во оваа смисла е и неговата мисла: „*Да ја чуваме чистотата на ослободителното движење и на Организацијата – тоа е првиот услов за нашиот успех!*“[218] Жестоките и контраверзни постаки и однесувања на раководителите на Врховниот комитет (ВМК) во одделни периоди – Борис Сарафов, генералот Иван Цончев или пак на Иван Гарванов, нелегитимниот раководител на ЦК на ТМОРО (1901), ја провоцирале и трошеле Гоцевата емоционалана, физичка и интелектална натура. Ова се рефлектира и во неговото писмо од 4 март 1901 г., упатено до Никола Малешевски во Дупница. Меѓу другото, Гоце информира, дека: „*несовесноста достигнала дотаму што со демонска насмевка тие* (Сарафов, Цончев и др., б.н.) *се радуваат на жестоките удари, нанесени од*

[217] Уште во февруари 1896 г., пишувајќи му писмо на Никола Зографов, пунктов началник на МРО во Ќустендил, Г.Делчев, вака го оценил Врховниот македонски комитет (ВМК): „*Тој комитет таков впечаток ми направи, такво силно оладување предизвика кај мене, што јас не гледам дали ќе помогнат, туку се плашам да не му нанесат и голема штета на делото*“. – Христо Андонов Полјански, *Гоце Делчев*, *Преписка*, т.III, 183.
[218]Ibid., 170.

*турските власти на Организацијата*“.[219] Во меѓусебните расправии, Гоце сериозно му забележал на Б.Сарафов: „*Нема да дозволиме офицери во Организацијата и во Централниот комиет. Ако* (Иван, б.н.) *Торчев или вие заминете внатре* (во Македонија, б.н.) *ќе ги сретнете штиковите на Организацијата... Додека моето раме ја крепи пушката, Македонија ќе биде недостапна за бугарски офицери*“. Тој, иронично го предупредил Б. Сарафов, дека: „*Организацијата не е бланко печат. Организацијата е народот*“.[220]

Карактерологијата на неговата идејно-политичка физиономија, најдобро си ја дава самиот тој: „*Јас по душа сум анархист, по убедување социјалдемократ, а по дела револуционер*“.[221] Со особено чувство за општата реалност во Македонија во османлиски рамки, Г. Делчев бил за создавање на широк народен фронт, како неопходност за успех на ослободителната борба. Тоа значело, не само промовирање на програмската определба на ТМОРО за опфаќање на сите незадоволни од актуелниот систем на власт, туку и борбата да се водела од името на сето население без да се засегнат неговите национални и верски чувства. Г. Делчев бил свесен дека во конкретното историско време, борбата на македонските револуционери се одвивала во многу поразлични политички и економски услови од оние на грчките,

---

[219] *Гоце Делчев*, *Писма и други материали*, 215.

[220] Христо Анодонов–Пољански, *Гоце Делчев*, *Преписка*, т. II, 164.

[221] Гане Тодоровски, „Револуционерниот лик на Гоце Делчев“, *Трактати за сонцељубивите*, 188.

српските и бугарските револуционери. Тоа значело, прилагодување на македонското револуционерно движење кон актуелните, тековни услови. Затоа, македонските револуционери морале да внимаваат и на политиката на балканските држави, претенденти кон Европска Турција, респективно кон Македонија, но и на интересите на Големите сили (Австро-Унгарија, Русија, Италија). Затоа, ослободителната борба требала да го опфати сето население во Македонија. Г. Делчев бил личност со рано всадена и постојано култивирана свест за високите вредности на човечкото достоинство. Реалистичноста кај Гоце кулминира и во неговата упорност против предвременото решение за кревање на востание во Македонија, сметајќи дека таа требала да биде постојано во положба на востаната област.[222] Тој не само што предупредува дека е „*престапно да се ослободува еден народ преку преднамерно создадени пожаришта и касапници*" и дека „*практичните сообразувања наложуваат борба со најголема заштеда на средстава и сили*"[223], туку е наполно свесен дека неколкуте илјади македонски пушки и бомби не можат да ја победат Османлиската Империја. За

[222] Гоце Делчев прв се спротивставил на решението за востание (донесено во Солун, во јануари 1903 г.) и на негова иницијатива во Софија било организирано советување на група македонски револуционери. Со свои излагања настапиле тој, Ѓ. Петров и др. Тие сметале дека меѓународната и внатрешната ситуација во Македонија не била поволна за кревање на востание. Собирот се искажал против решението за востание.

[223] Гане Тодоровски, Гоцевата мисла во македонското револуционерно и културно наследство", *Трактати за сонцељубивите*, 1974,189.

Гоце, борбата на Македонците има подлабока смисла, народот да се убеди дека е способен да се бори за своите права, слободата не се подарува. „*Ослободувањето на Македонија се крие во внатрешното востание. Кој мисли поинаку да се ослободи Македонија, тој се лаже и себеси и другите*!“, е неговиот конечн став.[224]

Од 1872, годината на неговото раѓање, до 1903, годината на неговата смрт, се протегаат само 31 година, живот на смотник и масовик, живот на инвентивен дух што сета енергија ја завештал на народната борба за слобода. Делото на Гоце Делчев „*остана како патоводна ѕвезда за идните македонски поколенија*“.[225] Во оваа смисла се и зборовите на Ѓорче Петров искажани на предавањето пред македонските студенти во Софија, во мај 1919 г. „*Тој* (Гоце Делчев, б.н.) *не беше ниту неповторлив, ниту недосеглив, ниту пак човек на минатото, за да се задоволуваме само со неговите спомени, туку секој може да биде, ако не Делчев, тогаш барем слично на него. Доволно е само како него, да се презре своето лично богатство во полза на татковината и да се напои душата со неговите човечки и општествени*

---

[224] Писмо до Ефрем Каранов, *Гоце Делчев. Писма и други материјали*, 273–277 .

[225] Коста Веселинов за Г.Делчев. – Христо Андонов-Полјански, *Гоце Делчев*, 175.

Коста Веселинов (1908–1942) е македонски културно-национален деец, правник, историчар и публицист, роден во с. Бобшево во пиринскиот дел на Македонија.

*добродејствија.*“[226] Гоцевата револуционерна традиција се рефлектира и во опусот на македонските поети: Кочо Рацин, Никола Ј. Вапцаров, Коле Неделковски и др. Така за поетот Кочо Рацин, Делчев е првоборец, кој знаел кои се вистинските потреби на Македонија во конкретното време и на народот за слобода и за економски-културен развој и негово подигање „*како нација.*“[227] Во народната меморија, во нашата непишана историја, која секој Македонец, иако честопати неграмотен, ја учел од постарите, од нивните прикажувања, од песните што ги пееле покрај семејното огниште или на домашните веселби, Гоце Делчев останува запаметен како една грандиозна фигура, како борец и војвода кој секогаш бил во служба на народот, негов организатор, водач и заштитник. Она што го беседел на средбите, секој негов збор проникнувал во народната душевност.

Името на Гоце Делчев е особено популарно во народноослободителната борба. Го носеле некои партизански чети, одреди и бригади (Битолски партизански одред „*Гоце Делчев*“, 1942 г.; Бригадата „*Гоце Делчев*“, 1944 г.), а присутно е и во документите на АСНОМ, особено во Манифестот. Не треба да се изостави и фактот дека името на Гоце Делчев се споменува и во македонската

---

[226] Гане Тодоровски, „Револуционерниот лик на Гоце Делчев“, *Трактати за сонцељубивите*, 184.

[227] Кочо Солев Рацин, „Значението на Илинден“, *Избрани дела*, *Проза и публицистика*, избор, редакција и предговор В.Тоциновски, Скопје, 1987, 170-172.

национална химна „*Денес над Македонија се раѓа*“, и тоа во сите нејзини варијанти. Писателот Владо Малески го внел неговото име како прво, во песната која настанала уште кон крајот на 1941 г. како апотеоза на македонската борба за слобода и за државност. Како што е познато, овој стих во македонската национална химна, официјално усвоена во 1992 г., гласи: „*Одново сега знамето се вее, на Крушевската република! Гоце Делчев, Питу Гули, Даме Груев, Сандански*!“ Ова пак, уште еднаш покажува дека и во едно од најзначајните обележја на националниот и на државниот идентитет било неизоставно спомнувањето на Гоце Делчев, како личност која е еманација на македонската борба за слобода и независност.


МАКЕДОНИЯ ЗА МАКЕДОНЦИТѢ

**Проф. д-р ТОДОР ЧЕПРЕГАНОВ**

# ИЛИНДЕНСКО ИЛИ ИЛИНДЕНСКО ПРЕОБРАЖЕНСКО ВОСТАНИЕ!?

Во годините по осамостојувањето на Р. Македонија станавме сведоци кога скоро секојдневно имаше политичари кои се јавуваа за да ги толкуваат историските настани и личности, без притоа да имаат било какво познавање на истите или да прочитале нешто за истите, а за кажаното не сносеа никакви последици туку уште повеќе настојуваа да ги наметнат своите ставови само поради фактот што го имаа авторитетот на политиката. А голем дел од тоа што го застапуваа беше далеку од вистината. Уште пред потпишувањето на „договорот за добрососедство, пријателство и соработка“ со Бугарија тогашниот градоначалник на Струмица Зоран Заев со брусилка ги избриша зборовите од споменикот подигнат во чест на Благој Јанков Мучето дека истиот е убиен од „... куршум“ а чиј останува енигма. Го избруси зборот „бугарски“ како негов придонес кон добрососедските и пријателските односи со Бугарија што постојано го повторуваше. На таа „брусилка историја“ за жал не реагираше никој. А всушност се работеше за скрнавење на споменик што е казниво со закон. И уште повеќе, во контекст на „добрососедските и пријателските односи“ со Бугарија во својство на премиер, Зоран Заев ќе изјави „дека голем дел од историјата“ со Бугарија „е заедничка и дека во македонските учебници ќе биде променето сè она што не е во новиот дух на

соработка помеѓу двете држави" и дури дека „ние сме братски народ, ние сме един и същ народ".[228] По потпишувањето на договорот со Бугарија се формира Мешовитата македонско-бугарска експертска комисија, со цел да се „изврши денационализација и деполитизација на минатото и да се усогласат ставовите како деловите од историјата во учебниците да биде прикажана на начин кој нема да биде навредлив за никого"[229] и во тој контекст да се издвојат датуми за заедничко чествување. Досега комисијата како датуми за заедничко чествување на своите влади ги има предложено Св. Кирил и Методиј, Григор Прличев, Свети Наум и цар Самоил. Меѓутоа, извор на сопнување во работата на Комисиите настана кога бугарската страна го истакна барањето да се прифати дека Гоце Делчев бил Бугарин што македонските членови на Комисијата не го прифатија, а предложија ден на заедничко чествување да биде пренесувањето на моштите на Гоце Делчев од Софија во главниот град на тогашна Народна Република Македонија што не беше прифатено од бугарска страна. Несомнено дека „ценкањето" околу датумите, личностите и настаните од македонската историја ќе продолжат имајќи предвид дека се работи за политички формирани комисии кои мора да дадат резултат. А

[228] https://respublica.edu.mk/blog/2017-07-24-09-13-09,

[229] https://www.vecer.press/%D1%88%D1%82%D0%BE-%D1%9C%D0%B5-%D1%81%D0%B5-%D0%B1%D1%80%D0%B8%D1%88%D0%B5-%D0%BE%D0%B4-%D1%83%D1%87%D0%B5%D0%B1%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D0%BE-%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8/

политичките одлуки во случајов треба да бидат потврдени од научни работници со изговор дека политиката немала никаков удел во сето тоа. Дежа ву.

Исто така често споменуван датум за заедничко чествување е и Илинденското востание, или како што милуваат да кажат Бугарите Илинденско-Преображенското востание. Во тој контекст беа одржани и неколку средби на македонските и бугарските историчари, но истите завршуваа и пред да почнат. Македонските историчари стоеја цврсто на ставот дека Илинденското востание му припаѓа на македонскиот народ. Она на што настојува бугарската страна е заедничко чествување на Илинденското востание и тоа како Илинденско-Преображенско, со тоа настојувајќи да му се даде сосема друга димензија на истото. Таа настојува да стави равенство меѓу Илинденското и Илинденско-Преображенското востание. Дилемата дали тоа било Илинденско или било Преображенско-Илинденско или Илинденско Преображенско постои само кај оние кои се обидуваат на било кој начин да „докажат" дека тие две востание се раководени од еден центар и за една иста цел. Центарот е Софија и дворот на кнезот, а целта е обединување на Македонија со Бугарија. Дури се појавија и тврдења дека во документите се зборува за Преображенско-Илинденско востание, но македонските историчари ги фалсификувале документите. Но документите се неумоливи. Илинден е исклучиво македонски празник. Кој мисли поинаку се лаже и себе си и другите. Тоа што голем дел од организацијата на

востанието одела преку Бугарија не значи дека тоа е бугарско. Истата ја водат, пред се`, македонски револуционери. Македонската револуционерна организација (МРО), како секоја илегална организација, барала помош за реализирање на своите идеи и цели. Во организирањето на востанието го вложила целиот свој физички и материјален потенцијал за тоа да биде што подобро организирано. Од своја страна Бугарија вети „200.000 штикови“ како помош на македонските востаници. Но, тоа не се случи. Востаниците мораа самите да се борат против Османлиите до крајот на ноември 1903 година. Востанието заврши со неуспех, но му ја покажа на светот желбата на еден народ да биде свој на своето, со своја држава, нација, јазик и култура. По востанието, во репресиите страдаше македонскиот народ. И сосема е нормално што Илинденското востание живее единствено во колективната меморија на македонскиот народ, бидејќи само тој, македонскиот народ, ја прифати одлуката на Организацијата да се крене, да учествува и да го води и на крајот да ги трпи последиците од востанието. Ниту еден друг народ на Балканот не учествуваше во ова.

И во Бугарија, споменот за Илинден во 20-тите години на XX век започнала да го чествува македонската емиграција бидејќи тој живеел во меморијата на Македонците. Сигурно дека овие факти се добар повод да се направи една ретроспектива на тоа како и кај кој народ живее во колективната меморија ова востание и како се именува. Колективната меморија може да биде оној

барометер кој покажува што тој настан или личност значи во историјата на еден народ. Токму во овој контекст би требало да се стави истражувањето во однос на именувањето на востанието.

Познато е дека во Бугарија се наоѓаше голема маса македонска емиграција која беше организирана во друштва кои делуваа на разни начини, објавуваа дневни весници и имаа свое влијание во животот на македонската емиграција.

Според постојната документација прославите по повод Илинденското востание започнале да се организираат во Бугарија од страна на македонската емиграција пред Балканските и Првата светска војна, по сопствена иницијатива.

Организирано прославување на Илинден настапува со формирањето на Илинденската организација (Основачки когрес 19-21 јануари 1923).[230] Организацијата имала печатен орган. Една од задачите на друштвото била и активноста за негување на традициите на македонските революционерни борба т. е. да се популаризира „македонската историја, македонскиот хероизам, македонското самосознание".[231] Во нивна организација се започнало со одбележување на годишнини од убиствата на македонски револуционери. Исто така друштвото посебно внимание ѝ посветило на акцијата за пронаоѓање и

---

[230] Види поопширно: Вера Гошева, Илинденската организиација (1921-1947). Институт за национлна историја, Скопје, 2004., 24.

[231] Цитирано според: Вера Гошева, Илинденската организација…32.

зачувување на архивите и знамињата на некои револуционерни реони и востанички чети во Македонија.[232]

Веднаш по формирањето на илинденските друштва како една од нивните главни активности било организирање прослави по повод годишнините од Илинденското востание. До основчкото собрание на Друштвото „Илинден” организирањето на честувањата по повод Илинденското востание се одвивало по сопствена иницијатива во рамките на илинденските друштва.

Непосредно по завршувањето на Првата светска војна, во 1919 година, во знак на сеќавање на загинатите во Илинденското востание биле одржани панахиди од емигрантите од Крушево во црвата „Св. Спас” и од членовите на Исполнителниот комитет на македонските братства, Врховниот комитет „Одринска Тракија” и „Добруџанската организација” во црквата „Св. Недела”. И во 1920 година македонските емигранти во Бугарија ја продолжиле традицијата на одбележување на Илинден со панахиди.[233] Поорганизирано чествување на Илинден во редовите на македонската емиграција започнува од 1921 година. Голема улога во тоа одиграло Друштвото „Илинден”. Прославата во Софија била организирана од страна на Софиското друштво. По отслужувањето на панахидите за сите македонски револуционери биле организирани: утро (со литературно-музички дел) и народна веселба

[232] Исто таму.
[233] Исто, 33.

(литературно-танцувачка вечер, на која учесниците биле облечени во македонски носии).[234]

Чествувањето на Илинден меѓу македонската емиграција продолжило и во наредните години. Се одбележувал на истиот начин, со панахиди во црквите, говори за значењето на Илинденското востание и посети на гробовите на исткнатите македонски револуционери, а се организирале и веселби.

На самите манифестации учествувале голем број македонски емигранти. На прославата на Илинденското востание во 1922 година во Софија учествувале неколку десетини илјади лица од повеќе средини, и истата била оценета како најмасовна дотогаш, а на честувањето во 1924 година зеле учество над 30.000 луѓе.[235]

Во големиот број написи во гласилото на Илинденската организација повеќе нејзини членови се пројавиле со свои написи во кои се осврнувале на значењето на Илинденското востание за македонскиот народ. Со ниту еден збор не се споменува Преображенското востание.[236]

---

[234] Исто, 34.

[235] Исто, 35. Насловите во весниците биле: А. Јовковъ, Илинденъ 1903, „Илинденъ", III, 5 августъ 1923, 20, 2; А. Јовковъ, Илинденското възстание въ историята, „Илинденъ", III, 19 януарий1923, 3, 1; А. Јовковъ, Илинденското възстание въ историята, „Илинденъ", III, 28 януарий 1923, 4, 1; Тържествена прослава на 20-годишнината отъ Илинденското възстание, „Илинденъ", III, 12 августъ 1923, 21, 1; Илинденъ въ София, „Независима Македония", II, 9 августъ 1924, 70, 1; Деньтъ на Илинденското възстание, „День", XI, София„ 9 августъ 1922, 431 (3252), 2; Конференцията на илинденци, „День", XI, София„ 5 августъ 1922, 428 (3249), 2 и др.

[236] Исто таму.

Чествувањето на Илинден во 1923[237] година било збогатено и со пренесувањето на посмртните останки на Гоце Делчев во просториите на Илинденската организација во Софија. На 2 август 1923 година од куќата на М. Чаков посмртните останки на Гоце Делчев биле пренесени до црквата „Св. Недела“. Во процесијата учествувало Раководното тело на Илинденската организација и Националниот комитет на македонската емиграција.[238] Во црквата саркофагот останал до 5 август 1923 година кога биле пренесени во канцеларијата на Илинденската организација.

По 1924 година чествувањето на Илинден од македонската емиграција во Бугарија започнува да поприма политички димензии. Од страна на Националниот комитет бил воведен посебен „Ден на Македонија“ со што Илинден бил сведен само на патронен празник на Илинденската организација и покрај фактот што Илинден македонската

---

[237] На 1 август 1923 година српскиот дипломатски претставник од Софија испраќа телеграма до Министерството за надворешни работи во кое известува дека: „на 2 август ќе се прослави во Софија дваесет годишнината на македонското востание. Во таа прилика ќе се изведе голема македонска манифестација во која ќе учествуваат сите македонски братства и сите друштва... Во врска со Вашата телеграма Пов. бр. 738 Ве молам да и изјавите на тамошната влада, дека претстојната македонска манифестација на македонците ја сметаме како предизвикување и спротивно на Нишкиот договор и на миројубивите уверувања на претседателот на бугарската влада и министерот за надворешни работи...“. Архив на Југославија, ф. Међународни односи између два Светска рата, Бугарска II.

[238] Посмртните останки биле положени во специјален саркофаг, на кој било запишано: „Ги заколнуваме поколенијата овие коски да бидат погребани во престолнината на Независна Македонија”. Вера Гошева, Цит. труд., 38.

емиграција во Бугарија го доживувала како „симбол на македонската борбеност” и „македонски ден”, а за Илинденската организација „го симболизира нејголемиот момент во историјата на македонското ослободително револуционерно движење”. Со воведувањето на „Ден на Македонија“ Националниот комитет сметал полека да се изгуби споменот за Илинденското востание меѓу македонската емиграција во Бугарија со смртта на нејзиниот последен член. Чествувањата на Илинден од 1924-1928 година почнуваат да имаат се поскромен карактер и го задржале претходниот начин на чествување со панахиди, говори, посета на гробовите на македонските револуционери и народна веселба. Во 1928 година прославата била одложена поради убиството на Александар Протогеров, а во 1929 година била одложена за „поповолно време”. Од 1930 до 1932 година чествувањата по повод Илинденското востание биле прославувани само со панахиди. Од 1933 година организацијата околу чествувањето повеќе не доаѓала од Илинденската организација туку од Националниот комитет. Прославата на 30-ет годишнината од Илинденското востание не била одржана поради тоа што „Управата на престолнината” го забранила тоа. Чествувањето било направено како и во претходните години.[239]

Во документот од Централниот партиски архив[240] во Москва насловен „Бугарската комунистичка партија и националното прашање” се истакнува: „Во 1903 година во Македонија избувна

[239] Види поопширно: Вера Гошева, Цит. труд., 163-7.
[240] Ibidem.

познатото ‘Илинденско’ востание, големо масовно револуционерно движење на христијанските и малку имотните градски маси”.[241]

Во Органот на бугарската комунистичка партија „Работнически весник”, во периодот меѓу двете светски војни постојат огромен број на написи кои се однесуваат на Илинденското востание. Во некои од нив меѓу другото читаме: „Во овој момент целата...македонска емиграција во земјата е возбудена од спомените на величественото македонско народно востание пред 20 години. *Илинден*[242] е за оваа прогонета, бедна и бездомна емиграција едно знаме, под кое таа секогаш е спремна да се собере и кон кое таа има света верба…Илинден беше знаме свое, знаме народно, знаме македонско…”. И на крајот написот завршува со паролите „Поклон пред споменот на Илинденците! Поклон пред знамето на Илинденското востание”.[243] Во сите написи во периодот меѓу двете светски војни не постои напис во кој не се пишува и истакнува значењето на Илинденското востание. Во ниту еден напис истото не се поврзува со Пеображенското востание. И во 1936 година истиот весник донесува напис под наслов „Да се сплотиме под знамето на илинденските идеали”. Меѓу другото се истакнува: „Македонската историја е исполнета со епизоди на хероизам од страна на македонските револуционери во борбата против тиранијата на султанот. Но по

[241] Ibid.
[242] Курзивот е во оригиналот.
[243] В. „Работнически Вестник”, бр. 52, 1923., 1.

својот масовен карактер Илинденското востание си останува единствено со епохално значење во македонската ослободителна борба”.[244]

По повод годишнината од Илинденското востание весникот „Македонски вести” во 1936 ќе донесе повеќе написи за истото. Насловот на првата страница е „Илинден – македонски национален празник”. И меѓу другото се потенцира: „Македонскиот народ си има свој национален празник. Тоа е Илинден. – Денот на кој кога македонскиот роб излезе на решителен двобој со султанските потисници за национално ослободување и економска благодет”.[245]



**Гоце Делчев со серската чета**

---

[244] В. „Македонски Вести”, бр. 64, 1936., 1.
[245] Исто таму.

И во органот на Софискиот окружен комитет на ВМРО (о) „Обединист"  од 1935 година во статијата под наслов „Илинден", се истакнува: „Со Илинденското востание македонскиот народ најдобро докажа дека е готов да умре за остварување на издигнатите од првоапостолите на македонскиот народ пароли. На илинден поробена Македонија ја пројави својата огромна револуционенра моќ и волја за слободен живот".[246]

Што значел Илинден за македонската емиграција во Бугарија најдобро покажува обидот на Националниот комитет на македонските братства да го замени чествувањето на Илинден со Духовден. Во однос на тоа се пројавила македонската емиграција со напис во в. „М. Р." во кој истакнува: „Врховистичкиот национален комитет, сака да  му се наложи на македонскиот народ и на емиграцијата Св. Дух како ден на Македонија. Тоа беше неопходно за врховизмот да го одречи вистинскиот ден на Македонија, ИЛИНДЕН, за да се фрли маска врз првата македонска револуција и по таков начин да не дозволи на македонските маси да црпат од неа поука и инспирација за револуционерна борба. Тие не сакаат да го прифатат и чествуваат Св. Дух како свој, зошто тој е врховистички ден кој нема никаква врска со историјата на македонската ослободителна борба. Поробена Македонија си има свој историски величествен Илинден во кој целиот македонски народ востана со оружје во рака за национално и

[246] „Обединист", г. 1, бр. 4, јули 1935,, 2.

социјално ослободување, за слободна и независна Македонија.

Илинден е жив спомен, поттик, инспирација и пример за ослободување. Да го запазиме и уште повисоко да го издигниме тој револуционенрен празник како ДЕН НА МАКЕДОНИЈА...”.[247]

За разлика од чествувањето во Бугарија, во делот на Македонија во рамките на Кралството СХС/Југославија било забрането јавното чествување на Илинден. Чествувањето единствено можело да с организира тајно. Дури се одело и дотаму што и посетите на Крушевчани на Мечкин Камен биле забранети од српските власти. Во овој период единственото масновно организирање на Илинден се случило во организација на ПК на КПЈ за Македонија, кога биле организирани од страна на младината масовни собири во Охрид, Прилеп, Скопје, Струмица. Истите биле проследени со полициска забрана и затворање на голем број учесници во демонстрациите.[248]

Треба да истакне дека во 1939 година во исчекување на настаните кои се очекувале да се случат на Балканот, на чествувањето по повод годишнината од Илинденското востание за првпат се забележуваат и претставници на бугарската држава. Така во Варна на илинденската прослава присуствувал градоначалникот на градот, додека во Софија поголема група државни претставници ја посетиле канцеларијата на Организацијата.[249] На

[247] „М. Р.” г. 1, бр. 4, јуни 1935., 1.
[248] Вера Гошева, Цит. Труд, 219.
[249] Исто таму, 196.

прославата во 1940 година по одржувањето на панахидата и молитвата во црквата „Св. Недела" претседателот на Бугарското народно собрание Никола Логофетов од името на бугарскиот народ им се заблагодарил на паднатите учесници во Илинденското востание, посакувајќи им на живите македонски ветерани добро здравје. Истиот меѓутоа не присуствувал на годишнината на Преображенското востание, која по иницијатива на Тракиската организација се одржала на 19 август 1940 година.[250]

Почетокот на Втората светска војна и префрлањето на воените акции на територијата на Балканот биле една од основните причини Бугарија како држава да го промени својот однос кон чествувањето на Илинденското востание. Во ситуација кога Бугарија се наоѓала пред реализирањето на својот вековен сон, припојување на Македонија, бугарската држава видела голема можност Илинденското востание да биде искористено во пропагандни цели и да се претстави како едно од најголемите бугарски востанија. Таа улога на себе ја презела Дирекцијата за национална пропаганда која била формирана на 5 април 1941 година со цел да работи на одбрана на интересите на Бугарија. Првата можност јавно да ја промовира својата активност Дирекцијата за пропаганда ја имала во пресрет на годишнината на Илинденското

[250] Исто, 196-7. Меѓутоа, истиот политичар не ја посетил прославата организирана по повод годишнината од Преображенското востание, која била организирана на иницијатива на Тракиската организација на 19 август 1940 година. Исто., 197.

востание во 1941 година. Тогаш за прв пат од 1903 година бугарската држава преку весникот „Целокупна Бугарија" излегува со соопштение дека „во новата историја на Бугарија Илинден го зазеде местото на највисока пројава на бугарското воинство" и покрај тоа што и самите признавале дека Илинден бил „довчера знаме во борбата која Македонија ја водела за своето ослободување".[251]

Дирекцијата за национална пропаганда како орган на бугарската влада со посредство на печатот, радиото, литературата и со организирање на предавања, свечености, прослави и манифестации активно учествувала во креирањето на јавното мислење во државата и имала голема заслуга во подготвувањето на народот да ги прифати и одобри сите постапки вршени од државните служби. Во реализирањето на поставените задачи биле ангажирани сите министерства, спортски организации, читалишта и бугарската православна црква. Официјален орган на Дирекцијата бил весникот „Целокупна Бугарија" кој од првиот број

[251] „Целокупна България", 1 август 1941, 55, 1. Меѓутоа, треба да се истакне дека само неколку години порано Себугарскиот сојуз „Отец Пајсиј", кој како политичко вонпартиско здружение имал за цел "народносно и државно самозачувување" на целиот бугарски род и на сите Бугари "каде што тие се наоѓаат", ги повикувал Бугарите во странство да ги празнуваат следните значајни историски датуми: а) 3 март – ослободувањето на Бугарија; б) 24 мај – Св. Кирил и Методиј; в) 27 септември – ден на "Отец Пајсиј"; г) 27 ноември – Потпишувањето на Нејскиот договор. Види поопширно, Вера Гошева, Цит. труд., 191-2. Во овој список Илинден како бугарски празник не постои што било и сосема нормално бидејќи тој бил одбележуван единствено од Илинденската организација во која била организирани македонската емиграција и Илинден во нивната меморија бил дел од македонската историја, а не дел од бугарската историја.

(24 мај 1941 год.) до последниот број (31 август 1944 год.) истрајал на својата поставена цел во докажувањето на бугарскиот карактер на Македонија.[252]

Одеднаш бугарските институции, а и самата држава станале многу „свесни" за значењето на Илинденското востание. Истите почнале да го сметаат Илинденското востание како востание кое според покажаната сила на духот, по бројот на учесниците и дадените жртви го заземало првото место во „редицата востанија за ослободување на бугарскиот народ".[253]

По добиената дозвола од нацистичка Германија да ја окупира Македонија (18 април 1941) бугарските окупациони власти по воспоставувањето на административната и полициската власт сфаќајќи го значењето на Илинден за Македонците, а имајќи го предвид значењето на пропагандата веднаш го презела во свои раце организирањето на чествувањето на Илинден. Бугарската власт организираните прослави сакала да ги претвори во покажување на „борбената и нескршлива бугарштина". Илинденската организација се претворила во инструмент на бугарската фашистичка идеологија. Илинденските традиции ги изедначиле со фашистичките идеали кои биле прокламирани од бугарскиот државен врв. Македонските идеали со еден збор биле присвоени и користени во цели на величење на фашистичката идеологија и нејзините лидери.

[252] Вера Гошева, Цит. труд, 202.
[253] Цитирано според: Вера Гошева , Илинденската орг..., 205.

Обидот да организира што повеќе илинденски друштва од април до август 1941 година резултирал со само две формирани друштва во Делчево и во Крушево. Од тие причини, со цел да го канализираат формирањето на Илинденски организации, бугарските окупаторски власти формирале специјални комитети за организирање на Илинденските манифестации скоро во сите градови на Македонија.[254] Од своја страна Битолската обласна дирекција изработила посебен план во шест точки во кој биле набележани чекорите кои требало да се преземат во однос на чествувањето. Во точка 3 се предвидувало „да се пронајдат и прослават живите дејци од она време“ и во точка 4 „да се пронајдат имињата на загинатите и за нив да се отслужи помен било во црква, било на местото каде што биле убиени. Службата да заврши со говор, а при можност да се приреди и литературно-музичка вечер“.[255]

За прославата во 1941 година бугарската влада организирала и бесплатен превоз за македонските емигранти во Бугарија и уште повеќе во Софија во средината на јули 1941 година организирале и Комитет при македонските добротворни братства кој требало да го организира одењето на македонските емигранти на прославата на Илинден.[256]

Централната прослава во 1941 година се одржала во Битола. За време на чествувањето им биле дадени големи почести на остарените македонски револуционери од страна на

---

[254] Исто таму, 220.
[255] Исто.
[256] Исто.

градоначалниците и официјалните бугарски власти. Исто така биле одржани и панахиди, молитви, полагање цвеќиња на гробовите на заганатите учесници во востанието, воени паради, а пред Илинден во некои градови биле одржани и свечени академии.[257]

Дури и во Софија се одржало чествување на кое присуствувал и министерот за надворешни работи Петар Габровски, член од свитата на цар Борис III, претседателот на македонските братства и членови на Илинденската организација, а претходно во црквата „Св. Недела“ била отслужена панихида.[258]

И во наредните години бугарските окупаторски власт го користеле Илинден во пропагандни цели. Во 1942 година централната прослава се одржала повторно во Битола. Интересно е што Битолската околиска управа во мај 1942 година забележала дека членовите на Илинденската организација носат значки на кои пишувало „Илинден и Независна Македонија – за неа ние се бориме, за неа ние умираме“ и побарале да се избрише слоганот „Независна Македонија“, а да остане само Илинден.[259]

На XII конгрес на Илинденската организација одржан во Битола на 2 август 1942 година, а со цел Конгресот да биде помасовен, над 300 членови на Илинденската организација, заедно со претседателот на Раководното тело Л. Томов, претставници од речиси сите патриотски организации (Македонскиот

[257] Исто, 222.
[258] Исто.
[259] Исто, 210.

научен институт, Тракискиот научен институт, преображенци, македоноодринци и др.) пристигнале од Бугарија.[260]

Во 1943 година централната прослава се одржала во Крушево. Сценариото за сите прослави било исто како и во 1941 година. Меѓутоа во 1944 година поради состојбата на фронтовите и притисокот на Црвената армија одбележувањето било многу скромно.

Може да се истакне дека основната цел на бугарските окупаторски власти била да се фашизира чествувањето на Илинден. Во тие историски услови кога македонскиот народ се наоѓал под бугарска окупација членовите на КП на Македонија се обидувале да ги осуетат таквите прослави. Со таква немара во 1941 година издале повик до Македонците, Турците, Албанците и Власите при што биле повикани да го бојкотираат одржувањето на манифестациите.[261] Од своја страна и КП на Бугарија во декември 1941 година издала проглас во кој се критикувало однесувањето на бугарските фашистички окупатори кои се обиделе „да се маскираат со најголема славна дата од револуционерната историја на Македонците- Илинденското востание. Тие бесрамно тврдеа како идеалите на Крушевската република биле идеали на Хитлер и цар Борис - тие заколнати непријатели на слободата на народите. Вие старите Македонци, живи сведоци на Илинден, вие ќе потврдите дека Илинден беше и е македонско, а не на бугарските

[260] Исто, 209.
[261] Исто, 224.

фашисти, дека на Црвеното Крушевско знаме беа напишани зборовите – слобода, братство и рамноправност“.[262] Исто така в. „Работническо дело“ во летото 1943 година известува дека од Кавадарци и Неготино биле интернирани 35 лица „родители на партизани, мирни селани, граѓани, илинденци, борци“.[263] Причината за нивното интернирање била активноста на нивните синови.[264]

Во 1946 година Тодор Павлов во својата статија насловена „Гоце Делчев” ќе истакне „…Кога во време на Илинденското востание се создаде првата национална и социјална република во Крушево под претседателство на национал-револуционерот и социјалистот Никола Карев, таа не само во писмените документи, туку и преку самите дела ги поцрта токму сфаќањата на водачот на македонската национална револуција.” И продолжува „…токму пред Илинденското востание, за кое Гоце и Ѓорче Петров сметаа дека не беше доволно политички и воено подготвено…“[265]

По повод 65 годишнината од чествувањето на Илинденското востание во Бугарија официјално било наречено „Илинденско-Преображенско востание“ и сметано за „заедничка борба на Бугарите од Македонја и Тракија“. При чествувањето раководството на Комунистичката партија им доделило специјални награди на „некогашните учесници во револуционерните борби во двете

[262] Исто, 224.
[263] Исто, 225.
[264] Исто, 226.
[265] Тодор Павлов, Гоце Делчев, Нариздат, 1946.

области“. Од своја страна бугарските историчари водачите на востанието ги именувале како „големи бугарски патриоти“.[266]

И Фикрет Аданар во својата книга „Македонскиът Въпрос” има посебна глава под наслов „Илинденското востание 1903 г.” каде што со ниту еден збор не прави корелација со Преображенското востание.[267]

Но во „Енциклопедија Бугарија” објавена 1982 година, по партиската директива има одредница „Илинденско-Преображенско востание 1903” и дефининирано како „врвна точка во национално-револуционерното движење на бугарското население во Македонија и Одринско”.[268]

---

[266] Чавдар Маринов, Македонското прашање од 1944 до денес. Комунизмот и национализмот на Балканот, Фондација Отворено општество – Македонија, Скопје, 2013, 84.

[267] Фикрет Аданаър, Македонскиют Въпрос, София, 2002., 169-207.

[268] Енциклопедия България, том 3, И-Л,, Издателство на Българската академия на науките, София 1982., 104.



**Ефрем Чучков**

**Проф. д-р НИКОЛА ЖЕЖОВ**

# РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТ НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ И ЕФРЕМ ЧУЧКОВ ВО ЌУСТЕНДИЛСКИОТ ПУНКТ НА ВМРО ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА 1902 ГОДИНА

Револуционерната дејност на Гоце Делчев[269] во македонското револуционерно движење и особено

---

[269] **Гоце Делчев (1872- 1903)**, македонски револуционер, учител, војвода и ревизор на четите на МРО/ТМОРО/ВМОРО. Бил роден во градот Кукуш, Егејска Македонија. Завршил егзархиска гимназија во Солун и се запишал на Военото училиште во Софија. Во редовите на МРО бил приклучен од страна на Даме Груев во 1894 година. Во Штипско ја зацврстил организационата мрежа и воспоставил канали за пренесување на оружје во Македонија. Учителствувал во штипско Ново Село. Активно учествувал во создавањето на комитети на Организацијата во Кукуш, Солун, Дојран и Гевгелија. Учествувал како делегат на Солунскиот конгрес на ТМОРО во 1896 година. Заедно со Ѓорче Петров го напишал Уставот на ТМОРО во 1896 година. Бил еден од основачите на четничкиот институт на Организацијата и учествувал во создавањето на канали за пренесување на оружје од Бугарија на територијата на Македонија. Од страна на ТМОРО бил избран за главен ревизор на четите во кое својство направил обиколка на повеќе револуционерни окрузи на Организацијата низ целата територија на етногеографска Македонија, особено во текот на 1901 и 1902 година. Бил избран и за член на Задграничното Претставништво на ТМОРО во периодот пред избувнувањето на Илинденското востание. Станал еден од главните поборници на идејата за тоа да не се крева избрзано востание во Македонија и да се чека поволен момент за тоа. По дознавањето на одлуката за кревање на Илинденското востание остварил средби со поголем дел од раководителите на ТМОРО, меѓу кои и со Даме Груев, во обид да ги разубеди во неисправноста на таквата одлука. Загинал во судир со турската војска кај селото Баница, Серско на 4 мај (нов стил) 1903 година.

ВМРО[270] била од огромно значење за зацврстувањето на самостојниот карактер на Организацијата и за распространувањето на нејзината мрежа низ целата територија на Македонија. Делчев, од моментот на вклучувањето во Организацијата, постојано работел на создавањето на канали за пренесување на оружје од територијата на Бугарија, преку тогашната бугарско- турска граница, на територијата на Македонија која била покриена со мрежа на окружни и околиски комитети на ВМРО. За таа цел, Гоце Делчев особено внимание посветил на зацврстувањето на пограничните пунктови на Организацијата каде преку доверливи членови и соборци, создал голем број складишта и магацини за оружје, муниција, храна и облека за потребите на комитските чети, кои навлегувале на територијата на Македонија. Особено значајно место за таквата дејност на Делчев имал Ќустендилскиот

[270] Македонската историографија во различни временски периоди, различно го третираше пристапот кон името на Организацијата. Дел од постарата генерација македонски историчари, Организацијата јаословуваа со името Внатрешна Македонска Револуционерна Организација (ВМРО), иако во нејзините програмски документи, формално тоа име не се употребувало до 1919 година. Во 90-те години на минатиот век дел од македонските историчари што се занимаваа со ова проблематика го употребуваа името Македонска Револуционерна Организација (МРО). Македонските револуционери од раководството на Организацијата многу често го употребуваа името „Внатрешната организација“ или само „Организацијата“, а некои од нив дури и споменатото име „ВМРО“. Во колективната свест на македонскиот народ најпрепознатлив е терминот „ВМРО“ и затоа во оваа статија ќе го употребуваме тоа име.

пункт на ВМРО, кој од географска гледна точка бил најблиску до Македонија и овозможувал полесно префрлување на четите и нивно опремување пред заминувањето на македонска територија. Таквата активност на Гоце Делчев му се овозможувала и поради неговата позиција член на Задграничното претставништво (ЗП) на ВМРО во Софија каде функцијата ја извршувал заедно со Ѓорче Петров[271], токму до 1902 година. Еден од најдоверливите соборци на Делчев во Ќустендилскиот пункт бил Ефрем Чучков, со кого во текот на 1902 година имал честа писмена комуникација околу сите актуелни

---

[271] **Ѓорче Петров (1865-1921),** македонски револуционер, член на МРО/ТМОРО/ВМОРО. Роден е во с. Варош, Прилепско. Завршил гимназиско образование во Пловдив во 1885 година. Бил учител во Штип, Битола, Солун и на други места. Од март 1895 година бил член на ЦК на МРО. Во 1897 година бил назначен за член на ЗП на ТМОРО во Софија, заедно со Гоце Делчев. За време на Илинденското востание бил војвода на чета која дејствувала во Прилепско и имала битка кај селото Чаништа, Мариовско. По востанието останал во Македонија и бил делегат на Прилепскиот конгрес на Битолскиот револуционерен округ во мај 1904 година. Бил избран за делегат на Рилскиот конгрес на ВМОРО во 1905 година. За време на Балканските војни бил доброволец во МООП. За време на Првата светска војна бил председател на Битолската окружна постојана комисија, а подоцна и кмет на градот Драма. По првата светска војна бил член на раководното тело на Привременото претставништво на поранешната обединета ВМРО. За време на бугарската влада на Александар Стамболиски бил избран за претседател на Комисијата за бегалци при министерството за внатрешни работи. Го оспорувал легитимитетот на Централниот комитет на ВМРО и влегол во непријателски одоси со Тодор Александров. Бил убиен на 28 јуни 1921 година во Софија од страна на атентатор на ВМРО. Автор е на повеќе книги: „Материјали за изучување на Македонија”, „Македонското ослободително дело на бугарска почва”, „Градските организации”.

проблеми и предизвици со кои се соочувал овој пункт на ВМРО. Писмата за состојбите во пунктот најчесто биле испраќани од Ефрем Чучков[272] до Гоце Делчев, а поретко на релација Делчев- Чучков при што првиот бил многу „поскржав“ на зборови во писмата, веројатно поради претпазливост од евентуално запленување на кореспонденцијата од страна на турската или бугарската власт. Оваа писмена кореспонденција помеѓу двајцата македонски револуционери покажува дека Ќустендил, иако на бугарска државна територија, повеќе функционирал како база на ВМРО во нејзините активности за испраќање и пречекување на комитски чети од територијата на Македонија. Од тие причини и самата бугарска власт преземала

[272] **Ефрем Чучков** (1868/70 - 1923), македонски револуционер, член на ЦК на ВМОРО. Бил роден во градот Штип. Завршил егзархиска гимназија во градот Солун, а потоа две години учел во софиското воено училиште. Во 1896 година година завршил педагошко училиште во Казанл`к, Бугарија, по што учителствувал во Пехчево и Мелник. Од 1897 година станал нелегален и дејствувал во Кратовско, Кочанско и Штипско. Бил еден од најдоверливите соработници на Гоце Делчев во периодот пред Илинденското востание. Од раководството на Организацијата бил назначен за раководител на Ќустендилскиот пункт на ТМОРО. Во 1905 година бил избран за член на Скопскиот окружен комитет на ВМОРО. Во 1908 година учествувал во возобновувањето на десноориентираната ВМОРО и на Ќустендилскиот конгрес бил избран за член на ЦК на ВМОРО. За време на Првата балканска војна 1912 година бил војвода на чета и учествувал во ослободувањето на Кочани од турска власт. По 1920 година бил војвода на чета на ВМРО во Малешевско и Царевоселско. Дејствувал заеднички со четата на Тодор Александров во Источниот дел на Македонија. Починал во Софија, Бугарија.

мерки во градот за спречување на навлегувањето на четите во Македонија, а неретко се преземале акции и за откривање и неутрализирање на мрежата на Организацијата од бугарската полиција во овој дел на Бугарија. Писмата исто така покажувале и еден непобитен факт- ВМРО во Ќустендилскиот пункт, со свои финансиски средства го купувала оружјето. Значи пушки, бомби и муниција во складовите на Организацијата се внесувале не преку донации или подароци, туку со пари на Организацијата за кои раководителите на истата воделе внимателна грижа. Целото оружје се купувало преку неколку посредници при што со клучна улога и залагање на Гоце Делчев, се полнеле складовите на Организацијата во Ќустендилскиот пункт.

Со таква содржина започнала писмената комуникација на Делчев со Чучков во првата половина на 1902 година. Во текот на пролетта 1902 година, Е.Чучков ја интензивирал писмената кореспонденција со Г.Делчев при што го информирал за состојбите во Ќустендилскиот пункт на ВМРО. На 29 март 1902 година Е.Чучков му напишал поопширно писмо на Г.Делчев во кое го запознал со големиот број на проблеми на кои наидувал во пунктот. Во почетокот на писмото Чучков му побарал на Делчев бинокл (двоглед) за потребите на една од четите кои ги подготвувал за влез во Македонија. Веќе во вториот дел, Чучков му

ги изложил горливите проблеми во пунктот кои особено го засегнувале во неговата работа:

- Од ден на ден долговите се трупаат. Зошто Мерсин (псевдоним на Никола Зографов[273]) не се јави?.[274]

Чучков го известувал Делчев дека ги снемало и 8-те револвери што биле донесени во Ќустендилскиот пункт и за нив не можела да му даде информација и старата баба во чија што куќа се криеле поголемиот дел од членовите на пунктот. Ваквите ставови на Е.Чучков укажуваат на тоа дека бил прилично лут на работата на Н.Зографов, кој пред него извршувал функции во пунктот во Ќустендил. Е.Чучков му предочил на Делчев дека „сега нема ништо на виделина- а пак сметките?...“[275] Поради сето тоа Е.Чучков побарал од Г.Делчев да му сугерира на Н.Зографов да му се јави час поскоро и да му ги предаде сите документи од неговата работа во Ќустендилскиот пункт. Бидејќи Чучков не можел

---

[273] **Никола Зографов (1869- 1931),** македонски револуционер, член на МРО/ТМОРО/ВМОРО. Роден е во селото Ораовец, Велешко. По професија бил часовничар. Во 1895 година започнала соработката и пријателството со Гоце Делчев. Од раководството на Организацијата бил назначен за пунктов началник во Ќустендил каде останал до 1901 година. Учествувал во организирањето и работата на бомболеарницата во селото Саблер, Ќустендилско. Автор е на повеќе книги кои се однесуваат на историјатот на борбите за ослободување на Македонија и карактерот на македонското прашање. Починал во Софија, Бугарија.

[274] Централен Државен Архив (ЦДА) Софија, Република Бугарија, фонд 1938К, оп.2, а.е. 56, л.1.

[275] ЦДА, фонд 1938К, оп.2, а.е. 56, л.1.

да ги пронајде сметките побарал од Делчев да го известат Зографов да му укаже каде се наоѓаат истите и на кое место ги оставил. Во понатамошниот дел од писмото Е.Чучков го информирал Делчев дека во Кочани организационите луѓе побарале од пунктот да подготви „некоја сериозна чета“ за што штипскиот револуционер веќе издал наредба за подготовки и заминување.[276] Во писмото, Е.Чучков му потенцирал на Делчев дека во четата за Кочанско можел да влезе и Борис Сарафов[277], но „строго да му

---

[276] Ibidem, л.1а.

[277] **Борис Сарафов** (1872-1907), македонски револуционер, член на ТМОРО/ВМОРО. Роден е во селото Либјахово, Неврокопско. Завршил во Солунската егзархиска гимназија, а потоа Воено училиште во Софија. Како офицер во бугарската армија служел во градовите Белоградчик, Русе, Софија и Борческа натура, Бугарија. Стоел на чело на акцијата на Врховниот македонски комитет во 1895 година кога предводејќи чета од осумдесет четници успеал да ја превземе власта во градот Мелник. Првите контакти со Даме Груев, Гоце Делчев и Пере Тошев ги остварува во 1896 година кога со руски пасиш доаѓа во Солун. Тој е еден од основачите на тајните офицерски братства во Бугарија. Бил истакнат, член на Врховниот македонски комитет (ВМК), додека на VI конгрес на македонските братства во Бугарија, со поддршка од страна на Гоце Делчев и Ѓорче Петров, бил избран за претседател на ВМК во периодот 1899-1901 година. Започнал широка акција за прибирање на паричнји средства за потребите на Организацијата. Во рамките на тие негови заложби е и доделувањето на 100 000 златни лева на Орце Попјорданов за реализација на Солунските атентати во 1903 година. Во истиот период кога се случуваат атентатите тој се наоѓа во Битолско и води неколку битки против турската војска. Патувал во Русија, Швајцарија, Србија и Франција со цел да ги запознае тамошните општества со суштината на македонското прашање, но и за обезбедување на парични средства за Организацијата. Активно учествувал во подготовките за Илинденското востание и биле еден од учесниците на Смилевскиот конгрес во 1903 година. Бил избран за, член на Главниот штаб на Битолскиот

се определи што ќе работи“.[278] Ваквите претпазливи мерки на Чучков кон Сарафов што ги споделил со неговиот соборец и пријател Г.Делчев укажуваат на тоа дека Организацијата постапувала крајно внимателно кога биле во прашање луѓе кои од Врховниот комитет пристапувале во редовите на ВМРО. Голем придонес за тоа имал конфликтот што се случувал помеѓу раководството на ВМРО и особено фракцијата на Врховниот комитет, која била предводена од двоецот Иван Цончев- Стојан Михајловски. Иако Сарафов бил на спротивната страна од овие двајца, раководството на Организацијата на почетокот покажувало голем

---

револуционерен округ. Во текот на востанието дејствува во Битолско и има чести судири со турската војска. Заради неговата храброст бил особено почитуван помеѓу комитите, но и помеѓу локалното население. По неуспехот на востанието повторно заминува во европските држави за привлекување на симпатиите на европските политички и општествени кругови во полза на решавање на македонското прашање. Како делегат од Битолскиот револуционерен округ бил еден од учесниците на Рилскиот конгрес од 1905 година. На Конгресот ја поддржал струјата која се залагалча за демократизација и децентрализација на Организацијата, но и примена на изборните начела. На Конгресот бил обвинет за присвојување на финансиски средства кои и припаѓале на Организацијата, самоволието по одредени прашања, но и за попустливост кон српските чети кои дејствувале во Македонија. На крајот на Конгресот, во духот на заложбите за помирување и кохерентност, Борис Сарафов и другите обвинети биле амнестирани. Таа тенденција за помирување имала краток рок. Во текот на 1906 година дејствувал со чета во Скопско, Битолско и Солунско. Судирот помеѓу Сарафов и групата Серчани на чие чело стоел Јане Сандански се повеќе се продлабочувал. На 28 ноември 1907 година е ликвидиран, заедно со Иван Гарванов, од страна на Тодор Паница по наредба на Јане Сандански и неговите соработници.

[278] ЦДА, фонд 1938К, оп.2, а.е. 56, л.2.

сомнеж и кон него кој меѓу другото се должел и на неговиот непредвидлив карактер. Сепак, клучно било залагањето на Гоце Делчев за Сарафов како и поддршката што сеуште му ја давал заедно со Ѓорче Петров заради верувањето дека Сарафов може да биде од голема полза и за самата Организација. Особено поради фактот што Сарафов ветил дека ќе отстапи голем дел од оружјето од магацините на ВМК за потребите на ВМРО, во услови кога тој веќе ги прекинал контактите со Комитетот под претседателство на Цончев- Михајловски.

Дека односите помеѓу ВМРО и ВМК навистина биле влошени сведочи и судирот помеѓу организациона чета и врховистичка чета која се случила кон крајот на март 1902 година и за што во писмо Е.Чучков го известил Г.Делчев на 1 април 1902 година. Ниту Чучков кој бил во пунктот на Организацијата во Ќустендил немал доволно податоци за вооружениот судир поради што испратил свој човек во Царево Село(денешно Делчево) за да дознае повеќе детали за настанот. Во врска со судирот на четите на Организацијата и врховистичките чети, Чучков во писмото до Делчев, меѓу другото истакнал:

Во секој случај генералите (се однесува на врховистите, Н.Ж.) веќе капитулираат. Тие со своите

лажи и голи ветувања, како во Џумајско, така и во Пијанечко, сами си го ископаа гробот.[279]

Во понатамошниот дел од писмото, Е.Чучков го известил Г.Делчев за неговите обиди за подготовка и префрлување на комитска чета преку границата, за што самиот Чучков испратил свој човек од пунктот да ги пречека момчињата кои требало да влезат во Македонија кај месноста Кадиин мост. Во врска со тоа прашање, Чучков му напишал на Делчев и за одредена сума на парични средства кои биле наменети за некои четници заради нивната издршка.[280] Дел од паричните средства во сопственост на пунктот во Ќустендил биле наменети да бидат испратени на Туше Делииванов[281], веројатно за потребите на ЗП на ВМРО. Во писмото до Делчев, Е.Чучков се осврнал и на неговата лична безбедност во Ќустендил. Чучков и Марко Секулички[282] имале намера да го напуштат старото

---

[279] ЦДА, фонд 1938К, оп.2, а.е. 56, л.3.
[280] Ibidem, л.3а.
[281] **Туше Делииванов (1869- 1950),** македонски револуционер, член на МРО/ТМОРО. Роден е во градот Кукуш, Егејска Македонија. Завршил бугарска егзархиска гимназија во Солун. По професија бил учител. Учителствувал во Штип, Кавадарци и Кукуш. Бил назначен за претседател на околискиот комитет на МРО во Кукуш во 1895 година. Во 1901 година бил уапсен од турската власт и затворен, но успеал да побегне од затворот. Преминал во нелегалност и во 1903 година бил назначен за, член на ЗП на ТМОРО која што функција ја извршувал до 1903 година. Починал во Софија, Бугарија.
[282] **Марко Секулички (1848-1925),** македонски револуционер, член на ТМОРО/ВМОРО. Роден е во село Секулица, Кратовско. Во 1870 година заедно со неговиот брат Никола создал ајдучка дружина и

организационо засолниште кај една баба во градот, место кое често било користено за таа цел, и да побараат ново, пред се поради безбедносни причини. Според Чучков, бугарската власт веќе им влегла во трагата на дел од членовите на Организацијата во градот и „полицијата само гледа да чепне некого“.[283] Е.Чучков му предочил на Г.Делчев дека од Н.Зографов немало писма, ниту известување за тоа каде се 8- те револвери, но и за други важни прашања што требало да ги знае како член на Ќустендилскиот пункт. Затоа Чучков апелирал до Делчев да испрати писмо во Ќустендилскиот пункт и да го задолжи Зографов да му предаде повеќе работи кои требало да ги раздолжи како поранешен работник во пунктот. Сомневањата на Чучков кон Зографов оделе до таму што предупредувал дека Зографов и бил „влезен под кожата“ на бабата каде било поранешното скривалиште на членовите на Ќустендилскиот пункт и дека „кажува разни глупости“.[284] Таквата постапка на Зографов веројатно можела да ги загрози позициите на

дејствувале во Кратовскиот, Кумановскиот и Велешкиот регион. Работел како трговец. Во периодот мај 1904-мај 1905 година бил пунктов началник на ТМОРО во Ќустендил. Учествувал во Балканските војни во редовите на Македонско-одринското ополчение во составот на 1-та единица на 7-та Кумановска дружина. Во 1923 година бил уапсен во Ќустендил од страна на бугарските власти поради судирот помеѓу владата на Александар Стамболиски и ВМРО. Починал во Ќустендил.

[283] ЦДА, фонд 1938К, оп.2, а.е. 56, л.4.

[284] Ibidem, 4.

Организацијата во градот поради што и Е.Чучков реагирал до Г.Делчев. По ваквите укажувања, многу е веројатно дека Г.Делчев му напишал писмо на Зографов, имајќи ја предвид нивната претходна соработка и пријателство.

На 2 април 1902 година Е.Чучков му напишал ново писмо на Г.Делчев во кое го известувал за одредени организациони работи во Ќустендилскиот пункт. Првин, тој го известил Делчев дека човек на Организацијата „не знам по каков начин украл три долги манлихери од генералските"(се мисли на врховистичките, Н.Ж.).[285] Во писмото Чучков го известил Делчев дека преку посредник може да купи манлихерови пушки со кои имало и 400 патрони муниција. Чучков лично ги проверил пушките и го известил Делчев дека човекот барал 20- 30 лева однапред, а другите пари по доставувањето на оружјето. Чучков истакнал дека сето тоа било „чиста работа".[286] Околу финансиската состојба на Организацијата во Ќустендил, Чучков го известил Делчев дека во касата на пунктот имало околу 220 лева и затоа барал да му се испратат уште 200 лева поради плаќањето на манлихеровите пушки. Исто така според информациите на Чучков, претходниот ден во градот Радомир пристигнале 7- 8 души од „генералите" (врховистите, Н.Ж.) и меѓу нив бил и

[285] Ibid.,5.
[286] Ibid., 5a.

известниот Шуманов. Врховистичката чета требало да тргне кон Кочанско.[287] Особено важна информација до Г.Делчев од страна на Е.Чучков била таа дека бугарската полиција ги преследува четите на Организацијата. Според Чучков, стражарите се распрснувале во текот на ноќта на по 7 до 8 километри надвор од градот Ќустендил, по патот и по блиските планински села. Затоа Чучков му предложил на Делчев, четите да се движат по линијата Клисура- Кадиин мост или кон селото Жилинци, за оттаму да се упатат кон Кочанско.[288] Ваквите информации од Е.Чучков до Г.Делчев во кои потенцирал дека бугарската полиција ги следи четите на ВМРО биле особено важни за да се преземат мерки од раководството на ВМРО за побезбедно префрлување на комитските чети преку тогашната бугарско- турската граница. Секако, важни се информациите и според кои Делчев знаел дека ВМРО во пунктот, со свои финансиски средства го купувала оружјето, до кое се доаѓало на многу тежок начин и за што биле потребни многу пари. Како задграничен претставник Г.Делчев сигурно се обидел финансиски да го помогне Ќустендилскиот пункт, од причина што ако постапувал спротивно, веројатно не би добивал писма од Е.Чучков.

---

287 Ib., 6.
288 Ib., 6a.

На 4 април 1902 година Е.Чучков ја продолжил писмената комуникација со Г.Делчев и повторно го известил за одредени организациони работи во Ќустендилскиот пункт на ВМРО. Според Чучков, групата момчиња од четата кои се подготвувале за влез во Македонија биле добро сокриени во градот Ќустендил. Чучков уште еднаш му се обратил на Г.Делчев за случајот со купување на манлихеровите пушки. Чучков му предочил на Делчев дека трите манлихери со 400 патрони муниција ќе ја чинат Организацијата 200 лева. Бидејќи во касата на пунктот останале 100- 150 лева, Чучков му побарал на Делчев да му испрати 500 лева. Исто така, Чучков истакнал дека со постоечките пари подготвувал терен за чета од 35 души која можела да влезе во Македонија.[289]

Во 1902 година се засилувале конфликтите на Организацијата со Врховниот комитет и со пограничните бугарски власти во граничните пунктови на ВМРО. На 9 април 1902 година, Е.Чучков му испратил писмо на Г.Делчев во кое ја опишувал неподносливата положба во пограничните пунктови на Организацијата и судирите со бугарските власти. Е.Чучков го известувал Делчев дека во тоа време преку Ќустендилскиот пункт требало да помине чета на Организацијата која се стационирала во близина на селото Жабокрт,

---

[289] Ib., 7.

Ќустендилско. На тоа место, четата ја чекала опремата и алиштата од Ќустендилскиот пункт. Но, четата била забележана од бугарската погранична стража која ги запленила алиштата.[290] Четата се засолнила во обид да им побегне на бугарските погранични власти. Напоредно со запленувањето на алиштата, некои селани ги известиле и алармирале и останатите постави на пограничните стражарски места за присуство на комитска чета во тој регион. Набрзо четата била откриена од бугарските стражари при што еден дел од комитите побегнал, додека еден дел бил заробен и спроведен во Софија. Од опремата на комитската чета била запленета една пушка и 30 патрони, а останатите пушки биле навреме сокриени.[291] Поради таквата ситуација, Е.Чучков побарал од Г.Делчев да се формира нова комитска чета и таа веднаш да влезе внатре во Македонија. Чучков сметал дека четата може да брои околу 10 до 11 души, а упатувал на тоа ако се ослободат заробените комити, и тие да и се придружат на неа. Во врска со опремата за комитската чета, Е.Чучков му соопштил на Г.Делчев дека треба да се испратат чорапи и каскети во Ќустендил, на адреса на шивачот Филип Георгиев.[292] На крајот од писмото Е.

---

290 Ib., 8

291 ЦДА, фонд 1938К, оп.2, а.е. 56, 8а.

292 Ibidem, 9.

Чучков ја изразувал својата длабока разочараност од односот на бугарската влада кон ВМРО:

- Ти ја претставувам положбата, но и јас речиси сум убиен од тие удари...Владата сака така со памук да ни ја извади душата, да не обессили, па над нашите трупови да го издигне гробот на македонското дело. Дали ќе успее? Јас почнав да верувам.[293]

Овој дел од содржината на писмото на Чучков до Делчев, експлицитно, јасно го покажувал односот на бугарската влада кон ВМРО. Таа не само што не ја поддржувала Организацијата, туку издавала наредби до полицијата и пограничните стражи да ги прогонуваат и апсат припадниците на комитските чети при нивниот обид да ја преминат границата и да влезат во Македонија под турска власт. Гоце Делчев добро ги знаел овие информации и преземал мерки да ги заштити членовите на Организацијата во Ќустендилскиот пункт од нивно евентуално откривање и апсење.

Во април 1902 година, Гоце Делчев од Софија испратил поопширно писмо до Ефрем Чучков кој се наоѓал во Ќустендилскиот пункт на ВМРО. Во писмото Делчев дал детален опис на преминување на комитска чета во внатрешноста на Македонија преку овој пограничен пункт на Организацијата. На почетокот го запрашал Чучков за една многу

---

[293] Ibid., 9а; Михајло Миноски, Ѓорче Петров, Скопје, 2014, 119.

чувствителна работа поврзана со Организацијата-тајната азбука: „Сите писма ги добив, а ти не знам дали си примил едно писмо од мене, испратено по Павел Поцев (Павел Шатев, Н.Ж.) во коешто бев го приклучил и шифрарникот за четите“.[294] Од овој дел од писмото се воочува колку Делчев обрнувал внимание на конспиративноста на Организацијата во обид да ја зачува нејзината тајност и да спречи внатрешни афери и провали. Затоа Делчев веднаш го предупредил Чучков дека доколку го немал тоа писмо, веднаш да го побара Павел Шатев. Во врска со конспиративноста на ВМРО, Г.Делчев го известил Е.Чучков дека целата документација и одредени писма од пограничниот пункт се наоѓале во куќата на една баба каде престојувале поголемиот дел од пунктовите началници на Организацијата. Старицата била доверлива личност на Организацијата и Делчев го информирал Чучков дека од неа ќе ја добие целата потребна документација оставена на чување кај неа.[295] Во понатамошниот дел од писмото Делчев се осврнал на прашањето на навлегувањето на четите во внатрешноста на Македонија преку пунктот. Околу тоа, Делчев му предочил на Чучков дека во градот Ќустендил биле сокриени неколку илјади манлихерови куршуми за потребите на четата која

[294] НБКМ- БИА (Софија, Република Бугарија), фонд 583, оп.2, а.е. 1, л. 7.
[295] НБКМ- БИА, фонд 583, оп.2, а.е. 1, л. 7, 8.

требало да замине во внатрешноста. Поради тоа, Г.Делчев му наредил на Чучков, да се однесат патроните, одредена количина на патрондаши и облека во одреденото село каде била стационирана комитската чета. Делчев му соопштил на Чучков дека треба да се подготват и бомбите за потребите на четата, но предупредувал да не се полнат со катранов фитил, што го сметал за неквалитетен. Полнењето на бомбите на ваков начин, Делчев го сметал за правило кое треба да го има забележано самиот Е.Чучков.[296] Во врска со четите, Г.Делчев му потенцирал на Е.Чучков, кога испраќал чети, опрема или алишта- на секој четник да му го одбележува името и оружјето со кое бил вооружен и да се забележува каде заминува или се испраќа. Сите овие податоци Делчев побарал да бидат забележани со шифри, познати само на Е.Чучков или на некои од делегатите (веројатно се мисли на членовите на пунктот, Н.Ж.).[297] Делчев исто така инсистирал кај Чучков при правењето на список на четите, да го забележи и степенот на образованието на секој четник, времето поминато во четата, со кого бил и низ кои места се движел. Тој список Гоце Делчев го барал на посебен тефтер. Околу организациските работи, Делчев побарал од Чучков во четите кои ќе заминат во внатрешноста на Македонија, да се дадат по 20

[296] Ibidem, 8.
[297] Ibid., 8.

примероци Правилници и Уставот на ВМРО, со по уште 20 примероци за Струмичкиот и Радовишкиот реон. Уставите на Организацијата, според Делчев биле потребни за раководителите на секој реон, не само да ги имаат, туку и да дадат строги наредби „секоја една организација да го сообразува своето дејствување со душата и основата на Уставот“.[298] Во врска со ова, Г.Делчев му препорачал на Е.Чучков, примероци од Уставот и Правилници да се испратат и во градовите Кочани и Виница и да одбележи на кое место се испратени. Предостржноста на Гоце Делчев одела до таму што го предупредил Е.Чучков да внимава да не се испратат вaквите програмски документи на Организацијата во Ќустендил, веројатно поради опасноста да бидат откриени од страна на бугарската власт. По однос на ова навистина се забележува цврстиот став на Гоце Делчев да се задржи чистотата на ВМРО и таа да не се компромитира во очите на членството и народот. Веројатно, од таму се должи одбојноста на Г.Делчев кон врховистичките чети кои се обидувале да ги користат истите канали за влез во внатрешноста на Македонија. И во ова писмо, Делчев не ја испуштил можноста дел од врховистичките војводи, како Саев и Стојанов, да ги нарече „гадови“ и „мизерни“.[299]

---

[298] Ibid., 9.
[299] НБКМ- БИА, фонд 583, оп.2, а.е. 1, л. 9.

На крајот од писмото, Делчев побарал од Чучков за сето ова да му поднесе опширен извештај, а особено за тоа што направил и извршил. Делчев го предупредил неговиот соборец и пријател Чучков, во неговото живеалиште во Ќустендил да не чува никакви писма од Организацијата, да ја научи шифрираната азбука и со неа да се допишува.[300] Ова писмо на Г.Делчев до Е.Чучков покажува неколку работи кои се однесуваат на организациската поставеност на ВМРО. Прво, Организацијата била поставена на цврсти основи и главен принцип бил принципот на внатрешност и строга конспиративност. Второ, Г.Делчев како раководител на вооружениот сегмент на Организацијата инсистирал на строга дисциплина, ред и послушност што требало да биде основен предуслов за успех на вооружената борба. Трето, Организацијата се обидувала да ја задржи дистанцата од бугарските влади и тоа многу успешно го правела.

Во интензивната преписка во текот на април 1902 година, Гоце Делчев често му посочувал на Чучков кои работи треба да ги заврши во Ќустендилскиот пункт, при што забележува дека Делчев во одредени ситуации бил прилично „оскуден“ на зборови, пред сé од безбедносни причини. Делчев сигурно стравувал писмата што ги испраќал до Е.Чучков да не бидат запленети од

[300] Ibidem, 9a.

турската власт или бугарските погранични власти со што можела да се случи провала и афера во самата Организација. Во едно од писмата испратени од Делчев до Чучков во април 1902 година, тој се интересирал дали неговиот соборец во пунктот ги добивал последно испратените писма. Понатаму Делчев побарал од Чучков од пунктот да испрати 2-3 коњи и 500 примероци од правилници и устави на Организацијата за потребите на четите кои влегувале во внатрешноста на Македонија.[301] Делчев исто така го известувал Чучков дека следниот ден ќе му испрател 500 лева парична помош за потребите на пунктот преку Иван Кепов. Во писмото Делчев се интересирал и за бројот на манлихеровите патрони во Ќустендилскиот пункт како и за тоа кои четници биле останати во Ќустендил. Воедно, Г.Делчев го известил Е.Чучков дека војводата Андон Ќосето[302] и

---

[301] Ibid., 13.

[302] **Андон Ќосето (Андон Лазов Јанев) (1854- 1953)**, македонски револуционер, војвода на МРО/ТМОРО. Роден е во селото Голозинци, Велешко. Бил без образование. По нападот врз еден велешки бег, побегнал од неговото родно место и преминал во нелегалност. Пристигнал во Солун и се поврзал со членови на Организацијата кои го приклучиле во неа. Се поврзал со ЦК на МРО и започнал да извршува тајни доверливи работи за кои знаело само раководството на Организацијата. Извршувал терористички акции за ликвидирање на претставници на грчката и српската пропаганда. Бил соработник со д-р Христо Татарчев, Гоце Делчев и Јане Сандански. Од страна на Организацијата бил назначен за војвода на чета во Кукушко, Малешевско и Струмичко. Во 1901 година заедно со Сандански и неговата чета учествувал во аферата Мис Стон. Учествувал во Илинденското востание и со чета се борел во Прилепско, Мариовско и Велешко. По востанието ја продолжил револуционерната дејност во

неговите четници изразиле желба да заминат од Македонија кон Ќустендилскиот пункт.[303] Во врска со четата на Андон Ќосето се работело за редовна постапка при преминот на комитските чети од внатрешноста на Македонија на бугарска територија во моментите кога заминувале на одмор при што ја користеле линијата на движење која поминувала низ Ќустендилскиот пункт на Организацијата.

Чучков како пунтов началник ги пречекувал по пристигнувањето од Македонија, а исто така и ги подготвувал комитските чети со оружје, муниција, храна и облека при нивното заминување во внатрешноста на Македонија. Таа одговорна задача, Е.Чучков многу добро ја извршувал и не случајно Делчев постојано бил во контакт со него за време на неговиот престој во Ќустендил. Многу важни податоци пред се поврзани со набавката на оружје, содржеле писмата на Гоце Делчев, но идентитетот на личностите преку кои требало да се завршат работите. Тој ретко го посочувал со вистинските

Струмичко и Малешевско. По внатрешните поделби и раскол во Организацијата, извесен временски период соработувал со Серскиот револуционерен округ, но набргу се разочарал од поделбите и се повлекол од активно учество во македонското револуционерно движење. Во 1907 година бил осомничен и привремено уапсен од бугарската власт поради обвинение за учество во убиствата на Борис Сарафов и Иван Гарванов. По создавањето на федерална Македонија во рамките на Југославија со писмо до македонското раководство го поздравил создавањето на македонската држава. Починал во Благоевград, Бугарија на 99 годишна возраст.

[303] НБКМ- БИА, фонд 583, оп.2, а.е. 1, л.13а.

имиња, освен ако не се однесувало на личности кои биле легални, со што нивната лична безбедност не можела да биде загрозена. Со таква содржина е уште едно од низата писма што Делчев му ги испраќал на Ефрем Чучков од првата половина на 1902 година. Имено во писмото од април 1902 година, Делчев го информирал Чучков дека Организацијата веќе му испратила 200 лева на извесниот Серлиев (веројатно псевдоним, Н.Ж.) преку Иван Кепов во врска со некаква „стока“.[304] Бидејќи Делчев во писмото не упатувал за што се работи, веројатно е дека тоа било набавка на оружје, имајќи го предвид фактот што бил ангажиран Иван Кепов, член на Врховниот македонски комитет, кој сигурно не бил запознаен со податокот дека парите што ги дал на Серлиев биле за купување на оружје. За вакви случаи Г.Делчев не ретко ги користел и личните пријателства со луѓе од сите македонски организации. Веќе во следниот дел од писмото се потврдува фактот дека „стоката“ всушност биле пушки за кои Делчев му укажувал на Е.Чучков да ги задржат за потребите на пунктот, но предупредувал дека патроните било потребно да не се трошат и да се употребат за други прилики. Во писмото Делчев се интересирал и за Борис Сарафов и Шуманов и за тоа каде заминале, нагласувајќи дека таму каде што се испратени не смеат да бидат

[304] Ibidem, 11.

началници.[305] Ваквиот став на Г.Делчев укажува на тоа дека сеуште немал доверба во војводи на чети кои од Врховниот комитет се префрлиле во ВМРО и биле испраќани од Организацијата во внатрешноста на Македонија. Таков бил случајот и со Борис Сарафов, иако Г.Делчев и Ѓ.Петров го поддржувале во внатрешните борби за превласт во Врховниот комитет, веројатно како „помало зло“ од двоецот И.Цончев- Михајловски. Како и во многу други писма, на крајот од писмото до Чучков, Г.Делчев му нагласувал да испраќа примероци од правилниците и Уставот на Организацијата за потребите на четите, а и го потсетувал редовно да му испраќа писма и да го известува за сите организациони работи во Ќустендилскиот пункт.

На 13 мај 1902 година, Гоце Делчев со писмо го известил Марко Секулички дека во пограничниот пункт во Ќустендил, лично го испратил да дојде Е.Чучков.[306] Тешко е да се установи, кога временски точно Чучков застанал на чело на Ќустендилскиот пункт на ВМРО, но факт е дека Делчев постојано му доверувал задачи во пунктот за кои морал лично да дојде во градот. Од тоа се заклучува дека Г.Делчев имал голема доверба во него. Но, документацијата

305 Ibid., 11.

306 Гоце Делчев, Писма и други материали, издирил и подготвил за печат Дино Кьосев, отговорен редактор Воин Божинов, Изд. на Българската академия на науките, Институт за история, София, 1967, 120.

покажува понекогаш двојство во извршувањето на функцијата пунктов началник во Ќустендил, затоа што во исто време на истата позиција се среќаваат и имињата на Ефрем Чучков, Марко Секулички, а дури и името на Никола Зографов. Веќе во писмото на Г.Делчев до М.Секулички од 16 мај 1902 година, се воочува доверливата позиција што Е.Чучков ја имал во Ќустендилскиот пункт, без разлика дали и формално бил назначен за раководител на Ќустендилскиот пункт. Имено, во писмото Г.Делчев побарал од Секулички „на човекот што ќе го пратите, за да ги земе другарите оттука, треба да му дадеш писмо направо до мене или Чучков да дојде."[307] Тоа значи дека Делчев лично го ангажирал Е.Чучков во подготовката за префрлување на комитската чета на Организацијата преку границата. Ситните недоразбирања од претходно помеѓу двајцата револуционери биле заборавени и соработката и заедничката револуционерна работа продолжила. Неуморната теренска работа оставила последици врз здравјето на Е.Чучков, така што во почетокот на јули 1902 година се разболел и заминал од Ќустендил заради лекување и заздравување. За болеста на Чучков, со писмо од 5 јули 1902 година, Г.Делчев го известил и М.Секулички и му порачал дека по оздравувањето повторно ќе го прати во

[307] Ibidem, 120.

Ќустендилскиот пункт.[308] Болеста на Е.Чучков потрајала десетина дена и веднаш после тоа, на 15 јули 1902 година, Г.Делчев со писмо го известил М.Секулички дека на 16 јули, Чучков заминувал за Ќустендил каде што и привремено требало да се насели. Г.Делчев преку Е.Чучков му испратил и доверливо писмо на Секулички.[309] Писмото потврдило дека Е.Чучков повторно се враќал на своите должности во Ќустендилскиот пункт на ВМРО, по наредба на Г.Делчев. Пред Чучков се наоѓал период во кој се организирале повеќе акции за пренесување на оружје од внатрешноста на Бугарија во Ќустендил како и организациски подготовки за вооружување и префрлување на комитски чети преку границата. За сите овие активности Е.Чучков имал постојана комуникација со Гоце Делчев, на кого откако му завршил мандатот во ЗП на ВМРО, се повеќе се ангажирал околу подготовката на комитските чети за влез на територијата на Македонија.

Состојбата на топло- студено во односите со ВМК, оставиле трага и врз Организацијата и нејзината револуционерна дејност. Сепак и покрај одредени проблеми, каналите за пренос на оружје, опрема и муниција во граничните делови со Македонија биле под целосна контрола на ВМРО,

---

[308] Ibid., 127.
[309] Ibid., 130.

иако имало обиди и од врховистичките чети да ги искористат истите. Додека Чучков се наоѓал во Ќустендилскиот пункт и ја координирал работата со Г.Делчев, каналот функционирал добро и немало некои поголеми пречки. Во 1902 година, Ефрем Чучков повторно имал интензивна преписка со Гоце Делчев околу обидите на Организацијата да внесе оружје во Македонија. На 22 јули 1902 година Е.Чучков му испратил писмо на Г.Делчев во кое го известувал дека веќе пристигнал во Ќустендил. Интересна е констатацијата на Чучков која ја споделил со Делчев дека во градот Дупница не се сретнал со „големецот“.[310] За која личност станувало збор, нема повеќе податоци, но доволен е фактот што Чучков во таинственост го држел името на личноста да посведочи дека е некоја важна личност, или од Организацијата или од бугарскиот општествено-политички живот. Но која е таа личност која Чучков ја посочил во писмото, останува да биде тајна. Секако дека Г.Делчев со сигурност знаел за кого се работи, заради близината и пријателството на двајцата револуционери. Ова писмо на Чучков открива дека Организацијата имала големи проблеми со бугарските погранични власти кои ги прогонувале комитските чети и се обидувале да ги спречат да влезат на територијата на Македонија. Така Чучков му пишувал на Делчев дека некои момчиња од

[310] ЦДА, фонд 1938К, оп.2, а.е. 56, л.10.

четата на ВМРО која последна се обидела да премине во Македонија преку бугарската граница биле фатени кај градот Радомир. Но, во исто време го известил дека дел од момчињата од четата биле ослободени од затвор и биле пречекани од Аргир (псевдоним за Крсте Гермов- Шаќир, меѓутоа можно е да се однесува и на Аргир Манасиев, Н.Ж.). Како важен податок во писмото била информацијата за преминувањето на границата на Атила (псевдоним на Иван Гарванов, Н.Ж.), но нема прецизирање во кој правец заминал. Најверојатно Атила бил Иван Гарванов, но во кој правец заминал и за каква работа, Чучков не открива повеќе детали.[311] И второто прашање кое во овој случај се наметнува е, што навистина во овој реон би барал и по каква работа би дошол Иван Гарванов. Поради ова со резерва треба да се прифати податокот дека навистина се работи за Иван Гарванов.

Во писмото од 22 јули, Чучков не ја пропуштил приликата да му укаже на Делчев за повеќе проблеми што ја тиштеле работата на Ќустендилскиот пункт. Тој поради организациони работи немал време да ја прегледа финансиската сметка на пунктот, заедно со Марко Секулички. Но, Чучков го запознал Г.Делчев со фактот дека М.Секулички веќе потрошил 200 лева и дека пунктот не располагал со пари, така што Секулички трошел

---

[311] Ibidem, 10.

од своите пари за организациони потреби.[312] Затоа Чучков го известувал Делчев дека во пунктот недостасувале финансиски средства поради што барал да се испратат од негова страна. Во моментите кога малку се ослободил од обврските, Чучков започнал да ги прегледува сметките во пунктот, секако со помош на М.Секулички.

Последниот дел од писмото Чучков го посветил на состојбите во Врховниот комитет за кој ВМРО покажувала голем интерес и лобирала во раководните тела да се изберат луѓе со кои Организацијата можела да соработува во евентуална заедничка борба во Македонија. Чучков го запознал Делчев дека на внатрешните избори во Врховиот комитет, во раководните тела успеал да биде избран Никола Наумов, додека за Тома Карајовов[313]

---

[312] Ibid., 10a.

[313] **Тома Карајовов (1869- 1950),** македонски револуционер, член на ВМОРО/ВМРО. Роден е во Скопје. Завршил правен факултет на софискиот универзитет 1895 година. Во 1892 година бил еден од основачите на Младата македонска книжевна дружина во Софија. Во периодот помеѓу 1897-1900 година бил секретар на Бугарското трговско агентство во Битола. За време на Илинденското востание го редактирал весникот „Автономија„„ задграничен лист на ТМОРО. Учествувал во формирањето на Бугарските конституциони клубови и е еден од нивните раководители (1908-1909 година). На Шестиот конгрес на ВМРО бил избран за заменик- член на ЗП. Бил долгогодишен службеник во бугарското Министерство за надворшни работи. Работел во дипломатските претставништва на Бугарија во Виена и Рим, а во 1924 година бил генерален конзул во Атина и бил надворешен претставник на ВМРО. Во 1925 година со одлука на ЦК, заедно со други дејци, е испратен во специјална мисија да ја претставува ВМРО во странство. Есента 1924 година престојувал во

работата не можела да се заврши.[314] Раководството на ВМРО не случајно се решило да им даде поддршка на Наумов и Карајовов. Името на Никола Наумов неколкупати се споменува во преписките на членови на Организацијата, особено при купувањето и набавката на оружје за потребите на комитските чети. Тома Карајовов во наредниот период преминал во редовите на Организацијата.

Веќе на 23 јули 1902 година, Е.Чучков ја продолжил преписката со Гоце Делчев. Во испратеното писмо до Делчев, неговиот соборец Е.Чучков му предочил два важни проблеми за револуционерната дејност на ВМРО: откривањето на дел од четите кои навлегувале во Македонија од страна на турската власт и навлегувањето на врховистичките чети на организационата територија на ВМРО. Во врска со првото прашање, Чучков го известил Г.Делчев дека поради нивното откривање

Виена од каде известувал за состојбите во македонските студетски кругови и преку ЗП сугерирал да се обрати поголемо внимание на студентите во Германија, Франција и Италија. Исто така сугерирал и да прекинат атентатите на ВМРО, особено низ европските градови, бидејќи се губела „симпатијата на општественото мислење во Европа‘‘ кон ВМРО, гледајќи ја како „анархистичка‘‘ организација. Во отворениот конфликт помеѓу Иван Михајлов и Александар Протогеров во 1928 година се приклучил кон Михајлов. Бил масон. Присуствувал како гостин на Седмиот конгрес на ВМРО одржан 21-25.07.1928 година во Крупник. Бил противник на насилни мерки спроведувани од помладата генерација во ВМРО. Бил специјален претставник на ВМРО(михајловистичка) во странство со седиште во Берлин. Починал во Софија.

314 ЦДА, фонд 1938К, оп.2, а.е. 56, л.11.

од турската власт, во Ќустендил побегнале двајца четници од селото Луковица, Кочанско. Причина за нивното пребегнување во Ќустендил било пристигнувањето на турски аскер во селото и нивната истрага за евентуално пронаоѓање на пушки. Без да мачат или тепаат некого турските војници, еден селанец си ја предал пушката, но ги посочил и двајцата момчиња пред аскерот дека поседуваат пушки. Благодарение на тоа што момчињата успеале да побегнат било спречено да се откријат повеќе работи. Чучков му предложил на Делчев момчињата да бидат распоредени како курири на Организацијата во Кочанско.[315] Околу второто прашање, Е.Чучков го известил Делчев дека чети на врховистите или како што ги нарекувал „генералите“ од Радовишко се префрлиле кон Кочанско, а некои од нив се вратиле и во Ќустендил. Како непомирлив противник на врховистите, Е.Чучков го предупредил Г.Делчев дека во врска со тоа прашање „работата во тој реон е сериозна“.[316] Не случајно за тоа прашање Чучков му напишал на Делчев дека „на време треба да се превземат мерки“. Чучков дури и заклучил какви мерки треба да се преземат:

- Според мене, таму, без друго на Генералите треба едно убаво тепање!.[317]

---

[315] Ibidem, 12.
[316] Ibid., 12a.
[317] Ibid., 12a.

На крајот од писмото Е.Чучков уште еднаш го истакнал горливото прашање на пунктот- недостигот на финансиски средства, поради што го повикал Делчев да испрати пари.

На 27 јули 1902 година Е.Чучков му испратил ново писмо на Г.Делчев во кое најпрвин го известил дека го добил последното писмо. Најважно од се, според Чучков било тоа што момчињата од последната чета без проблем ја поминале границата, со еден мал проблем: Михаил Чаков[318] направил „еден аџамилак" откако во четата го вброил некој си Владо, кој бил човек на Марко Секулички и работел во Ќустендилскиот пункт.[319] Заради овој пропуст, Чучков испратил писмо до Иван Кепов, но бидејќи четата уште ја немала поминато границата, писмото

---

318 **Михаил Чаков (1873-1938),** македонски револуционер, член на ТМОРО/ВМОРО. Роден е во Гуменџе. Завршил Егзархиска гимназија во Солун. Во редовите на ТМОРО се приклучил во 1897 година. Дејствувал како четник под команда на војводата Михаил Апостолов Попето. Во периодот помеѓу 1901 и 1908 година бил војвода на чета која дејствувала во Петричко, Серско, Драмско, Кумановско и Велешко. Учествувал во борбата со турската војска во селото Баница во која загинал Гоце Делчев. Во Илинденското востание учествувал како војвода на чета којашто дејствувала во Мелничко. Бил учесник во битката на Ножот на 14 јули 1907 година. Учествувал како војвода на 11-та чета во составот на Македонско-одринското ополчпение и учествувал во борбите за Банско, Разлог, Неврокоп, Драма и Кавала. Учествувал во Првата светска војна во составот на 85-от пешадиски полк во бугарската армија. По Првата светска војна бил дел од раководството на Илинденската организација. Во 1923 година во неговиот дом привремено се наоѓале моштите на Гоце Делчев. Во 1928 година по поделбата во Организацијата бил член на седумчлена комисија за помирување на двете крила на ВМРО. Починал во Софија.

319 ЦДА, фонд 1938К, оп.2, а.е. 56, л.13.

подоцна му било предадено во градот Ксанти. Чучков го замолувал М.Чаков да го врати назад четникот Владо преку И.Кепов кој изгледа дека требало да дојде по некоја работа во Ќустендил. Воедно Чаков требало да му објасни на Владо во што била работата и зошто бил направен превид при составувањето на четата. Во писмото до Делчев, уште еднаш неговиот соборец и пријател Чучков му ја претставил реалноста во пунктот- недостигот на финансиски средства. Затоа од Делчев било побарано веднаш да испрати пари, во поткрепа на што му споменал дека и Марко Секулички го констатирал недостигот на финансии во Ќустендилскиот пункт.[320] За да се заштедат финансиските средства, Чучков му предложил на Делчев, алиштата за потребите на четите да се приготвуваат во Ќустендил и да не се нарачуваат од Софија. Тој сметал дека од Софија можеле да се доставуваат опинци и други работи што ги немало во Ќустендил. Заради чувствителноста на проблемот и поради конспиративност, Е.Чучков му посочил на Г.Делчев парите и писмата да ги испраќаат на адреса: К.Сиромахов, банкар во Ќустендил.[321] Тоа била адреса на живеалиште кое ВМРО и Ќустендилскиот пункт го користеле за испраќање на пари и писма.

320 Ibidem, 13a.
321 Ibid., 14.

На 30 јули 1902 година, Е.Чучков го известил Г.Делчев дека се појавиле големи проблеми кај дел од членството на Организацијата кои се наоѓале во Ќустендил. Упатувајќи критика на адреса на членовите на Организацијата, Чучков го информирал Делчев дека ако некој останел по неколку дни во Ќустендил и ако работата станела сериозна при што требало да се ризикува време или пари „сите се извлекувале на страна и веднаш заборавале дека суштествува некакво македонско дело“.[322] Оваа констатација на Е.Чучков била прилично реално искажана, без никакви заобиколувања, со што сакал да му ја предочи вистината на Делчев за одредени проблеми во Ќустендислкиот пункт. Околу состојбата со вооружувањето Чучков му испратил податок на Делчев дека Организацијата во пунктот располагала со 1000 патрони.[323] Но, дека тоа е навистина мала бројка на муниција, покажува новото барање на Чучков за испраќање на парични средства во пунктот. За тоа дека навистина немало пари, Чучков го истакнал податокот дека М.Секулички од свои пари отстапил 300 лева за организациони потреби и дека Организацијата треба да му ги исплати потрошените средства.[324] Ваквиот постојан недостиг на пари во Ќустендилскиот пункт го знаел

[322] Ibid., 15a.
[323] Ib., 16.
[324] Ib., 16a.

и Делчев и се обидувал колку што е можно повеќе да испраќа финансиски средства.

Во почетокот на август 1902 година, Гоце Делчев се наоѓал во Софија и оттаму се грижел за собирањето на оружје и организирање на момчиња за комитски чети кои потоа заминувале кон Ќустендилскиот пункт на ВМРО. На 4 август, Ефрем Чучков во Софија му испратил на Делчев преписи од писмата на кочанската чета како и од војводата Панајот Бајчев.[325] Преписите, веројатно на шифрирани писма, Чучков ги напишал затоа што сметал дека Делчев е премногу зафатен да се бави и со таа работа, затоа што за евентуален преглед на оригиналите било потребно многу време. Во писмото до Делчев, Е.Чучков го известил дека една комитска чета веќе поминувала кон планината Плачковица и дека нема да помине преку градот Мелник.[326] Од содржината на писмото не може да се утврди со точност дали четата се враќала кон Ќустендилскиот пункт или заминувала во внатрешноста на Македонија. Но, во секој случај Е.Чучков како член

---

[325] **Панајот Бајчев,** македонски револуционер, член на МРО/ТМОРО/ВМОРО, војвода во Кумановско. Роден е во градот Видин, Бугарија. Во 1903 година бил назначен за војвода на чета во Штипско. За време на Илинденското востание се борел во четата на војводата Христо Чернопеев и учествувал во судирот со турската војска во близина на градот Кочани при обидот за навлегување во Македонија. Во периодот 1904- 1905 година бил назначен за војвода на Организацијата во Кумановско. Учествувал и како делегат на скопскиот окружен конгрес во 1905 година. Во Првата балканска војна 1912 година повторно се нашол во четата на војводата Христо Чернопеев и учествувал во ослободувањето на градот Кавала од турската војска.

[326] ЦДА, фонд 1938К, оп.2, а.е. 56, л.17.

на пунктот во Ќустендил внимателно го следел нејзиното движење и редовно го известувал Делчев во Софија.

Преписката на Гоце Делчев и Ефрем Чучков за состојбите на Ќустендилскиот пункт на ВМРО во првата половина на 1902 година, недвосмислено покажувала повеќе несоборливи факти. Прво, огромна била улогата на Гоце Делчев во зацврстувањето на четничкиот институт на ВМРО и тоа особено преку Ќустендилскиот пункт кој станал вистински бедем и место од каде комитските чети навлегувале или се враќале од Македонија. Второ, преписката Делчев- Чучков недвосмислено ја објаснува револуционерната дејност на Гоце Делчев која била еднонасочна- борба за ослободување на Македонија од турска власт и добивање на автономија. Трето, на ниту едно место во документацијата не доаѓаат во прашање методите и начинот на кој Гоце Делчев го гледал патот до ослободувањето на Македонија, а тоа била самостојна борба на ВМРО и едно сеопшто востание, без помош од надвор. И четврто, преписката докажува дека Гоце Делчев бил непомирлив борец за чистотата на борбата на ВМРО, што се огледува во непријателскиот однос кон навлегувањето на врховистичките чети во Македонија, што Делчев ги сметал за продолжена рака на бугарската политика кон македонското прашање.

ЦПА, Ф 232 оп 1 а. е. 36 33

До Събранието въ Славянската Бесѣда.

Господа,

ЦЕНТР. ДЪРЖ. ИСТОР. АРХИВ

Днесь на 1-и Августъ единъ отъ секретарите на събранието ми поднесе да подпиша една покана, съ която се каня да дамъ нѣкакви обяснения на събранието по дѣйностьта на Вътр. Орган. ~~тукъ и вътрѣ въ [illegible]~~, на който азъ имамъ честьта да бѫда единъ скроменъ дѣецъ. Азъ трѣбва да заявя, че единството въ борбата срѣщу турската тирания е толкова скѫпо за мене, че азъ съмъ готовъ на всѣкакви обяснения и разяснения, стига тѣ да се правятъ съ цѣль да се постигне това единство. Нищо отъ дѣйностьта, обаче, на събранието ви не ми дава да разбера, че вия се въодушевлявате отъ подобни святи работи. Въ моитѣ очи събранието на хората, което ме кани на обяснение, не прѣдстав-

ЦПА, ф. 232 оп. 1 а. е. 36

ляви истинския изразъ на дѣйцитѣ
по македонското дѣло, защото още
много прѣдставители на дружест-
ва, които отдавна ся разбрали,
че пътя по който бившия комитетъ
тръгна е гибеленъ за организа-
цията, ся недопустимити въ него.
Всѣкакви формалности при
конструирането на вашето
събрание за мене не важатъ, за-
щото моето задушевно желание
~~е~~ да вида всички дѣйци ~~въ~~
отъ свободна България въ хармония
съ Вътрешн. Организ. не се постига
отъ това що се върши въ събранието
ви. Отъ друга страна не бихъ
желалъ да давамъ отчетъ на
онѣзи, отъ дѣйствията на които
Вътр. организ. се мъчи повече отъ
турскитѣ власти. Ето защо, Г-да,
азъ съмъ готовъ да дамъ обясне-
ния само на едно събрание състоя-
ще се отъ всички делегати на
мак. дружества, които ся готови
да ни подкрепятъ въ нашата борба


ЦПА, ф 232 оп 1 а. е. 36 — 34

безразлично за мене да ли исъпълватъ
нѣкакви формалности или не. Това
условие е важно за мене, защото съ
испълнението му ще се даде въз-
можностьта на всички заинтересу-
вани въ борбата да си уяснятъ истин-
ското положение на работницитѣ
и безъ да прибѣгватъ до вотъ за
одобрение или не удобрение на
на въпроситѣ да си опредѣлятъ
пътя на своитѣ движения въ
бѫдаще. Ако на васъ е нуждна
свѣтлина, господа, не затва-
ряйте цѣпнатинитѣ на други-
тѣ дѣйци, които въ нищо по
дѣйностьта си не стоятъ по
долу отъ васъ.

София
19/VIII 02

Благоев

ЦЕНТР. ДЪРЖ. ИСТОР. АРХИВ

**Факсимил од оригинална покана за**
**присуство на Собранието на Славјански беседи**

Проф. д-р ИВАНКА ВАСИЛЕВСКА

# МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Генезата на создавањето на македонското национално револуционерно движење ја претставува епохата која официјално започна на 23 октомври (стар стил) 1893 година. Овој историски чин разграничува и сообразува две демонстранци од македонската револуционерна историја кои имаа суштинско влијание врз развојот на македонското прашање и воедно врз целокупното балканско дипломатско поведение меѓу двете светски војни. Во истата, нераскинлив дел од нејзиното битисување е појавата, ликот и делото на доајенот на македонската национална и револуционерна борба Ѓорѓи Николов Делчев, во народот познат како Гоце Делчев, родум од Кукуш.[327]

Со појавата на Македонската револуционерна организација (МРО) во 1893 година во Солун, беа поставени основните цели на истата, и тие беа првенствено насочени кон борбата за стекнување на автономија на Македонија под сизеренство на Османската Империја. Главен иницијатор за реализирање на идејата за Македонска револуционерна организација бил Дамјан Груев. На негова иницијатива, на 23 октомври/4 ноември 1893

[327] Христо Андонов - Полјански, Гоце Делчев и неговото време, Култура, Скопје, 1978.

година во Солун бил одржан основачкиот состанок на МРО. На него присуствувале: Даме Груев (од с. Смилево, Битолско), Петар Поп Арсов (од с. Богомила, Велешко), Христо Татарчев (Ресен), Иван Хаџи Николов (Кукуш), Андон Димитров (с. Ајватово, Солунско) и Христо Батанџиев (Гуменџе). Според местото на раѓање, тројца од основоположниците на МРО потекнуваат од територијата на денешна Република Македонија, а другите тројца од делот на Македонија што денес е во составот на Грција. На основачката средба шесттемина, откако констатирале дека во Османлиската Империја не постојат услови за подобрување на положбата на христијанското население по легален пат, едногласно ја прифатиле идејата да се конституираат во револуционерна организација."[328] - Под геслото „Македонија на Македонците", внатрешната револуционерна организација во период од едно десетлетие успеала да се здобие со исклучително значење за целиот македонски народ. Во нејзиното дејствување, неоспорно една од најважните улоги ја имал Гоце Делчев, кој и стратешки и идеолошки извршил огромно влијание врз изградбата на темелите на формирањето на идната македонска национална држава. Евидентно е дека неговата политичка платформа не се осврнувала на аспирациите на балканските соседи, ниту на геостратешките интереси на Големите сили и ги предизвикала сите

[328] Поповски, В, Ѓоргиев, В, Тодоровски, Ачкоска, В, *Создавањето на современата македонска држава*, Македонска реч, Скопје, 2014. стр. 49.

заедно околу иднината на македонското прашање, што воопшто не им одело во прилог пред сè на балканските соседи. Сето ова во подоцнежниот период се покажало погубно не само за Организацијата, туку и за судбината на Македонија.

Спомените на Иван Хаџи Николов говорат за дискусиите што тој ги имал на оваа тема со Гоце Делчев, тогашен јункер во софиското воено училиште. На овие разговори присуствувал и претседателот на Младата македонска книжовна дружина, Коста Шахов, во есента 1892 година. Впрочем, тоа се првите пет точки од подоцна усвоената програма на Револуционерната организација. Идејата била организацијата да се основа во Македонија, а не во Софија, бидејќи основана во Софија и раководена од Софија, Србите и Грците ќе ја третираат како измислица на бугарската влада, ќе формираат и тие такви организации и од македонската револуционерна организација нема да излезе ништо. Притоа, тие сметале дека таа треба да биде тајна. Следно, било договорено основачите на Македонската револуционерна организација да се Македонци, чесни и да се ползуваат со добро име и да живеат во Македонија, за да бидат постојано во контакт со населението во Македонија, да бидат и тие изложени на истата опасност на каква ќе бидат изложени нивните последувачи, преку кое полесно ќе ја спечалат и довербата на населението. Тие одлучиле, лозунгот на организацијата да биде автономија на Македонија. Тие сметале дека барањето на македонската револуционерна организација треба да

се потпира на членот 23 од Берлинскиот договор од 1878 година.[329] Преку постигнувањето на автономија на Македонија, тие сметале дека ќе се постигне откинување не само од Турците, туку и од Србите и Грците. Од тие причини, тие сметале дека: „Нашата задача треба да биде да ја спасиме Македонија цела, а тоа може да стане само преку една автономна Македонија“.[330] Понатаму, тие зацртале дека Организацијата треба да биде самостојна и независна, да нема никакви врски и ангажмани со владите на соседните држави, за да не и влијаат и да не ја обвинуваат дека е орудие на некоја од тие влади и со тоа да се предизвика противдејство од страна на другите соседни влади. И најпосле, тие заклучиле дека од Македонците во Бугарија и од бугарскиот народ, ќе побараат морална и материјална поддршка, без притоа да се мешаат во работата.

Есента, следната година, како што веќе кажавме, на 23 октомври 1893 година (стар стил) во Солун се сретнале основачите на Македонската револуционерна организација. Основната тема на состанокот била идната политичка работа во Македонија и ширењето на Организацијата. На вториот состанок, одржан на 5 јануари 1894 година,

---

[329] Александар Христов, Јован Донев, „Македонија во меѓународните договори 1875 – 1919“, Скопје, 1994. стр. 69.

[330] Гане Тодоровски, „Можно ли е и нужно ли е датирање на раѓањето на македонската нација“, Зборник „Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание“, МАНУ, Скопје, 1994. стр. 291.

исто така, во Солун, се расправало за целта, името и нормативните акти на Организацијата.[331]

Развојот на Македонската револуционерна организација и нејзиното ширење во текот на 1894 година, кога во нејзините редови застануваат бројни претставници на интелигенцијата и граѓанските слоеви, довеле до одржување на советувањето во Ресен, во август истата година. На ова советување било утврдено, дека со оглед на важноста на училиштата, за ширењето на движењето, Организацијата треба да се бори во училиштата да се постават како учители нејзини луѓе, како и да се преземат општинските училишни управи.

Голем поттик во ширењето на мрежата, Организацијата добила со влегувањето на Гоце Делчев во ноември 1894 година. Во тој период Организацијата почнала да се масовизира опфаќајќи го не само градското население, туку и селското, кое што масовно се приклучувало на Движењето со што се изменила социјалната структура на Организацијата, во која што почнал да доминира селанскиот елемент. Гоце Делчев дал голем придонес во оваа насока. Тој, уште во времето на неговото доаѓање како учител во Штипско, во истиот период, се сретнал со Даме Груев, кој во своите спомени ќе запише: „Тогаш во Штип дојдоа Гоце Делчев и Дели Иванов. Во делото веќе имавме посветено неколкумина од еснафите. По Божиќ се посветија во делото и други луѓе. Делчев веднаш ми остави силен впечаток со својата отвореност и

[331] Билјана Поповска, „Државно-правна историја на Македонија од VII до XX век“, Скопје, 2010, стр. 204.

чесност. При првите обиди да приклучува нови луѓе, тој беше дури и претерано отворен, па мораше да го контролираме, за да не ја искаже нашата слабост, слабоста на Организацијата. Тој постојано се стремеше да ја каже сета вистина, бидејќи сметаше оти секој треба да ја прифати идејата исто онака како што и тој ја прифатил. Беше многу пргав."[332]

Во 1896 година, се поставила потребата од повторно среќавање на раководителите на Организацијата, со цел да се согледаат постигнатите резултати и да се дадат насоки за натамошниот развој. Конгресот се одржал за време на Велигденските празници, истата година, во Солун. Спомените на Ѓорче Петров откриваат дека овој Конгрес бил решавачка пресвртница во делувањето на Организацијата на кој што јасно била дефинирана нејзината ослободителна платформа. Според Петров: „Собранието, така да се рече, беше основачко. Оттогаш датира Солунската организација, тогаш веќе Централниот комитет се призна. Таму се истакна потребата од Устав и Правилник".[333]

---

[332] Љубомир Милетичъ, „Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ", София, 1927. стр. 9.

[333] Создадената организација, според тврдењето на д-р Христо Татарчев, беше наречена Македонска револуционерна организација. На следните два состанока, до крајот на 1893 година, беше разгледана положбата во Македонија и се расправаше за мерките кои требаше да се преземат за забрзувањето на процесот на организирање и на организационото делување на МРО. Се расправаше и за вклучувањето и на Одринско, на што во почетокот не се сметаше. Беше заземен став революцинерната дејност да се прошири и на таа област со словенско православно население и истата „да се вклучи во автономна Македонија. За ова види повеќе кај: д-р Христо Татарчев, *Спомени, документи, материјали.* Ц. Билярски, София, 1989. стр. 27.

Уставот и Правилникот на Организацијата ги изработиле Гоце Делчев и Ѓорче Петров и истите ги објавиле во 1897 година. Едно од најважните решенија на Солунскиот конгрес било напуштањето на дотогашното име на Организацијата, при што таа го добила името Тајна македоно-одринска револуционерна организација (ТМОРО), додека пак народот ја нарекол Внатрешна.[334]

Евидентно е дека Делчев и Петров во Уставот на ТМОРО од 1896 година ги зацртале трајните определби на Организацијата. Истите биле јасно дефинирани и тоа на следниот начин: а) Начелото на политичка автономија; б) Начелото на зачувување на својата самостојност и независност; и в) Начелото на сопствен суверенитет во Македонија, како на своја неприкосновена територија.[335]

Особено е значајно да се истакне дека изградбата на вооружените сили на Револуционерната организација, му била доверена на Гоце Делчев. Истата била предвидена со Уставот на ТМОРО од 1896 година. Нивното формирање и делување имало големо значење за продирањето на ослободителната идеја сред селското население. Особено фактот што четништвото често истапувало како заштитник на селанецот пред злоупотребите на турските власти, вршејќи и определени функции на власт, така што често селаните сами ѝ се обраќале за

---

334 Манол Пандевски, „Македонското ослободително дело во XIX и XX век“, втор том, Мисла, Скопје, 1987. стр. 435.

335 Манол Пандевски, „Внатрешната македонска револуционерна организација во борба за национално-политичко единство на македонските маси во периодот до Илинденското востание“, Гласник, ИНИ, Скопје, 1968. стр. 63.

решавање на некои спорови, го зголемувало угледот на револуционерното движење и придонесло за масовно влегување на селското население во Револуционерната организација.[336]

Во оваа смисла, во 1900 година, од страна на Гоце Делчев и Ѓорче Петров бил изработен Правилникот за четите, со кој биле определени организацијата, структурата и внатрешните односи на четите. При тоа, како воен стратег, Делчев проценил и четите ги дефинирал како дополнителен дел од месната реонска организација која што ја разјаснува и ги шири помеѓу населението идејата, целта и задачите на Организацијата определени со нејзиниот Устав и Правилник. Исто така, во задачите определени со Правилникот, Делчев и Ѓорчев дефинирале и формирање на месни организации во места каде што немало такви, понатаму, делување врз нивните членови во објаснувањето на ослободителната идеја, делување сред населението да ја прифати потребата за самовооружување, да се помага активноста на месните раководители во селата и градовите во организирањето на месните комитети, извршна полиција, тајна пошта, да врши дејности во врска со пренесувањето и распределувањето на оружјето, да ги извршува смртните пресуди на комитетот, да ги гони разбојниците било тие да се Турци или христијани,

[336] Билјана Поповска, „Државно-правна историја...“, цит. дело. стр. 215.

како и секоја чета која што не и припаѓа на Организацијата. [337]

Со формирањето на четите не само што дошло до масовизирање на Организацијата преку ширење на ослободителната идеја и сред селското население, туку, тие станале и прибежиште на оние револуционерни кадри кои морале да преминат во илегала, особено зошто паралелно со раснењето на Движењето доаѓало и до сериозни провали во Организацијата, каква што била Виничката провала од 1897 година, која и го разоткрила постоењето на Македонската револуционерна организација пред турските власти.[338]

Од тие причини, летото 1896 година, покрај Иван Хаџи Николов и Даме Груев, по налог на Централниот комитет биле испратени Гоце Делчев и Ѓорче Петров во Софија, каде што, по разговорите со неколку врховистички раководители, дошле до сознанието од нужноста Револуционерната организација да има свој постојан претставник во Софија. Како таков, Централниот комитет првенствено го испратил Гоце Делчев, со образложението дека: „Како наш човек за да ги исполнува покрај границата нашите потреби, да ни испраќа весници и книги и да не држи во тек со тамошните работи по македонското прашање, но да не се меша ниту во политичките ниту во

---

[337] Иван Катарџиев, „Два правилника на ВМРО од предилинденскиот период“, Скопје, 1965. стр. 46.

[338] „Правилник за формирање тајни чети во трите вилаети“, Документи од Виенската архива за Македонија (1879 – 1903), Скопје, 1955. стр. 90 – 111.

комитетските работи во Бугарија“.[339] Причината за оваа одлука на Комитетот била евидентната ситуација во која: „појавата и евентуалниот успех на „политичкиот сепаратизам“ за балканските монархии ќе значеше губење на можноста пред европското мнение да се појават како „единствен заштитник на своите сонародници во Османската Империја“, а со тоа и неможност да ги остварат своите завојувачки намери. Токму од овие причини сите тие, но не заедно, на еден или на друг начин сакаа да го уништат македонското револуционерно движење. Во оваа смисла највеќе работеше Бугарија“.[340]

Бугарија, повикувајќи се на историското минато, се чувствуваше најповикана околу решавањето на македонското прашање. Таа македонското прашање постојано го присвојуваше и истото го поистоветуваше со бугарското прашање. По формирањето на Задграничното претставништво на Македонската революционерна организација, како израз на потребата не само од снабдување со оружје и со револуционерна литература, туку како израз на потребата од претставување на истата и ширење на вистината за нејзиното делување и цели пред бугарската јавност и пред македонската емиграција. Ова вешто го злоупотребиле високите воени кругови во Бугарија, кои на плеќите на Организацијата ја развиле платформата за ослободувањето на своите

[339] Историја на македонскиот народ, трет том, Скопје, стр. 192.
[340] Донев, Јован, *Меѓународните политички аспекти на британско - руската програма за реформа на Македонија 1907 – 1908*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Правен факултет, 1992. стр. 66.

бугарски браќа кои успеале да се инфилтрираат и да го видоизменат автохтоното македонско револуционерно движење. Инструментот кој ѝ послужил за таа намера бил Врховниот македонски комитет во Софија, којшто бил создаден од страната на македонските револуционерни дејци, но кој набргу бил ставен под контрола на бугарските воени кругови. Преку него истата имала за цел да го истисне македонското движење и да ја преземе целата управа над македонските револуционерни активности.[341]

Од тие причини, уште во февруари 1896 година, Делчев отворено го предупредил претставникот на Врховниот македонски комитет, Николаев, дека „ВМРО нема да му допушти на софискиот Комитет да се меша во македонското ослободително дело и да му прават политика со Македонија“. Со одењето на Гоце Делчев, во ноември 1896 година во Софија биле удрени основите на Задграничното претставништво на Организацијата во Бугарија. „Со оглед на развитокот на настаните и сѐ поотвореното мешање на бугарските официјални фактори, присуството на официјалниот претставник на Организацијата се наметна како трајна потреба. Делчев беше првиот задграничен претставник на ВМРО“.[342] Малку подоцна во Софија заминал и Ѓорче Петров и тие заедно, и покрај обидите на бугарските власти да го заобиколуваат Задграничното претставништво,

---

[341] Иванка Василевска, Версајскиот систем од 1919 година, Скопје, 2016. стр. 165.
[342] Златна книга „100 години ВМРО“, Скопје, 1993. стр. 36.

успешно ги вршеле своите задачи во претставувањето на целите и дејствувањето на ТМОРО.

Националното револуционерно движење (МРО) при самото дефинирање на целите и вредностите кон кои се стремеше, како што веќе рековме, уште на самиот почеток од своето формирање на дневен ред го постави разрешувањето на македонското национално прашање преку создавањето автономна македонска држава. Ова значеше дека борбата започна со подготовките за извојувањето суверенитет на територијата на етничка Македонија. Оваа борба во суштина го услови егзистирањето на МРО, да се брани од надворешните посегања во суверените начела на Организацијата, како и од внатрешните струења кои можеа да им послужат на туѓинските намери и влијанија. Или, кажано со други зборови, барањето за политичка автономија во рамките на Османската Империја требаше да претставува преодна фаза на патот до формирање на македонската држава. Овој императив најексплицитно го изразува самиот Гоце Делчев, кој ќе рече: „...Кој копнее да ја присоедини (Македонија) кон Бугарија или Грција, тој може да се мисли за добар Бугарин или Грк, но не и за добар Македонец“.[343]

Со донесувањето на одлуката за формирање на Задграничното претставништво на ТМОРО во Софија беше поставена основата за дипломатската активност на Организацијата, но овој чин всушност

[343] Христо, Андонов – Полјански, *Гоце, Делчев, Преписка*, том II, Култура, Скопје, 1972, стр. 10.

ќе ја однесе судбината на революционерното движење во рацете на бугарската големодржавна политика, бидејќи истата имаше намера, ползувајќи ја македонската емиграција во Бугарија, да се инфилтрира во революционерните кругови и да го измести лежиштето на македонското национално-ослободително движење. Втор мошне важен момент во историјата на МРО е Одлуката на Централниот комитет на Македонската революционерна организација за кревањето на Илинденското востание во 1903 година. Пред започнувањето на революционерните дејства на востанието, ЦК на ВМОРО преку Задграничното претставништво на Организацијата, упати една Декларација кон европските метрополи со која, покрај другото, ги повика да се заземат кај Портата во Цариград за давање автономија на Македонија според членот 23 од Берлинскиот мировен договор.

Овие барања гласеа:

1. автономија на Македонија со генерален гувернер, независен од владата на Османската Империја во вршењето на функцијата;

2. меѓународен протекторат за автономна Македонија;

3. колективна меѓународна контрола со најшироки права за примена на санкции како сигурна гаранција за ефикасна заштита.[344]

[344] „Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава“, том први, Скопје, 1982. (Декларација на Внатрешната организација до владите на големите сили, август 1903). Документ 274, стр. 399 - 400.

Сепак, одлуката за кревање на востанието не беше примена со одобрување од мнозинството од раководителите на револуционерните окрузи. Особено Гоце Делчев и Ѓорче Петров, кои во тој момент беа во Софија, остро го осудија донесувањето на одлуката за кревање на востанието. Тие сметаа дека окрузите се сеуште неспремни за таков воен зафат, пред сѐ поради слабата вооруженост. Делчев, кој непосредно раководеше со воената организација, најдобро ја познаваше вистинската состојба на теренот. Неговата лична заложба се состоеше во стратегијата за перманентна вооружена ослободителна борба, без формализирање на воените дејствија. Неговата длабока промисла го проткајуваше не само сознанието за осаменоста и за неповолните околности во рамките на кои преживуваше македонското прашање, туку и во неопходноста од потпирање единствено на сопствените сили на македонскиот народ. Од тие причини, Делчев испратил писмо до раководството на револуционерните окрузи во кое побарал да се преиспита одлуката за кревање на востанието, донесена на Солунскиот конгрес.

Поделеноста на раководството на ВМРО по прашањето на востанието продолжила на јануарското советување во Софија. На истото учествувале: Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Иван Хаџи Николов, Христо Татарчев, Христо Матов, Борис Сарафов, Михаил Герџиков, Сава Михајлов, Славчо Ковачев, Никола Наумов, Кирил Прличев, Димитар Стефанов, Христо Силјанов и неколкумина други. Гоце Делчев, Ѓорче

Петров и други учесници таму отворено изјавиле дека се категорично против кревање на востанието, притоа укажувајќи на тешките последици за Организацијата и за жртвите кои ќе ги плати народот поради оваа непромислена одлука. Во таа ситуација, овие аргументи не добиле промена во расположението на водачите на Организацијата, па од таа причина, Делчев одлучил дека Одлуката за кревање на востанието е возможно да се отповика само со дејствување на теренот на Македонската револуционерна организација.[345] Со таа намера тој заминал во Македонија, каде првенствено свикал состанок во Серскиот револуционерен округ со месните раководства, како и со војводите на четите. Првото советување се одржало на 29 јануари 1903 година, во селото Каракој, Неврокопско, а второто, во реонот на Крушево. Резултатот од овие средби била одлуката на целиот Серски округ да застанат зад аргументите на Делчев. Од таму, Делчев заминал во Солун, на средба со членовите на Централниот комитет, да расправа по истото прашање. Особено голем бил ударот од страна на Даме Груев, кој бил особено ценет од страна на Делчев, кога и покрај сите аргументи кои му ги изложил во текот на месец април, истата година, не го променил ставот во однос на неопходноста од кревање на востанието. Наместо истомисленик, Делчев се соочил со тврд опонент кој

---

[345] Славко Милосавлевски, Социологија на македонската национална свест, II, Љуботен, 1997. стр. 68.

веројатно ги развивал своите амбиции високо во редовите на револуционерната организација.[346]

Дециден против предвременото кревање на востанието, Делчев се залагал за примената на тактиката на засилени нападни борбени дејствија со постојаните вооружени чети во содејство со селската милиција на терен и со брзо префрлување од едно во друго подрачје. На тој начин, тој проценил дека многу поуспешно и поефективно ќе и се нанесуваат удари на Османската власт. Исто така, неговата стратегија била аргументирана и со реалниот приказ на теренот кој, според него, можел да обезбеди една меѓувоена состојба. По, неуспехот со Груев, Делчев заминал кон Серскиот револуционерен округ, каде требал да одржи советување на 6 мај 1903 година. Иако не е потврдено, евидентно е дека неговото пристигнување во селото Баница, на 3 мај, било контаминирано и истиот бил предаден, бидејќи османската власт многу бргу се појавила во селото и по неколку часовната битка, Делчев бил ликвидиран од страна на Турците. Веста за загинувањето на Делчев, за народните маси, но и за огромен број на членови на Организацијата била примена со огромно разочарување, кое било дополнително искористено од страна на раководителите на МРО кои го забрзале процесот за кревање на востанието. Нивните аргументи ги наоѓаме во тврдењето на Христо Матов кој запишал: „Внатрешната организација немаше илузии самата да ја победи Турција. Автономијата на Македонија не може да биде извојувана, туку

---

[346] Прилози за Даме Груев, Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 1983. стр. 141.

добиена и воведена од големите сили. Затоа востанието беше потребно само за да го отвори македонското прашање“.[347]

И покрај неколкумесечните борби, Илинденското востание беше крваво задушено од османските воени сили. Поради огромните загуби кои ги претрпе Организацијата, таа, на 10 декември 1903 година, и официјално го прогласи прекинот на востаничкиот оган. Значењето на Илинденското востание за историјата на македонскиот народ е непроценливо. Истото ја означи македонската национална потреба за формирање сопствена државност, но го покажа и распоредот на силите во самата Организација, во која силно се чувствуваа знаците и влијанието на бугарската големодржавна конспирација.[348]

Важно е да се потенцира дека формирањето на Македонското револуционерно движење, од самите почетоци на подготовката за неговото образување во текот на 1893 година, па сѐ до активностите и целите кои ги постави револуционерната организација, за историјата на македонскиот народ ги претставува движечката сила и генезисот преку кој се акумулираше желбата на Македонците за реализирање на политичката партиципација во балканските процеси. Уште поважно е што со овој чин македонското револуционерно движење се здоби со организиран и осмислен карактер кој во наредните историски фази ќе го однесе низ многубројни драматични

[347] Златна книга „100 години ВМРО“... (цит. дело), стр. 54 – 57.
[348] Прилози за Илинден, VII, Крушево, 1993. стр. 60 – 65.

искушенија, поларизации и внатрешни судири. Овие прилики во наредните периоди од развојот на македонското револуционерно движење неминовно ќе доведат до диференцирање во врска со основните програмски цели и со темелните принципи во Организацијата, а ќе се одразат и на самата поставеност и структурата на истата. Всушност, поради сите овие процеси се создадоа, според поголемиот број суштински карактеристики, двете дијаметрално спротивни физиономии на внатрешната македонска револуционерна организација. Овие две паралели го претставуваат движењето од самото формирање на македонската револуционерна организација, низ илинденскиот период и првите постилинденски години, заклучно до Балканските војни од 1912/13 година (ТМОРО/ВМОРО) и движењето пред започнувањето на балканските војни, до периодот пред започнувањето на Втората светска војна.

Во ваква состојба македонското прашање шансата за своето повторно реактуелизирање трпеливо ја чекаше сè до асномските одлуки од 2 август 1944 година. Токму тогаш државотворната визија, која македонскиот народ ја носеше во себе за време на сите промени и судбински искушенија, својот видлив облик го доби со создавањето на Македонија во рамките на Југословенската федерација. Во целиот период од појавата на македонското прашање и низ сите процеси коишто истото ги помина, во текот на општествените и политичките услови во кои егзистираше и се

оформуваше, ова прашање ги разви и се бореше низ еден навистина широк спектар на можности.

Почнувајќи од барањето за автономија, па сè до варијациите за федерално или конфедерално конструирање, сите тие обиди имаа свое влијание кое доведе до соединувањето во единствениот антифашистички блок за време на Втората светска војна, во која македонскиот народ на заседанието на АСНОМ ја доби и првата голема битка за државотворност, пришто конечно се здоби со шансата за започнување на процесот на решавање на македонското прашање. Повеќедецениската борба од страна на македонското национално револуционерно движење, беше длабоко проткаена со визијата на великанот на македонското народно-ослободително дело, Гоце Делчев кој несомнено ги постави темелите и највисокиот дострел на Организацијата, кој се состоеше во ослободувањето на Македонија и во борбата за создавање на самостојна, независна и суверена држава Македонија.

Оваа борба за зачувување на неговиот идеал за Македонската национална држава, трае до ден-денеска.

## Библиографија


- Христо Андонов - Полјански, Гоце Делчев и неговото време, Култура, Скопје, 1978.
- Поповски, В, Ѓоргиев, В, Тодоровски, Ачкоска, В, *Создавањето на современата македонска држава*, Македонска реч, Скопје, 2014.
- Донев, Јован, *Меѓународните политички аспекти на британско - руската програма за реформа на Македонија 1907 – 1908*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Правен факултет, 1992.
- Иванка Василевска, Версајскиот систем од 1919 година, Скопје, 2016.
- Александар Христов, Јован Донев, „Македонија во меѓународните договори 1875 – 1919“, Скопје, 1994.
- Гане Тодоровски, „Можно ли е и нужно ли е датирање на раѓањето на македонската нација“, Зборник „Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание“, МАНУ, Скопје, 1994.
- Билјана Поповска, „Државно-правна историја на Македонија од VII до XX век“, Скопје, 2010.
- Љубомир Милетичъ, „Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ“, София, 1927.
- д-р Христо Татарчев, *Спомени, документи, материјали.* Ц. Билярски, София, 1989.

- Манол Пандевски, „Македонското ослободително дело во XIX и XX век“, втор том, Мисла, Скопје, 1987.
- Манол Пандевски, „Внатрешната македонска револуционерна организација во борба за национално-политичко единство на македонските маси во периодот до Илинденското востание“, Гласник, ИНИ, Скопје, 1968.
- Иван Катарџиев, „Два правилника на ВМРО од предилинденскиот период“, Скопје, 1965.
- „Правилник за формирање тајни чети во трите вилаети“, Документи од Виенската архива за Македонија (1879 – 1903), Скопје, 1955.
- Историја на македонскиот народ, трет том, Скопје,
- Златна книга „100 години ВМРО“, Скопје, 1993.
- Христо, Андонов – Полјански, *Гоце, Делчев, Преписка*, том II, Култура, Скопје, 1972.
- Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава“, том први, Скопје, 1982.
- Славко Милосавлевски, Социологија на македонската национална свест, II, Љуботен, 1997.
- Прилози за Даме Груев, Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 1983.
- Прилози за Илинден, VII, Крушево, 1993.


ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
1872 - 1903

Проф. д-р ЃОРЃИ МАЛКОВСКИ

# Гоце Делчев како синоним и инспирација за развојот на Народноослободителната борба на македонскиот народ во Втората светска војна (1941-1944)

Името и делото на Гоце Делчев во текот на Втората светска војна се почитувало со посебен пиетет и респект. Делото на апостолот ги храбрело Македонците, им давало сила и истрајност, но и ги мотивирало тоа дека слободата се извојува само со организирано делување, со сплотување на сите расположливи човечки сили и ресурси за конечно и Македонците да добијат своја матична држава. Тоа за што се борел Делчев во предилинденскиот период, не останало заборавено кај сите чинители во Народноослободителната војна. Неговата харизма на личност со безвременско историско значење за македонскиот народ, се пренесувало од колено на колено меѓу сите Македонци за целиот период од 1903 до 1941 година. Не постоело песна, текст или име на воена единица, а неговото име да не било споменато. Тоа само покажувало со каква почит оваа легендарна историска македонска личност имала влијание меѓу Македонците од самиот почетокот на вооруженото востание па се́ до неговиот крај. Поаѓајќи од тој факт, само делумно ќе направиме обид во кратки црти да дадеме преглед каде неговото име се споменувало во текот на вооруженото востание во Македонија од 1941 до 1944 година.

За првпат, во 1941 година, со името на Гоце Делчев бил именуван првиот прилепски партизански одред, формиран на 23 октомври 1941 година во базата „Дуова Вода“, во близина на с. Степанци, Велешко. Одредот броел 39 старешини и борци. Текстот за партизанскиот марш на Одредот го напишале Оцка Михајловски, Крсте Црвенковски и Коле Чашуле, а се базирал на стара македонска мелодија од која, пак, произлегла песната „А бре Македонче“, која, потоа, станала официјален марш на првиот прилепски партизански одред „Гоце Делчев“. Оваа песна подоцна станала и химна на целото партизанско движење во Македонија, два месеци пред создавањето на македонската химна „Денес над Македонија“. Песната била создадена во периодот меѓу 23 октомври и 8 ноември 1941 година, кога ја имала својата прва изведба во прилепското село Царевиќ, на првиот народен собир (митинг) во фашистички поробената Македонија. Првобитниот текст на песната бил:

**А бре, Македонче, каде се спремаш?**
**Бојот те чека, бој за слобода.**
**Бој за слобода, за Македонија,**
**за Македонија, земја поробена.**
**Мажи накитени, жени наредени,**
**в борба ми одат, борба за слобода.**
**Нека разберат денешните тирани,**
**Македонско име нема да загине!**

Осврнувајќи се за именувањето на одредот со името на Гоце Делчев, тогашниот политички комесар на одредот Крсте Црвенковски – Октомвриски, пред

построените борци го кажал следново:„Името не е само симболика, ами нужен континуитет на вековните револуционерни борби на нашиот народ, нужна историска поврзаност и континуитет со борбата во минатото нарочно со Илинденскиот период и како признание на човекот, кој најдоследно и бескомпромисно го водел македонскиот народ во борба за слобода“. Во борбените операции на Одредот во текот на 1941 и 1942 година, загинале 14 борци, а 8 борци биле прогласени за народни херои.[349]

Со името на великанот од Илинденскиот период се закитил и новоформираниот битолски партизански одред, формиран на 22 мај 1943 година на падините на Вичо планина и во непосредна близина на селото Прекопана, Егејскиот дел на Македонија. Во составот на Битолскиот партизански одред „Гоце Делчев“ биле вклучени 92 борци и старешини, прилично голема бројка за тоа време. Тој број во наредните години нараснал на преку стотина прекалени борци, од кои 25 лица биле Италијанци, кои во одредот стапиле по капитулацијата на фашистичка Италија во септември 1943 година. Одредот во текот на 1943 и 1944 година презел широки и прецизни воени операции против бугарскиот и италијанскиот окупатор на битолско-преспанскиот, на воденско-гевгелискиот и на тиквешко-мариовскиот терен. Во натамошниот тек на народноослободителната војна, борците на

---

[349] Димче Митрески – Јавшо, Формирањето, активностите и акциите на Првиот прилепски партизански одред „Гоце Делчев“, Прилеп и Прилепско во НОВ 1941 година, Скопје, 1976.,387-398.

Одредот биле вклучени во Втората и воо Третата македонска народноослободителна бригада, а во 1944 и 1945 година тие влегле во составот на 5-та, 6-та и на 7-та македонска народноослободителна бригада. Голем број од овие борци учествувале во завршните операции за целосното ослободување на Југославија како припадници на 15-от македонски ударен корпус. Од борците на Одредот „Гоце Делчев“ 14 лица загинале, четворица станале генерали во ЈНА, четворица биле прогласени за народени херои на Југославија, а носители на високото призание „Партизанска споменица 1941 година“ биле 41 борец.[350]

Уште еден партизански одред во 1943 година бил именуван со името на Гоце Делчев. Тоа бил Брегалничкиот народноослободителен партизански одред „Гоце Делчев“, формиран на 19 мај 1943 година во месноста „Пчеларник“, Штипско, а разбиен само два дена подоцна, односно на 21 мај, во месноста „Врши Дол“, Виничко. Одредот бил формиран по иницијатива на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија и на Вера Ацева, член на ПК на КПЈ за Македонија. Таа, на 8 мај 1943 година, го известила ПК дека биле создадени сите предуслови за формирање на Одредот, односно дека било определено раководството и зоната на дејствување на Одредот. На 19 мај, на определената локација, најпрво излегле 8 борци како основа на Одредот, кон кој, потоа, требало да се приклучат нови борци. Но,

[350] Петре Новачевски, Формирањето и дејноста на Битолскиот партизански одред „Гоце Делчев“ (22 мај 1943 г.), Битолските народноослободителни партизански одреди, Битола, 1982.,359-385.)

старата навика на предавства и во овој случај не затаила. Имено, Одредот, на пат кон планината Плачковица, бил предаден на бугарската полиција, која, на 21 мај, кај месноста „Врши Дол“, Виничко, го нападнала и целосно го разбила. Во борбата со уште двајца борци, загинал и народниот херој Ванчо Прке. Успеале да се спасат двајца борци, а другите тројца, откако биле заробени, по тешки мачења, Бугарите сурово ги егзекутирале.[351]

Во чест на големиот револуционер биле именувани и бригади, како поголеми воени единици на Македонската војска. Бригадата „Гоце Делчев“, која била формирана во септември и октомври 1944 година во Софија, со гордост одлучила да го носи името на апостолот. Борци на оваа бригада биле исклучиво Македонци од Бугарија на возраст од 21 до 23 години. Бројната состојба на бригадата изнесувала 4.600 борци и старешини. Борците на Бригадата, кои подоцна биле распоредени во составот на 19-та, 20-та и 21-та Македонска НО бригада, учествувале во завршните операции за ослободување на Брегалничкиот и на Струмичкиот регион, во октомври и ноември 1944 година.[352]

Друга бригада која била именувана со името на Гоце Делчев била 19-та македонско НО бригада, формирана на 8 октомври 1944 година во с. Лаки, Виничко. По расформирањето на бригадата

---

[351] Штип и Штипско во народноослободителната војна 1941-1945, Прилози од научниот собир одржан на 17,18 и 19 мај 1990 година во Штип, кн.1-4, Скопје, 2000-2001.

[352] Михаило Апостолски, Завршните операции на НОВ за ослободување на Македонија, Скопје, 1953.

„Г.Делчев“ формирана во Софија, поголемиот број на борци од оваа бригада преминале во составот на новоформиранaта 19-та бригада, која, по преземањето на името на големиот великан, започнала да се именува како 19-та МНО бригада „Гоце Делчев“. Бројната состојба на бригадата изнесувала 1429 борци и старешини. Учествувала во завршните операции за ослободувањето на Македонија во реоните Штип-Радовиш, Штип – Кочани и Скопје – Тетово. На 19 ноември 1944 година, Бригадата, заедно со другите воени единици на Македонската војска, го ослободила Тетово, последниот град во Македонија кој бил под опсада на балистите.[353]

Покрај пешадиските бригади, со гордост и со достоинство името на Гоце Делчев го носела и Струмичката артилериска бригада. Таа била формирана на 8 октомври 1944 година. Боречкиот состав го сочинувале 350 борци. Учествувала во завршните броби за ослободувањето на Македонија во октомври и ноември 1944 година во реоните Делчево-Кочани – Штип и Делчево – Берово – Струмица – Криволак. Во декември 1944 година,по реорганизацијата на артилериските единици, бригадата влегува во составот на 1-та македонска артилериска бригада.[354]

Првата партизанска печатница во текот на Втората светска војна била именувана по името на

[353] Ослободителната војна на македонскиот народ, Скопје, 1973; Марјан Димитриевски, Македонската војска 1944-1945, Скопје, 1999.
[354] Марјан Димитриевски, Македонската војска 1944-1945, Скопје, 1999.,159.

овој великан. Таа го носела името Партизанска печатница „Гоце Делчев“, а била формирана во почетокот на ноември 1942 година во с. Битуше (Дебарско). Во мај 1943 година била преместена во месноста Лопушник, каде што престојувал ЦК на КПМ и ГШ на НОВ и ПОМ, а потоа на слободната територија во с. Црвена Вода, каде бил отпечатен и Манифестот на ГШ на НОВ и на ПОМ. Во оваа печатница, по нејзиното преместување во с. Горно Врановци, Велешко, на 29 октомври 1944 година бил отпечатен и првиот број на весникот „Нова Македонија“, а потоа „Млад Борец“, списанието „Македонка“ итн. По ослободувањето на Македонија, печатницата била пренесена во Скопје и послужила како основа за развивање на печатарската дејност по ослободувањето на Македонија.[355]

**Гоцевата саможртва за делото на ослободување на македонскиот народ во Македонија и Одринско и создавање на независна или автономна македонска држава, му донела признание и почит. Неговото име станало легенда, вткаена во свеста на Македонецот. Неговото име било инспирација за сите подоцнежни македонски поколенија. Со неговото име, македонските национални сили, во сосема нова општествено-политичка ситуација, започнале да ја водат и величенствената народноослободителна војна од 1941 година за национално и социјално ослободување. Токму и**

[355] Македонска енциклопедина, 2, М-Ш, Скопје, 2009.,1119; Митре Инадески, Илегалните техники во Македонија во времето на НОВ, Скопје, 1961., 29.

**затоа, името на великанот било застапено и во многубројните записи по весници, билтени, писма, резолуции и слични други пишувани материјали, издавани по разни поводи во текот на војната. Самото изговарање или запишување на името Гоце Делчев ги храбрело борците и сите политички и воени единици, да истраат во борбата и да го реализираат неотсонуваниот сон на големиот Гоце – Македонија да добие своја држава. Затоа, сметаме за корисно накусо да информираме за споменувањето на името на Гоце во дел од овие издадени пишувани материјали.**

Во септември 1941 година во весникот на Кумановската партиска организација „Дедо Иван" излегла статијата под наслов „За што са се бориле Македонци и за што се сÄга борив".[356] Во статијата кога се зборува за македонската национална свест и за борбата против поробувачите во Македонија, неминовно се споменува и името на Гоце Делчев како еден од првите борци и идеолози за слободна Македонија. Притоа, запишано е дека „сите да се присетиме на зборовите на Гоцета Делчев", мислејќи притоа на неговата отворена дејност на целата територија на Македонија за организрање и почеток на едно општонародно востание и за враќање на старата и исправна идеја

[356] Илегалниот весник „Дедо Иван", бил орган на МК на КПЈ за Куманово. Весникот, во кој текстовите биле пишувани на кумановски дијалект, излегол само во три броја во периодот од 15 август до 15 септември 1941 година.

дека „Македонија им припаѓа само на Македонците“.[357]

Многу интересен запис дека континуитетот на вооружената борба во Македонија влече свои корени од времето на Г. Делчев, среќаваме во „Билтенот на ПК на КПЈ за Македонија“ од јануари-февруари 1942 година.[358] Во статијата под наслов:„Македонската младина во борба против фашизмот“, македонската младина се повикува на општонародно вооружено востание против фашизмот и останатите поробувачи на Македонија. На крајот од статијата е запишано следново:„ ние сами ќе се збереме против нашите јадачи, по патот на младите борци низ Југославија, Балканот и цела Европа.. Млади Македонци и Турци, Арнаути и Власи, Грци и Евреи и доселеници ќе достоиме, здружно во борба, заедно со нашите браќа и сестри, татковци и мајки, со целиот македонски народ, ќе го довршиме делото на Гоце, Питу Гули, Сандански, Влахов и илади други знаени и незнаени македонски герои“.[359]

Во Билтенот од март-април 1942 година, отпечатена е цела статија за Гоце Делчев, по повод 39 годишнината од неговото загинување. Во нејзе, во куси црти, е прикажан животниот и борбениот пат на Г. Делчев, при што, посебен акцент е ставен на чистата национална компонента на автохтоноста на

---

[357] Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Том II, Книга Прва 1941-1943, Скопје, 1952.,17.

[358] „Билтен“ бил орган на ПК на КПЈ за Македонија, на македонски јазик. Објавени се само два броја во периодот од јануари до април 1942 година. Уредник и автор на дел од написите бил Кочо Рацин.

[359] Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Том II, Книга Прва 1941-1943, цит.д.,42.

македонското револуционерно движење против обидите на бугарската врхушка истото да го стави под своја контрола. Во тој обид, во статијата многу успешно идеалите на Гоце од предилинденскиот период стануваат идеали и на народноослободителната војна. Во контекстот на ова, во статијата е запишано следново:„Идеалот на великиот македонски борец и револуционер Гоце Делчев, денес е идеал на најшироките македонски слоеви, кои врискаат под јаремот на фашистката окупација. Борбата за тој велик идеал, борбата за една вистинска слободна Македонија, денеска највисоко го поставуе Партијата на македонскиот народ, Комунистичката партија...Ете зошто, на денот на смртта на великиот македонски револуционер и апостол на македонската револуционерна борба Гоце Делчев, Комунистичката партија смело го издига неговото славно Илинденско знаме и ги кали под него, како македонскиот, така и сите други поробени народи во Македонија за извојување на слободна Македонија, заедничка слободна татковина на сите...Напред, за исполнување на тој завет и слава на великиот македонски револуционер Гоце Делчев“.[360]

Во истиот Билтен, во статијата под наслов „Вториот сеславјански митинг“, одржан во Москава на 4 и 5 амприл 1942 година, посебно внимание е посветено на културното минато на Македонците, со посебен акцент на делото на Кирил и Методиј и на Килент и Наум, кои трајно и достоинствено го издигнаа барјакот на писменоста на целиот

[360] Исто таму.,69.

словенски свет. Во тој стил, во текстот се укажува дека македонскиот народ треба да биде горд што дал вакви великани од средниот век. Но, притоа, се прави паралела и со делото на Гоце Делчев и другите македонски револуционери, со кои, исто, сите Македонци требало да се гордееме, бидејќи:„Ние, Македонците не се срамиме од својот род, зашто нашиот народ роди великани како Гоце Делчев, Даме Груев, Пере Тошев, Карев, Сандански и го извлече на свои плеќи великото Илинденско востание, а нека германската „виша“ раса ни покаже колку такви востанија има во својата историја“.[361]

Во последната статија од Билтенот на ПК на КПЈ за Македонија, озаглавена како „Целта на фашистичкото оземлуење“, а посветена на аграрното прашање во Македонија, посебно се потенцира дека тоа никогаш за време на турското ропство не било решено во интерес на Македонците. Во статијата се укажувало дека само преку револуција и оружена борба селаните можеле да ја земат земјата во свои раце. Единствено револуционерната организација имала правилен пристап кон ова прашање и настојувала, во рамките на своите можности, да воведе некаков баланс со турските феудалци. Во текстот, во врска со ова, е запишано на следново:„На кај това решение на аграрното прашање во Македонија водеше и револуционерната борба на македонскиот народ под раководството на неговите велики синови-Делчев, Груев, Сандански и др.“.[362]

---

[361] Исто таму.,81.
[362] Исто таму.,84.

Со пиетет и доследна почит кон Гоце пишува и весникот на тетовската партиска организација „Неделен Весник“ од јули 1942 година.[363] Во статијата под наслов :„Животот на македонскиот народ под бугарски фашистички окупатор станue потежок“, се зборува за наметнатиот фашистички режим на Бугарија во Македонија и тешкиот живот на Македонците, кои поради нивниот отпор кон окупацијата жестоко биле казнувани, судени и ликвидирани. Но, во продолжение од текстот, се укажува дека кон сите ови злодела македонскиот народ нема да трае, бидејќи:„тој насекаде се дига на борба за изгонуене на фашистките окупатори. Негојте најарни синови и ќерки нарамија веќе пушки и ја наставуват борбата за идеалите на најголемите македонски борци и герој Гоце Делчев, Пере Тошев, Ѓорче Петров, Даме Груев, Јане Сандански, Димо Х. Димов, Влахов и др.“.[364]

По повод 39-ет годишнината од Илинденското востание, ПК на КПЈ за Македонија, во август 1942 година, објавил статија под наслов „Илинден и денешната борба на македонскиот народ“. Во оваа мошне инспиративна и содржајна статија, се пишува за поводот за Илинденското востание, за масовното вклучување на целиот македонски народ и за оправданата стратегија дека ова востание го организирал македонскиот народ за

[363] Весникот излегувал од мај 1942 до август 1943 година во Тетово. Бил покренат од Кузман Јосифовски Питу за време на неговиот илегален престој во градот. Објавени се вкупно 12 броја од кои се зачувани само два.
[364]Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Том II, Книга Прва 1941-1943, цит.д.,168.

сопствено ослободување и без лажни надежи што ги давало тогашното бугарско кнежевство, но, и за причините за поразот на востанието. Во контекстот на тоа, во статијата се посочува дека тогаш македонскиот народ бил сплотен околу својата народна револуционерна организација:„чији идеолози беа Гоце Делчев, Ѓорче Петров и др“. Во корелација со ова, во статијата се поврзува тогашната борба со борбата која ја воделе и Македонците во Втората светска војна, со следнава заклучна констатација„...Комунистичката партија је денес једини доследен раководител во борбата на македонскиот народ и заштитиник на идеалите и идеологијата на најарните и најверните синови и водачи на нашиот народ:Гоце Делчев ...и затоа Комунистите се денес највредните наследници и продолжувачи на нивната борба“.[365]

Во ист стил и со осврт на годишнината од Илинденското востание, статија под наслов:„Нешто од историјата на македонското револуционарно минало – Гоце и Илинден 1903“, била објавена и во весникот „Братство“, орган на Окружниот комитет на КПЈ за Западна Македонија од 17 август 1942 година.[366] Статијата била издадена во чест на Гоце Делчев и се зборува целосно за неговиот творечки и револуционер пат од неговото најрано детство, па сé до неговото загинување. Статијата започнува инспиративно со името на Гоце, односно, дека:„Гоце

---

[365] Исто таму.,181-184.

[366] Весникот излегувал од 17 до 23 август 1942 година. Бил пишуван на македонски јазик, го уредувал Крсте Црвенковски, а бил растуран во Гостивар, Кичево и Дебар.

е најсветлото име во Македонија, Гоце е најголемиот организатор и револуционар-практичар во ослободителното движење (покрет) на Македонија. Тој е најголемиот проповедник за единството на народите во Македонија. Без него не може ни да се замисли онаја револуционерна организација која доведе до Крушевската република, без него не може да се замисли Илинден". На тој начин, ова партиско гласило му оддало достојна македонска почит на овој великан со вистинските аргументи и сознанија што во тоа време ги имале македонските партизани и нивната пропагандна машинерија.[367]

Шест дена подоцна, односно, на 23 август, во истиот весник „Братство", била објавена и статијата под наслов:„Живото и борбата на македонскио народ под обата окупатора (бугарскио и италијанскио)- македонскиот народ се свети над народните издајници". Во оваа статија, во која се зборува за убиството на македонскиот предавник и бугарски поданик, Мане Мачков, јавно се објавило дека тој не „паднал во борбата за национална слобода", како што се обидувала да го прикаже бугарската полиција, туку:„правите борци за националната слобода на Македонија, настављачите на делото на Гоце Делчев и др., фашистите сака да ги престава како платени бољшевици, а предателите на македонскиот народ (Мане и други полициски агенти) како „народни борци". Во овој текст јасна е визијата и намерата на авторот дека правењето на

[367] Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Том II, Книга Прва 1941-1943, цит.д.,207-209.

било каква паралела со Гоце на предавниците и шпионите е бесмислена и небулозна.[368]

Во последниот напис од весникот „Братство“ под наслов :„Нешто од револуционерното минато на Македонија – за вооружените чети на тајната Македонско-Одринска организација“, објавен на 23 август 1942 година, се обработува детално секој член од Правилникот за четите на Тајната македонско-одринска организација. Целта била, овој напис да дојде до што поголем број на лица и да се види организираната поставеност, цврстината и дисциплината во Организацијата, како показател дека таквата поставеност морала да биде инплементирана и во македонските вооружени единици. Но, она што е најмоќно во текстот е завршниот дел, каде што е издвоена и запишана мислата на Г. Делчев за моралниот карактер на востаниците и револуционерите. Во врска со тоа, Гоце го кажал следново:„Јас не сакам востание со луѓе, кој ќе ме напуштат при првио неуспех; јас сакам революција со граѓани, кадри да ги понесат сите тешкотии на една долготрајна борба, каква поради жестоките политички условиа, ќе биде и нашата – или ќе терам говеда на кланица (салана)“.[369]

Името на Гоце било инспирација за пишување на текстови и во весникот на Кумановската партиска организација „Октобрис“, од октомври 1942 година.[370] Во него јасно и храбро е истакнато дека

---

368 Исто таму.,215.

369 Исто таму.,222.

370 „Октобрис“ бил месечен илегален весник на Кумановската организација на КПМ, на македонски јазик. Излегувал од јули до

борците на македонските партизански одреди и сите припадници на народноослободителното движење, треба да го следат патот по кој одел за време на револуционерниот период до 1903 година големиот стратег, генијализам и личност со безвременско значење – Гоце Делчев. Правејќи паралела на минатото со него и со периодот на НОВ, во весникот како заклучна констатација е истакнато следново:„По ступалке на Гоцета Делчевога, Груевога, Санданскога, Питу Гулегова уз пуну подршку на Комунистичку партију улегнуев у борбу македонски партизани, бестрашни борци против фашиски окупатори и народни издајице. У борбу, сас крв и пламен, родује се слободна Македонија...“.[371]

Името на Г. Делчев е вешто искомпонирано и вметнато во текстот и на весникот “Народен Глас“, весник на Народно-ослободителниот фронт за Прилеп и Прилепско, од 28 јануари 1943 година.[372] Во статијата под наслов:„По повод на сраженијето кај Прилепскиот манастир“, на 20.12.1942 година, експлицитно и јасно е укажано на фактот дека „борците – народните комити“ од одредот Ѓорче Петров“, оваа битка успешно ја извојувале затоа што биле напоени со идеалите и вербата што тие во себе

---

ноември 1942 година во 120 примероци. Зачувани се само броевите од 3 до 6.

[371] Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Том II, Книга Прва 1941-1943, цит.д.,232.

[372] Весникот излегувал од декември 1941 до летото на 1943 година. Тој бил илегален весник на НОФ за Прилепско, на македонски јазик. Најдолго го уредувал Благоја Талески – Иван. Бил умножуван во тираж од 120 до 300 примероци, а растуран во Прилеп и Прилепско, во Кичево, Крушево, Македонски брод и во партизанските единици.

ја носеле од поранешните револуционери од Илинденскиот период. За тоа сведочат зборовите на командантот на одредот, кој, по победата, пред насобраните и построени борци, во говорот што го одржал пред нив, се навратил на Илинденскиот период со следниве зборови:„Четириесе години се навршуват откако стотици и стотици славни борци, синој на македонскио народ, во борба за народното дело ги дадоја и ги дават својте животи. Четириесе години се леј крвта за слободата на Македонија. Скоро четириесе години се навршуват откако нашите славни дејци, Гоце Делчев, Даме Груев, јане Сандански, Питу Гулев, Пере Тошев, Ѓорче Петров и друзи, со својето геројство и пожртвованост ни покажаја пато на борбата за слобода и независимост на македонскио народ“.[373]

Со истиот пиетет и должно почитување кон делото на Г. Делчев се пишува и во статијата на весникот „Народна Борба“, орган на Втората македонска народноослободителна ударна бригада, од 1 декември 1943 година.[374] Во статијата јасно и прецизно е укажано дека вооружената борба во Македонија за време на Втората светска војна, е само логично продолжение на борбите што се воделе во Македонија последните педесетина години. Во тој смисол, во статијата егзактно е потенцирано и следново:„Како резултат на тија половина векови

---

[373] Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Том II, Книга Прва 1941-1943, цит.д.,322.

[374] Весникот „Народна Борба“ излегувал од декември 1943 до јуни 1944 година. Излегувал еднаш месечно во тираж од 250 до 300 примероци. Објавени се вкупно седум броја.

борби дојде формирањето на денешната М.Н.О.В. И наистина, ние ќе го продолжиме делото на нашиот голем учител Гоце Делчев, кој вика: Македонија ќе добие слобода само преко свое внатрешно вооружено востание, ако сите се соберем во единиците на МНОВ и поведиме решителна борба против окупаторите и нивните слуги“.[375]

Мислата на Гоце Делчев :„Слободата на македонскиот народ лежи во неговото внатрешно востание“ претставува стожерна мисловна идеја и основна поттикнувачка цел која требало да биде огоромен мотивациски набој за сите борци на Македонската војска за време на Втората светска војна. Околу оваа мисла на Гоце се врзува и текстот објавен во весникот „Глас“, орган на Народноослободителниот фронт на Македонија за Втората област од јануари 1944 година.[376] Во статијата под наслов:„Нашиот Пат“, успешно е синтетизирана народноослободителната борба во Македонија како продолжение на идеалите на Илинденците, чија завршница за создавање на македонска држава, требало да се реализира за време на Втората светска војна.[377]

Во истиот јануарски број, но во друга статија под наслов: „Конференција на А.В.Н.О. на Југославија“, повторно се споменува Гоце Делчев, но

---

[375] Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Том II, Книга Прва 1941-1943, цит.д.,415.

[376] Од овој весник излезен е само јануарскиот број на 16 страници. Весникот престанал да излегува поради провалата и апсењето на голем број на илегални лица во Битола во февруари 1944 година.

[377]Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Том II, Книга Втора, 1944, Скопје, 1958., 12.

сега само како дообјаснување по изборот на Димитар Влахов за потпретседател на АВНОЈ. Имено, како што пишува во текстот:„Еден од шесте изабрани подпреседници е инашиот сонародник Димитар Влахов, заслужен борец за слободата на Македонија и верен последовател на Гоце Делчев и Крушевската Република, а кој не нас преставува во Свесловенскио комитет во Москва“.[378]

Во статијата „Значението на Манифестот и некој приговори на него“, објавена во весникот „Илинденски пат“ од февруари-март 1944 година, исцрпно е анализирана суштината на Манифестот на ГШ на НОВ и ПО за Македонија за вооруженото востание и програмата за разрешување на македонското прашање по ослободувањето на Македонија. И во оваа прилика неизоставно се споменува Г. Делчев, кое име се користи за да му се укаже на македонскиот народ и тој:„да оди по патот на својте славни традиции и наставуејќи ја борбата на Гоцета, Илинденското востание и Сандански, успеа да се снајде во денешното положение, да ја грабне пушката и да се цел дигни на општо народно востание против фашистките окупатори и нифните бугарски и албански измеќари. Со пушка во раци он денес си ја спечалуе својата слобода“.[379]

Во обемната статија под наслов:„Куклите на германо-бугарските окупатори“, објавена во „Илинденски пат“, весник на Народно-ослободителниот фронт на Македонија од февруари-март 1944 година“, аналитички е генерализирана

[378] Исто таму.,22.
[379] Исто таму.,54.

борбената активност на македонската војска на целата територија на Македонија, и, воедно, целосно е демаскирана улогата на сите окупатори и нивните слуги кои имале една и единствена цел, Македонија да не биде слободна држава и македонскиот народ да не биде признат како самостоен и независен политички субјект на Балканот. За да не дојде и до внатрешни поделби меѓу Македонците, во статијата тие се повикуваат и на тоа дека:„Патот е еден. Славниот пат на Илинденските борци, по патот на Гоце Делчев, Јане Сандански и нимниот жив саборец Димитар Влахов. Ако уште денеска ги соединиме сите свои снаги и престаниме да се цепиме на србомани, бугарофили или пак гркомани и ставиме крај на миналите омрази, брат протв брата, који биле вештачки разгоруени и потплаќани со јудино злато од кралските дворови на Србија, Грција и Бугарија “.[380]

Во истиот весник, но во друга статија под наслов: „Пред свикувањето на народното ослободување“ од април 1944 година, уште еднаш се потенцира значењето на Гоце Делчев како движечка сила и мотивирачки лик за обединувањето на Македонците во Втората светска војна. Поврзувајќи го решавањето на македонското прашање како една од главните внатрешни противречности, во статијата се повикува дека дојден бил моментот народот еднаш засекогаш да го отфрлел националното ропство кое долги години го оневозможувале Македонецот да создаде своја држава и

[380] Исто таму.,65.

самостојност. Затоа, во статијата, како охрабрувачки елемент се споменува и периодот на Илинденското востание со следниве зборови:„Започнува една славна епопеја на борби, во кои Илинденското востание и Крушовската Република го манифестираат пред очите на цел свет нивниот општонароден и прогресивно-демократски карактер. Делчев, Сандански, Ѓорче Петров, Влахов и др. По својата доследност израснаја од таја епоха како прави и истински народни водачи“.[381]

Многу интересна констатација, поврзана со името на Гоце Делчев околу заедничката борба на Македонците со останатите народности во Македонија, е анализирана во статијата: „Слободна Македонија во демократска и федеративна Југославија“, објавена во весникот „Братство“, орган на Првата македонско-косовска ударна бригада во април 1944 година.[382] Во статијата особено се потенцира дека за успешната борба на Македонците доста можеле да придонесат и другите народности кои требало заеднички да се борат рамо до рамо со Македонците. При ова, како основна оправдувачка алка е земена и мислата на Г. Делчев дека во оружената борба од предилинденскиот период за слободата на Македонија, свој придонес требало да дадат и другите народности. Имено, во врска со ова, во статијата е запишано следново:„Овој идеал и слични мисли имаја и видните раководители на

[381] Исто таму.,103.
[382] Весникот излегувал од 1 декември 1943 до 1 април 1944 година во 150 до 200 примероци на македонски и српски јазик. Биле објавени вкупно четири броја.

Македонското Илинденско востание. Гоце Делчев, големиот учител и воѓ на македонскиот народ, мислеше дека и една ослободена Македонија, каде ќе царујеше братсвото помеѓу разни народности, можеше да живеје слободна само меѓу слободни комшиски народи на чело со народни влади...“.[383]

Исконското име на Гоце се споменува и во весникот „Народен Војник“, орган на Првата македонска народноослободителна ударна бригада од јуни 1944 година.[384] Во статијата под наслов:„Ролата на народноослободителните комитети во народно-ослободителната борба на Македонија“ во која се зборува за воспоставувањето на првата народна власт во Кичевската околија, се укажува на фактот дека Македонецот:„ја покажа својата свесна воља да е тој останал верен на идеалите на воите големи учители од миналото Гоце Делчев, Карев, Даме Грујев, Сандански и Димитар Влахов“.[385]

Со името на Гоце Делчев започнува и статијата :„За падналите другари“, објавена во весникот на Третата македонска народноослободителна ударна бригада „Огин“ од 15 јули 1944 година.[386] Охрабрени од успешниот развој на вооруженото востание во

---

[383] Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Том II, Книга Втора, 1944, цит.д.,146.

[384] Весникот ислегувал од јуни 1944 до март 1945 година на македонски јазик. Објавени се вкупно 23 броја.

[385] Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Том II, Книга Втора, 1944, цит.д.,172.

[386] Весникот излегувал од март 1944 до мај 1945 година на македонски јазик. Објавени се вкупно седум броја, од кои броевите два и три не се зачувани.

Источна Македонија, во весникот се пишува и следново:„Во историческиот поход по Источна Македонија, крвавиот окупатор разбра оти од сега натаму ослободителното знаме на Гоцета Делчев, развејано еднаш по Осогово, Пљачковица, Огражден и Беласица, нема да се свие дури слободата на Македонија не биде извојувана“.[387]

Мошне искрено, аргументирано и впечатливо името на Гоце Делчев се користи и во обзнанувањето на важни настани и соопштенија кои се случувале во Македонија во втората половина на 1944 година. Едно од тие било и обзнанувањето на одлуките на Првото заседание на АСНОМ, кои меѓу првите ги објавил органот на Народноослободителниот фронт на на Македонија „Илинденски Пат“ во својот број од јули август 1944 година.[388] Посочувајќи го континуитетот на историската борба на Македонците во минатото и борбата во Втората светска војна, во статијата многу внимателно е вметнат и следниов цитат:„Не еднаш тој давал скапи жертви на олтарот на својата татковина. Никогаш не се заборават Синови-великани од редот на Гоце Делчев...што го положија својот живот за македонскиот народ...во тој поглед, денешната тригодишна борба црпи ценни

---

[387] Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Том II, Книга Втора, 1944, цит.д.,197.

[388] Тоа било прво месечно централно списание од времето на НОБ. Било покренато од ЦК на КПМ и ГШ на НОВ и ПОМ кон крајот на 1943 година, но излегувањето било спречено од германската офанзива. Продолжило да излегува и во 1944 година, до јули – август. Излезени биле вкупно 8 броја.

поуки и искуства, како и морални сили од некогашната.“[389]

Цела статија во истиот весникот од јули-август 1944 година е напишана по повод 2 август. Статијата, со симболично име „2 август 1903 – 2 август 1944“ претставува историски осврт на двата илиндена и нивната заедничка нитка што ги поврзувала – борбата за слободна Македонија. И, тука, повторно значајно место со вешто избрани зборови му се дава на Гоце Делчев и на другите революционери, бидејќи „борбата се водела на истите принципи од 1903 година изработени од Гоце Делчев и другите прво-апостоли...“.[390]

Со инспиративен текст е и статијата под наслов :„Да ги пазиме традициите на нашата бригада“ која во август-септември 1944 година била објавена во весникот на Третата македонска народно-ослободителна ударна бригада „Огин“.[391] Во весникот се прави паралела меѓу борбата во НОВ и Илинденското востание, при што, како искуство и поука јавно се укажува и на следново:„Македонски војниче, помни да идеалите на Илинденските востаници на чело со Гоце Делчев се пред остварување“, во смисла дека Македонија во тој период била на прагот на ослободувањето и создавањето на самостојна македонска држава.[392]

---

[389]Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Том II, Книга Втора, 1944, цит.д.,214.

[390] Исто таму.,219.

[391] Весникот излегувал на македонски јазик од 11.03 1944 до мај 1945 година. Објавени се вкупно 7 броја а само пет се зачувани.

[392] Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Том II, Книга Втора, 1944, цит.д.,280-281.

Текст со слична содржина бил објавен и во весникот „Удар“, гласило на Седмата ударна бригада од октомври 1944 година. Во статијата под наслов:„Спомени“, во која авторот Илија Ивановски славејќи ја победата и се поблиската реализиција на сонот за создавање на македонска држава, не заборава борците да ги потсети и на делото на Г. Делчев, чии продолжувачи, како што запишал, биле и борците на Бригадата. Во коментарот за Гоце е запишано следново:„Другари, утре е Илинден, ко утре нашите татковци го дигнаа знамето на Гоцета Делчев. Низ цела Македонија загрмеја пушките, започна една неравна, но геројска борба против турската империја. То што нашите стари го започна, а ние треба да го завршиме“.[393]

Од октомври 1944 година е и написот во кој повторно се споменува Г. Делчев, а е објавен во „Млад Борец“, весник на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија.[394] Во статијата под наслов „Писмо од Костурско“ во кој се говори за оруженото востание во Егејскиот дел на Македонија во кое масовно учествувале и Македонците, со пиетет се споменува името на Г. Делчев со следниве зборови:„кај нас живеат ликовите на Гоце и Сандански, затоа што кај нас оште гори пламенот на Илинденското востание, затоа што нашата земја оште раѓаше доблестни синови...кои гинеа по великогрчките зандани, паѓаа од фашистки куршуми,

[393] Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Том II, Книга Втора, 1944, цит.д.,372.
[394] Весникот започнал да излегува во март 1944 година на слободната територија на Козјак, Кумановско.

скапаваа и гинеа од гнасната реакција држејќи го високо народното знаме“.[395]

Во последниот весник од овој преглед под наслов„Народна Одбрана“, орган на Бригадата на Народна одбрана од октомври 1944 година, поместена е и кусата но содржајна статија под наслов:„Во борба против неписменоста“.Во неа, во контекстот на борбата против искоренувањето на неписменоста во новата држава, не се заборава да се спомене и името на Г. Делчев, како личност кон која македонскиот народ имал бескрајна доверба и огромна желба да го продолжи и заврши неговото дело и трасираниот пат за создавањето на македонската држава.Тука, со посебен патриотски набој за него е запишана следнава мисла:„Тој истиот македонски народ покажа да е способен да го носи знамето на Гоце Делчев, покажуејќи со тоа да уште живее“.[396]

Покрај во списанијата и весниците, ликот и делото на Г. Делчев бил мотив тој да се запише и спомене и во фундаменталните документи за создавањето на македонската држава, донесени на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година. На заседанието, кое го отворил точно во 17.15 часот најстариот делегат, учителот Панко Брашнаров од Велес, тој со посебен пиетет и почит го споменал и името на Гоце Делчев, како синоним на борците на двата илиндена за остварувањето на вечната кауза на борците од двата илиндена за

[395] Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, Том II, Книга Втора, 1944, цит.д.,368.
[396] Исто таму.,387.

формирање на слободна македонска држава. Со треперлив, но силен глас и емоции, кои едвај ги контролирал, П. Брашнаров го отвори заседанието со следните зборови:„...Другарки и другари народни претставители, во овој момент, во ова историско место „Св. Отец Прохор Пчински“ и на овој историски ден - ИЛИНДЕН -, кога објавувам да е отворено Првото Антифашистичко собрание на народното ослободуење на Македонија, душата ми е преполнена со радост и пред премрежените очи гледам како се раздвижиле сите реки од Пчиња и Вардар до Места и Бистрица, заплускујат е целата македонска земја, сакајќи да измијат од македонскиот народ десетвековниот ропски срам од пропасти на Самуиловата држава, за да се роди денеска нова, светла и слободна македонска држава. Во овој момент, земјата на нашите покојници - многубројни народни герои, паднали и посејали коските си по цела Македонија, им станује по лека и они во мир веќе го гледаат изгревот на нашата слобода, гледат идеална дружба на старите Илинденци - на Гоце Делчев и денешните Илинденци - младата македонска војска, и поставените темели за остварението на идеалот на две поколенија, на две епохи - слободна, обединена Македонија“[397]

Името на великанот со гордост го носеле и повеќе спортски друштва во Македонија, во кои претежно членувале млади Скоевци и спортисти.

[397] Свечениот дел од отворањето на Првото заседание на АСНОМ со поздравна реч на Панко Брашнаров (2 август 1944), „АСНОМ: документи“, Архив на Македонија, Скопје, 1984, том I, книга I., 126,

Така, во Прилеп, во 1941 година, преку спортското друштво „Гоце Делчев", се собирале преку продажба на влезници, слики и значки со ликот на Г. Делчев, доброволни прилози за НОВ. Исто така, по повод Илинденските демонстрации во Прилеп и во други градови на Македонија, демонстрантите носеле портрети со ликот на Г. Делчев.[398]

Гоце Делчев бил инспирација и за пишување и пеење на песни во НОВ. Во Прилепско, во 1941-1942 година, од страна на Блаже Спирковски била напишана песна во која се споменува и Г. Делчев. Песната на овој автор била испеана со следниве зборови:„Ние што сме партизани,

Борци сме смели,
Нам не ние жал што ќе умреме,
В бој за слобода.
Спомените ги браќа, мили Гоцета Делчев,
Дамета Груев, Питу Гули,
Јане Сандански...".[399]

Песна за Гоце испеале и СКОЈ-евци и учениците од прилепската гимназија за време на излетот во околината на с. Прилепец, на 7 октомври 1941 година. Песната, која што гласно и сложно ја пееле сите ученици ги содржела следниве зборови:„Спомнете го браќа, Гоцета Делчев, Гоце Делчев за народ загина, за народ загина, за Македонија".[400]

Сепак, една од најзначајнате песни од времето на Втората светска војна, во која се споменува

---

[398] Прилеп и Прилепско во НОВ 1944-1945, кн. 2,3, Скопје, 1985.
[399] Прилеп и Прилепско во НОВ 1944-1945, кн. 2, цит.д.,173.
[400] Исто таму, кн 3.,131.

апостолот, е револуционерната песна „Во борба македонски народе“, каде визуелно, излегувањето на партизаните во борбата за слобода, требало да ги штити и храбри знамето на Гоце Делчев, односно знамето кое, по ослободувањето, требало да се вее како ореол заштитник над новата македонска држава. Паралелата меѓу Илинденското востание и народноослободителната војна е вешто синтетизирана и умешно вметната во текстот и ја претставува исконската желба на партизаните конечно да го завршат она што Илинденците го започнале за фромирање на посебна македонска држава. Зборовите на оваа безвременска песна, која и денес буди емоции и инспирации, се следниве:

Со векови окована во пранги,
под ропство пишти Македонија,
појќе не трпиме бесчесни лаги,
во бој последен борци влегоа!

Во борба, во борба, во борба,
македонски народе.
За света народна слобода
со песни и радост се мрее!

Излеговме ние смели партизани,
над нас на Гоце знамето се вее,
во гори, полја и на сите страни,
фашистичка крв насекаде се лее.

Синови сме на нашата татковина,
на илинденските наследници,
строиме живот, слобода, иднина,
за, жени, деца, старци, младинци.

**Името на безвременскиот великан Делчев е запишано и во текстот на државната химна „Денес над Македонија“.[401] Во неа, при споменувањето на дел од Илинденците, на прво место е запишано името на Гоце Делчев. На овој начин, на секое место и во секоја прилика, засекогаш името на Гоце Делчев гордо ќе се споменува и ќе претставува историска личност која достојно е поставена на највисокиот пиедестал во македонската историја. Затоа, вистинска чест е да се продолжи делото на Делчев како иднина на секој патриот и граѓанин за успешна и силна Република Македонија.**[402]

[401] Автор на текстот е Владо Малески, а автор на музиката е Тодор Скаловски. Напишана е во 1941 година. По завршувањето на Втората светска војна е усвоена како химна на СР Македонија во рамките на поранешна Југославија, а по осамостојувањето на Република Македонија, на 11 август 1992 година со закон е прогласена и за химна на Република Македонија.

[402] **Посмртните останки на Делчев прво се чувале во Баница до 1917 година, кога се пренесени во Ксанти, а потоа во Софија, Република Бугарија До 1923 година, ковчежето со коските се чувало во домот на Михаил Чаков, а на него пишувало „Ги заколнуваме поколенијата што доаѓаат светите коски да бидат погребени во главниот град на независна Македонија. Август 1923, Илинден“. Заветот е исполнет и на 11 октомври 1946 година коските биле пренесени во Скопје, во црквата Свети Спас.**



Проф. д-р НОВИЦА ВЕЛЈАНОВСКИ

# ИДЕИТЕ НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ВГРАДЕНИ ВО АСНОМ И МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВНОСТ

Првото заседание на АСНОМ од 2 август 1944 година е настан кој македонската историографија одамна го дефинира како остварување на идеите и идеалите за создавање на нова и прва македонска држава. За овој настан, како и за Гоцевото илинденско революционерно минато, не случајно и најмногу е пишувано. Сигурно дека нема да измислиме нешто сосема ново и до сега непознато, но прашањето со кое се занимаваме ние обврзува будно да се однесуваме кон него, меѓу другото, и како почит кон генерацијата револуционери кои ги дадоа своите животи за тие идеали и со нив заминаа од овој свет.

Во смисла на претходното треба да нагласам дека и овој наслов не е мој оригинален наслов туку е преземен и малку парафразиран од документите на АСНОМ. Кон тоа треба да се даде извесно образложение за да се види вистинскиот придонес на Гоце Делчев и неговите соборци во градењето на македонската државотворна идеја и на неговите следбеници, кои ослободителната идеја на македонскиот народ на Првото заседание на АСНОМ ја претворија во победоноснај конституирајќи ја првата македонска држава.

Денес веќе нема дилеми дека определбата на македонскиот народ да застане на страната на антифашистичкото движење во текот на Втората светска војна е решавачка за судбината и за иднината

на македонскиот народ. Тоа беше клучно. Секако дека и тоа не беше случајно туку дојде како резултат на Гоцевите идеи за создавање на самостојна и независна држава, дело на мекедонскиот народ. Како поинаку да се објасни фактот што името на Гоце Делчев, некакде самостојно, а некаде поврзано со македонското револуционерно движење, или пак во Илинденски реалации, само во документите од АСНОМ се споменува на повеќе од дваесетина места[403].

Се разбира дека од политички, или пак од други причини, значењето на АСНОМ во последно време се минимизира. Во некои историографии од соседството се оценува дури како настан кој е измислен за поддржување на "македонизмот" и е направен на "антибугарска" национална основа и на штета на тие интереси. Тези кои не држат, бидејќи тој е настан со континуитет и е базиран на сопствени антифашистички основи во кои се вградени и идеите и идеалите на многу генерации.

Континуитетот на АСНОМ датира од почетокот на Народно-ослободителната војана на македонскиот народ (1941-1945) година, но тој е најизразен со појавата на органите со државноправно значење за македонскиот народ. Иако не постоела некоја конзистентна национална програма и не била истакната јасно изразена политичка цел, идејата за

403 Види зб. АСНОМ, т. И, кн. 1, Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, Избор, редакција и коментари д-р Новица Велјановски, Д-р Александар Христов и д-р Миле Тодоровски Архив на Македонија Скопје, стр. 18, 34, 46, 52, 74, 75, 80, 107, 108, 118, 133, 139, 144, 175, 182, 193, 202 и натаму.

создавање на самостојна македонска држава, во обединети рамки, била постојано присутна. Таа најпрво била истакната во Манифестот на Главниот штаб на НОВ во почетокот на октомври 1943 година. Тие денови, во селото Црвена Вода, на планината Караорман, ГШ на НОВ и ПОМ објавил еден документ, кој подоцна е наречен Манифест, токму поради фактот што со него за првпат се изнесени целите за кои се борел македонскит народ[404].

Манифестот на Главниот Штаб ги изнесува основните начела во врска со ослободителната борба и ги соопштува основните погледи за положбата на македонскиот народ во идната заедница на југословенските народи. Во него се истакнува дека македонскиот народ во идната заедница ќе биде целосно рамноправен со другите југословенски народи. Тоа било доста значајно, бидејќи не ретко се шпекулирало дека македонскиот народ без негова желба влегол во таа борба и дека таа се водела за обновување на распаднатата кралска Југославија. Истакнувајќи го правото на самоопределување на македонскиот народ, документот всушност ги отфрлил таквите шпекулации[405].

Приговорите кон Манифестот од страна на неколку активисти на АНОК биле предмет на опширна дискусија и тогаш и подоцна. Најмногу се приговарало на прашањето што обединувањето на

---

[404] Цитиран Зборник документи, стр. 29-35.

[405] Историја на македонскиот, т. 5, Македонија во Втората Светска војна - Народно- ослободителната антифашистичка војна во Македонија (1941-1945), автор на текстовите и редактор на том 5 д-р Новица Велјановски, издавач ИНИ, Скопје, 2003, стр. 184.

македонскиот народ било поставено сосема срамежливо. На остра критика било подложено и југословенското раководство во однос на желбите и стремежите на македонскиот народ за национално ослободување и дека била потребна друга, максимална национална програма. Приговарачите сметале дека народ кој не е обединет, не може да биде слободен и дека тоа што се нуди не ги остварува желбите на Гоце Делчев и на македонските илинденци. Донекаде биле во право, но факт е дека таа желба не била доволно сообразена со реалните можности ниту со состојбите во балканското антифашистичко движење и уште помалку со меѓународните оодноси. Таквото мислење го искажал еден од столбовите на македонското ослободително дело Кузман Јосифоски - Питу, кој го сметал за пренагласено и изјавување на "автономизам"[406].

Оттука, Манифестот на Главниот Штаб и приговорите од членовите на АНОКМ во македонската историографија се третирани као единствен документ врз кого се базирани натамошните активности во подготовките за свикувањето на АСНОМ.

Врз тие основи бил формиран и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ на слободната територија во западниот дел од Македонија, исто така во с.Црвена Вода на планината Караорман каде што извесно време престојувало раководството на НОД на Македонија.

[406] Исто таму, с. 191.

По неговото формирање тој презел функции на политички и претставнички орган и највисок орган на власта во македонската држава, во процес на создавање.

Целосно ја презел функцијата на АНОК поради што тој престанал да постои. Неговата активност станала повидлива во почетокот на 1944 година. Заедно со ГШ се вклучил во објаснувањето на ставовите на Манифестот на ГШ. Тој и неговиот претседател Методија Андонов-Ченто, се обратиле до македонскиот народ преку печатот, односно весникок "Илинденски пат", орган на НОФ на Македонија за да го поддржат Манифестот на ГШ.

Подоцна Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, а особено по неговото проширување од 30 април 1944 година тој целосно настапува и како политички орган и како орган на највисоката државна власт. Во неговиот состав влегле нови членови, потврдени со својата работа. Станало видливо дека Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ всушност функционирал како неформална влада, а во отсуство на друг законодавен орган вршел и таква функција[407]. Така, тој ги одобрил решенијата донесени од Главниот штаб и определил делегација за разговор со југословенското раководство за иднината на македонската држава[408]. Од делегацијата во чиј состав влегле претседателот Методи Андонов Ченто, Мане Чучков и Кирил Петрушев, експлицитно било побарано во разговорот со Националниот комитет за ослобиодувањето на

407 Исто таму, стр. 197.
408 Цитиран Зборник АСНОМ, стр. 90 и 91.

Југославија да се постави "главниот проблем на македонската борба - прашањето за целосно обединување на Македонија"[409].

Покрај неговото настапување во тие услови, како самостоен орган, тој настапувл заедно и со Главниот штаб од што се потврдува и континуитетот на неговата работа. Таков бил случајот при обраќањето до македонските интелектуалци, за кои се сметало дека ѝ се потребни на борбата. Поради авторитетот кој го имал М.А.-Ченто многу од нив се определиле да се вклучат и се вклучиле во неа[410].

Едно од прашањата кои беа доста значајни, а се најдоа пред  Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, беше прашањето за избор на делегати за АСНОМ. Во функција на тоа ЦК на КПМ, Македонија ја поделил на 12 окрузи, што всушност била првата административно-територијална поделба на државата. Утврдениот број од 31 место како центри станал основа за натамошните административни делби и до денес. Иницијативниот одбор пак утврдил идните делегати за АСНОМ, да бидат согласни со политичката линија на Манифестот на ГШ".[411]

Во составот на избраните делегати, чија број не е точно утврден туку се движи од 115-122, влегле претставници на сите националности што живееле во Македонија, претставници речиси на сите социјални групи како и претставници од егејскиот и од пиринскиот дел на Македонија кои се планирало во

---

409 Исто таму.
410 Исто таму, стр. 199.
411 Цитираната "Историја на македонскиот народ", с. 267.

некои поповолни околности да бидат дел од Македонија. Патувањето на делегатите на слободната територија на Козјак каде што било планирано одржувањето на заседанието, се одвивало во исклучително тешки услови и траело речиси еден месец. Сепак, некои не успеале да стигнат навреме, па пристигнале на денот на отворањето на заседанието.

Документите од Првото заседание на АСНОМ, според нивната содржина, може да се групираат во три групи. Во првата спаѓаат оние во кои се содржи платформата врз која се конституирала македонската држава; во втората се документите со кои таа се конституира, односно било прогласено создавањето на македонската држава; во третата се документите со кои македонскиот народ и малцинствата се информираат за резултатите и се повикани да ја продолжат борбата до конечното ослободување и зачувување на државата[412].

Од посебно значење се зборовите од Панко Брашнаров[413], еден од соборците на Гоце Делчев и неговата асоцијација за трите македонски реки од Пчиња и Вардар до Места и Бистрица како симболи за македонското обединување и паролата на свечаниот дел од заседанието "Слава му на Гоце

[412] Исто таму, стр. 271.

[413] Роден во Велес 1883 година, починал на Голи Оток 1951 година. Член на ВМРО (обединета) активист во социјалистичкото движење во Македонија.Меѓу двете светски војни суден и лежел во затвор 7 години. На Првото заседание на АСНОМ бил делегат и како најстар учесник го отворил истсото. Во 1948 година бил обвинет за неговиот однос кон Резолуцијата на ИБ, испратен на Голи Оток во Јадранското Море и таму починал без да се знае неговото почивалиште.

Делчев - првоборецот на македонската народоослободителна борба". Го завршува својот говор со мислата: "Денеска, на вториот, славен Илинден, последен Илинден на неослободена Македонија, се ставаат темелите на македонската држава, во која да се обедини и да заживее нашиот народ онаков среќен живот, каков што го заслужува по своите претрпени ропски маки и петвековни борби"[414].

Во рефератот "Борбата против окупаторот" Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ му обрнал сериозно внимание на дотогашниот тек но и на идните задачи. Тежиштето во тој реферат е ставено на револуционерните борби на македонскиот народ во предилинденскиот и во илинденскиот период, како и на улогата на Гоце Делчев и на други македонски револуционери во нив. За актуелната борба за слобода и за создавање на нова македонска држава рефератот поставува три етапи. Првата е замена на српското со бугарско владеење. Втората ја лоцира од август 1943 кога е формирана македонска војска и се извршени првите конститутивни активности на македонската народна власт. Најзначајната, според рефератот, третата етапа е перодот на организирањето и свикувањето на АСНОМ. За него посебно се говори во вториот реферат "Народно-демократската власт - нејзината суштина и задачи"[415].

Првото заседасние на АСНОМ, во вид на решенија или пак во друга форма, донесло девет

---

[414] Цитиран Зборник АСНОМ, стр. 90 и 91.
[415]Цит. зборник АСНОМ, стр. 130-153.

законодавни акти: Решение за утврдување на АСНОМ за врховно законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт на Демократска Македонија; Декларација за основните права на граѓаните на Демократска Македонија; Решение за воведување на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава; Правилник за работа на АСНОМ; Решение за образување на Законодавна комисија при Президиумот на АСНОМ; Решение за Државна комисија за утврдување на престапите на окупаторот и неговите помагачи; Решение за одобрување на решенијата, наредбите и задолженијата издадени од ГШ на НОВ и ПОМ и на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ; Решение за оддавање признание и благодарност на народноослободителната војска; Решение за прогласување на Илинден - 2 август за народен и државен празник на македонската држава[416].

Треба да се нагласи дека сите овие документи немаат подеднакво државно конститутивно уставно значење[417]. Во потесна смисла на зборот тоа значење го имаат Решението за одобрување на решенијата, наредбите и другите активности на ГШ на НОВ и ПОМ, Решението за утврдување на АСНОМ за врховно, законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната

---

[416] Исто таму, стр. 154-144. Документите се наведени како што се во оригинал со извесна неопходна јасична и правна модификација со денешниот македонски литературен јазик.

[417] Подетално образложение в. цит. "Историја на македонскиот народ" стр. 276-280.

власт на Македонија, Решението за воведување на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава и Решението за прогласување на 2 август за народен и државен празник на Македонија. Сите други документи имаат или карактер на прокламирање на АСНОМ, или се документи со кои јавноста се информира за она што е работено на заседанието. Но, тоа не значи дека не се значајни. Затоа, речиси во сите устави од 1946 година, наваму, документите на АСНОМ биле составен дел на преамбулата на Уставот, со исклучок на последниот, чија преамбула се базира на Прогласот на АСНОМ со наслов "Удрени се темелите на македонската држава во нова демократска и федеративна Југославија" документ кој нема никакво уставно-правно значење[418] и во никој случај не му е местото во преамбулата на Уставот.

Донесените документи на Првото заседание на АСНОМ се подготвувани од страна на македонски правници кои се школувале надвор од Македонија. Меѓу нив треба да се спомне името на Петар Пирузе, првиот повереник за правда и на д-р Владимир Полежиновски, втор секретар на Президиумот на АСНОМ, избран за делегат на АВНОЈ, доктор на правни науки од француската Сорбона. Нивната заслуга е особено видлива во подготвувањето на Декларацијата за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија[419]. Колку таа била значајна

---

[418] Исто таму, стр. 184-191. Документот е повеќепати размножуван и испраќан како информативен лист. Оригиналот се чува во ДА на РМ, фонд АСНОМ, к. 1, бр. 1455.
[419] Цит зборник АСНОМ стр. 157-158.

зборува фактот што ниту едно од земските собранија во тогашна Југославија не донесе таква декларација каква што донесе АСНОМ. Со неа се гарантирани изборните, имотните и политичките права што претставува крупен дострел. Голема храброст претставувало донесувањето на Решение за утврдување на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава, првиот темел на македонскиот јазик и култура. Врз основа на него почнале активностите за негово литературно кодифицирање и оформување на македонската азбука. Секако нужно било да се донесе актот со кој се одобруваат и се прифаќаат активностите и решенијата на Главниот Штаб и на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ за да се постави неопходниот континуитет од почетокот на востанието до АСНОМ, а и потоа.

Следната фаза од работата на Првото заседание на АСНОМ претставува прокламирањето на неговите резултати. Станува збор за неколку прогласи, за статија посветена на резултатите на АСНОМ и други материјали[420]. Преку нив може да се види вистинскиот спој на Илинденската генерација на Гоце Делчев и на АСНОМ-ската генерација. Мотивите и побудите што последнава се надоврзала на претходната се јасни. Баран е и воспоставен е континуитет во борбата на македонскиот народ за своја држава.

Првото заседание на АСНОМ преку својот Президиум испратило два прогласа, од кои првиот е

[420] Исто таму, стр. 172-206.

познат како Манифест на АСНОМ. Овој акт всушност е политичко-прокламативен документ со кој се прокламирани слободарските идеи на македонскиот народ и со кои е повикан да ги впрегне последните сили за конечно ослободување.

Кога се фрла поглед на АСНОМ и на неговите резултати произлегува дека Првото заседание на АСНОМ е суштествен и државотворен настан. Неговата основа лежи во оружената борба. Тој произлегол од народот и него го претставувал. Се ценело дека истапувањето на овој највисок претставнички орган и орган на државната власт со еден документ треба да го прокламира и да го објасни значението на АСНОМ, како неопходност за натамошниот развој на ослободителната борба. Поради тоа Манифестот на АСНОМ бил така конципиран за да ги промовира настојувањата и стремежите на македонскиот народ за ослободување и за создавање на македонска држава како остварување и на сите претходни генерации.

За разлика од другите документи, со него крупен чекор е направен во однос на третирањето на прашањето за обединувањето на македонскиот народ. Во Манифестот се констатира "АСНОМ го прокламира пред целиот свет своето праведно и неотстапно барање за обединување на целиот македонски народ врз принципот на правото на самоопределување... Револуционерните традиции на Илинден (и на Гоце Делчев-б.а.) пак оживееја"[421]. Манифестот смета дека со обединувањето на

[421] Цитираниот зборник АСНОМ, стр. 175.

Македонците од сите делови на Македонија ќе се стави крај на нивното покорување што ќе претставува услов за траен мир на Балканот и услов за солидарност меѓу балканските народи. Сепак, концептот и патиштата на обединувањето не се така јасно дефинирани. Тоа прашање не се поврзува со борбата за обединување и национално осамостојување на македонскиот народ во посебна држава туку со учество на Македонците од трите дела на Македонија во антифашистичкиот фронт и со право да се обедината во новата југословенска држава. Ова барање на Манифестот за обединување на Македонците од егејскиот и од пиринскиот дел на Македонија не наишло на поголем одглас. Ставот на Манифестот и повикот вардарскиот дел од Македонија да се третира како "пиемонт" во обединувањето на македонскиот народ, поради условите во кои се водела антифашистичката и народно-ослободителна војна во овие делови не бил соодветно разбран.

Меѓутоа, и Манифестот на АСНОМ бил доста амбициозен. Тој во тоа време, како и подоцна, не кореспондирал со реалните услови за создавање на обединета македонска држава и целоцно остварување на револуционерните Гоцеви идеали[422].

Останува да заклучиме дека актите на АСНОМ како целина извираат од македонската борба за создавање на сопствена држава и се поткрепени од револуционерните идеи на Гоце и илинденската генерација борци за слободна Македонија.

---

[422] Поопширно види во цит. "Историја на македонскиот народ" стр. 280-283.



**Проф. д-р ВИОЛЕТА АЧКОСКА**

# ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ПОМЕЃУ МИНАТОТО И СЕГАШНОСТА

*Оној кој сака да има монопол*
*над сегашноста,мора да обезбеди*
*монопол над минатото и над иднината.*
*(Џорџ Орвел)*

Темата „Гоце Делчев помеѓу минатото и сегашноста“, меѓу другото, е повод да се одговори на актуелното прашање: Зошто му се одзема минатото на македонскиот народ? Зошто Македонците не смеат да имаат сеќавање? И зошто токму врз ликот на Гоце Делчев целосно се распука добрата волја помеѓу двете експертски екипи за некаква „заедничка“ бугарско-македонска историја. Притоа, од првиот момент бугарската страна инсистира на тоа дека Македонците се Бугари. Па според тоа, логично, не може да има „заедничка“, туку само „бугарска“ историја.

Наспроти поставувањето на историјата во функција на политиката, македонскиот народ, како и другите народи, си има значајни датуми и личности од минатото врз кои го темели својот идентитет, својот легитимитет на постоење како таков, своите корени. Она исконски човечкото, најдостојното, најсилното, непроменливата морална константа, ја црпиме од личностите кои во различни времиња со збор, перо или пушка ги пробивале патеките кон

освојување и бранење на слободата и се вградиле во темелите на нашата култура, посебност и национална меморија. Така, ако Крсте Петков Мисирков беше парадигмата на духовната татковина низ глаголењето на зборовите, во првите чекори на поврзувањето на политичката програма со националната, Ѓорѓи (Гоце) Делчев (1872-1903)[423] беше парадигмата на македонската политичка автономија низ истрелот на револверот, трасирајќи го патот на македонизмот. Низ само една деценија револуционерна дејност (1894 – 1903), Делчев ги сублимира и ги изрази исконските стремежи, надежи и борба на македонскиот народ, да биде свој на своето, да има своја слободна држава како и останатите европски нации. Затоа, секој кој посега по Македонија, посега и по личностите со кои се идентификува македонскиот народ и македонската борба. И не случајно, во Бугарија во 1938 г., беше забранет весникот посветен на 35-годишнината од смртта на Делчев и Илинденското востание, кој е мошне важен документ за националните позиции на македонската интелигенција меѓу двете светски војни. Кога бугарската цензура видела дека во текстовите се зборува за македонски народ и за

[423] За Делчев постои бројна литература и документација и во Македонија и во Бугарија: мемоарска литература и сеќавања на негови современици, зборници од научни собири, објавена документација, монографски трудови, опширни и покуси биографии итн., како што се оние на: П. Јаворов, Х. Силјанов, Х.А. Полјански, Д. Димески. Д. Кљусев, М. Макдермон, Г. Баждаров, Д. Влахов, П. Делирадев, К. Христов и многу други. Во овие рамки, за нас особено е значајно шестомното издание на Христо Андонов Полјански: *Гоце Делчев и неговото време,* кн. I-VI, Култура, Скопје 1972. Повеќе документи за Гоце Делчев и ВМРО објавува бугарскиот историчар Ц. Билјарски.

македонска нација, а никаде не се споменува дека Македонците се Бугари, веднаш било спречено печатењето на весникот.[424]

Факт е дека Република Бугарија прва ја призна Република Македонија под нејзиното уставно име, но во тие рамки, таа веднаш, јасно го искажа и ставот дека тука не спаѓа признавање на народот и јазикот.[425] Ваквиот однос беше причина за долги преговори помеѓу бугарските и македонските влади. Евродипломатите, како и во случајот со Грција, не

[424] Тоа бил специјален број посветен на Гоце Делчев, со неговиот портрет на насловната страница, подготвен од Митко Зафировски како уредник, заедно со Ангел Динев и уште неколкумина други македонски публицисти. Првиот печатарски отисок бил спасен благодарејќи на Митко Зафировски и сега се наоѓа во НУБ „Климент Охридски“ во Скопје. (http://zase.mk/articles/192142/makedonija-ima-kopija-od-vesnikot-za-goce-delchev-od-1938-godina-shto-bil-zabranet-od-bugarija)

[425] И покрај тоа што од 1944 г. до денес постои македонска држава со свој кодифициран македонски литературен јазик, признаен како посебен во групата на словенски јазици, а не за дијалект на бугарскиот или српскиот јазик, Бугарија ја поставува апсурдната теза за „непостоечки“ македонски јазик. При тоа се оглушува од фактот дека македонскиот национален идентитет не го поставува под прашање светската историска наука и дека на бројни универзитети и студии по славистика е застапено изучувањето на македонскиот јазик, а во групата македонисти се вбројуват повеќе светски афирмирани научници. (В. Ошлис, *ГерМакедонија, Студии за македонско-германската заемност низ вековите*, Скопје, 2012, стр. 67-85; Х.Ш. Лотар, *Македонскиот јазол: Идентитетот на Македонците прикажан на примерот на Балканскиот сојуз (1878-1914)*, Скопје 2004, стр. 50-57; В. Фридман, „Македонскиот јазик и национализам за време на деветнаесетиот и почетокот на дваесетиот век“, *Балканистика, Vol. 2,* 1975, стр. 83-98).

водејќи сметка за македонските интереси, инсистираа на потпишување на договор меѓу двете држави со кој наводно, би се отстранила една од пречките за влез на Р. Македонија во ЕУ и НАТО. Без да се залага за одбрана на македонските национални интереси, актуелната влада на СДСМ и премиерот Зоран Заев на 1 август 2017 г., потпишаа „Договор за пријателство, добрососедство и соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија“.[426] И во знак на некакво добрососедство, направија чествување на Илинден, најсветлиот ден на македонскиот народ како некаков дел од „заедничката“ историја. Притоа, како да заборавија дека во текот на антифашистичката НОБ (1941-1944), Илинден и Гоце Делчев беа светлиот факел на борбата на македонскиот народ за слобода и државност.[427] Дека тоа беше традицијата врз која изникна новата генерација македонски борци. И дека, меѓу другото, борбата се водеше и против

[426] Според Договорот (чл. 8) се формира Заедничка мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања, на паритетна основа, „за да придонесе за објективно и засновано на автентични и на докази засновани историски извори, научно толкување на историските настани“. Двете Договорни страни, исто така „ќе организираат со заемна согласност заеднички чествувања на заеднички историски настани и личности, насочени кон зајакнување на добрососедските односи во духот на европските вредности“.
[427] Во македонската историографија се објавени бројни статии и написи за борбата на македонските партизани под знамето на Илинден, понесени од борбениот дух на Гоце Делчев и неговите соборци, односно за илинденските традиции во НОБ.

бугарскиот окупатор кој беше сојузник на нацистичка Германија.[428]

Негирањето на посебниот македонски идентитет оди заедно со промовирање на „историското право“ на Бугарија над поголемиот дел од Балканот[429], при што, се тврди дека на Бугарија ѝ биле одземени нејзините „историски“ територии.[430] Ваквото тврдење може да покрене посилна лавина на несогласици, па покрај барањата за „преправки“ на македонската историја, Бугарија треба да бара

---

[428] ”Гоце Делчев е една од најкрупните личности во историјата на македонското револуционерно движење, смел борец за слободата на Македонија и политичката и социјална слобода на народот. И поради тоа неговиот дух, во кој беа отелотворени најубавите одлики на македонскиот народ, вековното тежнение за слобода и социјална правда, беше патоказ на генерациите од историското илинденско востание во 1903 па до партизанските генерации. По македонските планини во текот на тешката народно ослободителна војна се виореа знамиња на партизанските единици на кои беше испишано името на Гоце Делчев и борците умираа пеејќи ги неговите песни.” (В. Аќимовиќ, „Гоце Делчев“,*Илустрирани вјесник*, Загреб, мај 1948, 13).

[429] Германскиот дипломат Ханс Штефан Лотар, сметал дека при приемот во ЕУ и НАТО, Бугарија требало да биде условена со менување на новиот национален празник (3 март), кој беше воведен во 1988 г., во сеќавање на анулираниот договор од Сан Стефано на Берлинскиот конгрес (1878), затоа што со себе носи ревизионистички обележја (Х.Ш. Лотар, исто, стр. 397).

[430] Бугарскиот академик Григор Велев, зборувајќи за деструктивниот национализам на Балканот како пример за шовинизам ја посочува политиката на соседите Србија, Грција, Романија и Турција кон Бугарија, кои во периодот од 1876 до 1918 г. на Бугарија и ги одзеле Северна Добруџа, „бугарското Поморавје со центар градот Ниш и градовите Пирот, Врање, Лесковац“, Тракија, Егејска и Вардарска Македонија. (Г. Велев, *Диктатура, Терор, Геноцид, ШовинизЍм,* Велико ТЍрново 2011, стр.18).

сериозни ревизии и на историјата на другите балкански држави, на српската, на пример, но, особено на грчката. Така, официјалната бугарска историографија би требало да се изјасни за тоа дали „бугарското“ население во Егејска Македонија било на своја земја (на „бугарските етнички предели“) од која подоцна било протерано или било окупатор на грчка земја!? Но, за жал, тука не се работи за решавање на некаков бугарско-грчки спор, туку за дефинитивно затворање на македонското прашање, преку насилно бришење на историската меморија на македонскиот народ, со што овие држави нема да бидат окупатори на делови од Македонија и нема да имаа проблем со некакво си македонско малцинство.[431] Во членките на ЕУ – Грција и Бугарија, Македонците немаат никави национални права и право на политичко организрање (пр. забраната на ОМО-Илинден и Виножито). Тоа е фундаментот на најновите балкански договори во кои македонската влада ги распродава националните интереси на државата и на нејзиниот историски

[431] Дали денес Бугарија ќе ги бара правата на наводните Бугари во Егејска Македонија!? Во онаа истата, во која 1925 г. грчките власти издадоа АБЕЦЕДАР, буквар за македонските деца, кој беше неразбирлив за бугарскиот претставник во Друштвото на народите. За време на дискусијата околу букварот, “....грчкиот претставник во Друштвото на народите, Василис Дендрамис, на обвинувањата од страна на бугарскиот претставник дека АБеЦедарот за нив е неразбирлив, се бранеше со аргументот дека „македонскиот јазик не е ниту бугарски ниту српски, туку е засебен јазик“. Па како може Бугарите да тврдат пред светот, се прашува Х.Ш. Лотар, „дека Македонците говорат бугарски јазик кога Бугарите не можат да го разберат дури ни основниот македонски школски буквар!“ (Х. Ш. Лотар, исто, стр.21).

конституитивен народ – македонскиот. Како врв на апсурноста за „заедничка“ историја е и спорот на која историја припаѓа Гоце Делчев! Според методолошките правила на историјата како наука, тука, пред сè, станува збор за проблемот на толкувањето на фактите, односно патот на нивното трансформирање во историски факти[432] и за улогата на личноста во историјата. Различните историографски школи даваат различни толкувања за улогата на личноста, но, покрај сите различности, општ е заклучокот дека една личност влегува во колективната меморија на народот и станува историска личност, пред сè, со нејзиното дело и со тоа какви траги оставила во своето време, за паметење на идните генерации. Во овие рамки, неспорно, Гоце Делчев оставил трајно дело за македонскиот народ, не за бугарскиот, бидејќи суштински и генетски станува збор за два различни народи со своја специфична етногенеза.

Историската личност, всушност, живее два животи. Првиот, нејзиниот смртен век кој се цени според делото и вториот, бесмртниот, оној во кој таа живее по смртта, низ различни димензии во меморијата на различни генерации. Гоце Делчев е една од ретките личности кај која, заедно со историската заслуга, неговите современици неподелено ги посочуваат и човечките квалитети. Затоа, за да се даде целосна оценка за Гоце Делчев, помеѓу минатото и сегашноста, во двата негови животи, мора прво да се тргне од тоа дека тој бил

[432] В. Ачкоска, *Вовед во историјата*, Скопје 2014, стр.119-126.

човек со многу доблести кои го краселе од најраниот период[433], човек што пленел со својата верност, добрина, искреност и срдечност, кој знаел да разбере, да прости и да се обиде да ги превоспитува оние кои тргнале во спротивна насока од чесноста и борбата.[434] Ваквите особини биографите ги припишуваат како наследство од карактерот на неговата мајка Султана, која имала меко срце. Но, од другата страна бил храбар[435], непокорен, вреден, истраен, особини кои ги наследил од својот татко Никола. Бил способен организатор и бескомпромисен во однос на зацртаните цели на македонската борба, целосно посветен на возвишениот идеал на слободата, подготвен на саможртва и со висок револуционерен морал.[436]

---

433 Пејо Јаворов запишал: „Гоце меѓу другарите во кукушкото училиште, најпрво во унијатското, а потоа во егзархиското се одделувал со рани умствени способности и со трогателно наивен стремеж кон високи добродетелества". (П. К. Яворов, „Гоце Делчев", *Проза,* том 2, София, 2011, стр.31).

434 Во своите спомени охриѓанецот Климент Шапкарев, син на Кузман Шапкарев, близок другар и соборец на Гоце Делчев, запишал: „Гоце беше најмекиот, најразбран, најуважен соговорник за сите, за секого посебно... Посакуваш да не се разделиш од него, со него да останеш со часови, но на масата доаѓа друг, па Гоце го поканува и него, и го прашува: 'Се среди ли работата, се смири ли?' Ќе дојде трет. Ќе го покани и него и ќе го праша..." (Б. Миневски, „Каков човек бил Гоце Делчев, според спомените на современиците", *Нова Македонија*, 4.5.2019).

435 „Правиот човек од ништо не треба да се плаши", ќе му каже Гоце на турскиот кајмакам во Штип во 1895 г. (*Гоце Делчев,* IV, стр.221).

436 Зборувајќи пред раководителите од Костурскиот и Леринскиот револуционерен реон, на 24-25 јануари 1902 г., меѓу другото Делчев истакнал: „Никогаш не заборавајте дека ние не си припаѓаме себеси.

Според Павел Шатев, Гоце не бил само организатор, војвода, борец за правда и слобода, туку и создавач![437] „Гоце имал талент за обединување... со својот благ карактер, со својот осет за контакт и со ред други лични квалитети, ги групирал и обединувал лицата со најспротивни карактери и темпераменти". Со млади и стари, со граѓани и селани, со богати и сиромаси знаел да соработува со сите и секого според силите и способностите сакал да го насочи во полза на општото дело. Зборувал и постапувал без злоба, завист и гордост. И не само во националниот однос, туку и во неговото социјално политичко сфаќање и становиште, Делчев покажал една голема проникливост, својствена на голема творечка личност во историјата на народите. Со севкупноста на неговите лични квалитети и револуционерно дело тој се издига во најголема фигура во македонската ослободителна борба. Во едно интервју, на прашањето каков бил Гоце Делчев во револуционерното македонско движење, Туше Делииванов одговара: „Гоце беше најобичниот од сите во македонското револуционерно движење. Само оној кој не го познаваше, само тој не беше готов да тргне со него" . Дополнувајќи го одговорот

---

Нашиот живот веќе е пожртвуван пред олтарот на делото, и кој од вас ќе го загуби тоа сознание, тој престанува да биде револуционер. И така, нека не се плашиме од смртта. Каде и да не најде, да ја пречекаме со презир и да ја победиме". (Х. А. Полјански, *Г. Делчев, Во споменитена современиците,* Скопје 1963, стр. 137).

[437] „Посветен на македонската револуционерна идеологија и спасувачка тактика во борбата, која среде сите пресврти на судбината, историски се докажа дека беше самостојна, и верна, и спасувачка", вели Шатев. (http://zase.mk/articles/192142/makedonija-ima-kopija-od-vesnikot-za-goce-delchev-od-1938-godina-shto-bil-zabranet-od-bugarija).

на Делииванов, војводата Герџиков, еден од најблиските луѓе на Делчев, вели дека „за македонското револуционерно движење, Гоце Делчев беше тоа што Левски беше за бугарскиот, а Мацини за италијанскиот народ. Но, тој беше и нешто друго, вели Герџиков, тој беше совеста на македонскиот револуционер; единствено тој можеше да ги регулира односите меѓу оделните членови на Организацијата, влезени во неа во разни услови, со разни идеологии, со различно образование, со различно воспитание, излезени од најразлични социјални средини“.[438]

Гоце повеќе ги презирал предавниците (иако се обидувал да ги преобрази[439]), отколку припадниците на други религии и народи.[440] Насочувајќи ја борбата против турското владеење, а не против Турците како народ, кај него немало шовинистички чувства,

[438] Исто.

[439] Ангел Динев пишувајќи за „Човекот и револуционерот Гоце Делчев“, кажува како Делчев им простил на двајцата врховистички агенти Ѓорѓи Китанов и Димитар Белев, кои, заедно со Дончо арамијата, требало да го убијат негде во Серско. Откако ги фатиле, ги однеле кај него и побарале казна за нив, Гоце им рекол: „Пуштете ги тие луѓе на слобода; тие не се осознаени како Македонци. Однесувајте се добро со нив и ќе видите дека тие ќе бидат полезни за делото на кое му служиме“. Врховистичките агенти биле ослободени. (Исто). За односот на Гоце кон предавниците и обидите да ги превоспита, зборува и Јаворов (П. К. Яворов, исто, стр. 84).

[440] Така уште на 13-годишна возраст го напаѓа својот соклесник кој извршил предавство на другарите (Исто, стр. 31). И во подоцнежниот период, во писмото до Н. Малешевски, резигнирано ќе напише: „Кој знае, дали има народ, кој толку трпел од своите синови изроди, како македонскиот...“ (*Гоце Делчев*, IV, стр. 227).

едноставно сакал луѓето да ги гледа како луѓе[441], што во голем степен е резултат на кукушката средина.[442] Отсуството на шовинизам и залагањето за обединување на сите различни национално-верски елементи под знамето на револуционерната организација, Гоце Делчев и Ѓорче Петров го внесоа и во нејзиниот Устав од 1896 година (чл. 1).

Времето во кое се родил, време кога Македонија била под стегите на султанскиот феудализам, од една, и бунтовниот карактер, од друга страна, ја предодределе патеката на неговата судбина. Покрај Гоце, од семејството на Никола и Султана Делчеви, за слободата на Македонија паднаа и двајцата други синови - Мицо[443] и Милан[444]. Сестрата Руша, пак, стана симбол на жена предадена на револуционерното дело,[445] како и мајката Султана. Двете жени на Делчеви, заедно со

---

[441] „Не е малку да бидеме само луѓе“ (Исто, стр. 243). Неговата борба била насочена „само против тиранијата на турската власт, но не и против турскиот народ“. (Исто, стр. 244)

[442] Види повеќе за тоа: П. К. Яворов, исто, стр. 31-32; Т. Влахов, *Кукуш и неговото историческо минало,* София 1963; Д. Влахов, *Мемоари,* Скопје, 2003, стр. 25-37.

[443] Мицо Делчев како четник во четата на војводата Христо Чернопеев загинува херојски во судир со турскиот аскер на 4 февруари 1901 г. кај селото Бајалци, Гевгелиско. Знаејќи дека ослободителната борба бара жртви, и покрај тагата за загубениот брат, Делчев ќе праша: „Како се држеше брат ми Мицо? Да не покажа некоја слабост?“ (*Гоце Делчев*, III, стр. 14-16).

[444] По загинувањето на Гоце, на 12 јуни 1903 г., загинува и неговиот брат Милан Делчев како четник во четата на војводата Крсте Асенов, во борбата кај с. Владимирово. (Исто, стр. 16-17).

[445] Во април 1895 г. Гоце ќе се обрати кон сестра си Руша, на кукушки дијалект: „Ти ќи работиш ли за Македонија? – Може да изумреме сите, ами ќи треба да работиме“. (Исто, IV, стр. 221)

паднатите јунаци, влегоа во епската историја на Македонија, како пример на пожртвуваност и секогаш ќе бидат дел од моралното и патриотското воспитување на младите генерации Македонци.

Кусиот и бурен животен век на Гоце Делчев завршува на 4 мај 1903, но неговиот посмртен век трае до денес, со сите плими и осеки на времињата, на политичките превирања и на големиот багаж на „балканизмот“ што го носат оние кои не ја сфатиле големата поента на гоцевата мисла, дека светот треба да биде поле за културен натпревар меѓу народите, а не поле на неизживеани шовинизми. Останките на мртвиот Гоце патувале од Баница до Софија и Скопје, чувани во најголема тајност од македонските револуционери и припадници на Илинденската организација во Бугарија, а не од бугарските власти. Годишнините на Гоце и на Илинденското востание биле поводи за прослави и собирање на македонската емиграција и нејзините организации во Бугарија во целиот период меѓу двете светски војни. Голема улога на тој план, покрај другите македонски здруженија, одиграло Друштвото „Илинден“ во Софија, но низа прослави се одржувале и сред македонската миграција во внатрешноста на Бугарија (Јамбол, Борисовград, Ќустендил, Враца, Перник, Пловдив, Трново, Варна итн.). Редовно во црквите биле организрани панихиди  по што се говорело за значењето на Илинденското востание и за Гоце Делчев.  Особено свечена била прославата во август 1923 г. организирана од Илинденската

организација ширум Бугарија.[446] Во Софија, Арсениј Јовков организирал пренесување на моштите на Гоце Делчев, кое и го овековечил на филмска лента. Посмртните останки на Делчев биле сместени во саркофаг, на кој на предната страна била испишана заклетвата на македонските генерации, коските на Гоце да бидат пренесени во престолнината на слободна Македонија. Тоа ќе се оствари во октомври 1946 година со организирање свечени манифестации. Всушност, севкупниот однос кон постмртните останки на Делчев, исто така, покажува дека тој припаѓал на Македонија, на Македонците и на македонската историја.[447]

Гоце Делчев во својата борбена деценија бил дециден во дистанцирањето од бугарските аспирации кон Македонија[448] и јасно кажувал: „Ние

---

[446] В. Ачкоска, *Димитар Влахов,* Скопје 2016, стр. 87-88.

[447] Најголема заслуга за зачувување на Гоцевите посмртни останки имале македонскиот деец Михаил Чаков и Илинденската организација. Чаков ја чувал тајната сѐ до август 1923 г., кога на барање на Тодор Александров коските на Делчев биле изложени 10 дена на поклонение во црквата Св. Недела во Софија. Потоа Илинденската организација ги превзема во нивниот дом во Софија и ги чувала се додека не биле донесени во главниот град на НР Македонија. При погребувањето на останките на Делчев во црквата Св. Спас во Скопје, претседателот на Народниот фронт – Димитар Влахов ќе одржи свечен говор кој ќе го започне со зборовите: „Денеска е голем празник за целиот македонски народ. Денеска се пренесуваат во слободната македонска народна република во Федеративна Народна Република Југославија посмртните останки на големиот син на Македонија, првоапостолот на македонската револуција, Гоце Делчев“. (*Архив на Јосип Броз Тито, документи за Македонија (1943-1953),* Избор, вовед и редакција д-р Новица Велјановски, Скопје 2012, док.бр. 33, стр. 281; ДАРМ, Фонд Димитар Влахов, 1.766.7.29/335-347).

[448] Во тој дух, во март 1901 г. во Софија, Гоце изјавил: „Бугарската влада, којашто има чисти завојувачки намери спрема Македонија,

се бориме за слободна и независна Македонија со широки права на сиромашното население“.[449] Во овој контекст, кога се зборува за Гоцевата поврзаност со народот, треба секогаш да се има предвид, дека тој не наметнувал свои програми или погледи, туку пред сè, и над сè бил изразител на желбите и стремежите на народот, народен глас и народна тупаница, изразител на македонската низина, на македонската селанска маса, овоплотувач на нејзините процеси.[450] Заради сето тоа, тој станал легенда уште за времето на неговиот живот и таа негова аура ќе живее и ќе блеска низ идните генерации македонски револуционери кои ќе го понесат знамето на македонската ослободителна борба.[451] „Во Гоце

---

штом ќе почне да дава пари, ќе знае како да ја исползува со таа “помош“ создадената состојба на работите внатре: таа нема да се задоволи со некакви платонски чуства, туку ќе сака реални привилегии... повторувам, ударот ќе биде страшен!“ (*Гоце Делчев*, IV, стр. 232.)

[449] Исто, стр. 221.

[450] Види: Гане Тодоровски, *Трактати за сонцељубивите*, Скопје, 1974.

[451] Во споменатото забрането списание од 1938 г. интересна е статијата на Борис Манолев посветена на легендарниот лик на Гоце Делчев и неговата бесмртна револуционерна дејност, која, како што вели Манолев, засекогаш „го издигна во ранг на македонски национален херој“. Во текстот, пак, со наслов „Да се сплотиме околу името на Гоце Делчев“, авторот Благој Љапчев смета дека „основна задача на секој Македонец треба да биде неговото национално сознание и борбата за независност на својата родна грутка“. Статијата завршува со ставот дека „секој Македонец,назависно од своите религиозни, општествени, социјални, политички и други сфаќања, мора да се чувствува, пред сé како Македонец и да се инспирира од чисто македонските идеали и најдостоинствено да го чува чистиот македонски карактер на ослободителната борба“.

Делчев, простиот македонски човек виде не само идеолог, што ја сфаќа неговата тешка положба, ами собрат што ја носи неговата судбина. Уште пред да се даде историска оценка за Гоце Делчев, таа беше на оваа основа дадена во самиот народ и на таа основа веќе се раѓаше неговата легенда... во народот со средствата на старата речитост околу ликот на Гоце Делчев се вршеше актуализација на мотивите од песните за јунаците во кои тој гледал свои закрилници“.[452] Затоа се бројни песните и делата кои народот и уметниците ги посветуваат на неговиот лик и дело.

Цврст и непоколеблив, одлучен да не се предава и не застанува пред препреките во животот, Делчев таа морална поука ја пренесуваше и на своите ученици во неговото кусо но плодотворно учителствување во Штип (1894/95). Во исто време таму учителствува Дамјан Груев кој ќе го покрсти во револуционерната организација.[453]

Делчевата легална педагошка дејност се одвивала во двокласната прогимназија во Ново Село. Бил запаметен како строг и правичен учител. Заедно

(http://zase.mk/articles/192142/makedonija-ima-kopija-od-vesnikot-za-goce-delchev-od-1938-godina-shto-bil-zabranet-od-bugarija)

452 https://www.slobodenpecat.mk/blazhe-koneski-za-gocze-delchev-i-sozdavaneto-na-legendata/22.12.2019.

453 „...И идејно и морално Делчев е веќе сомисленик и соидејник на Груев, кој не го познавал лично....Идеите, вкусовите, стремежите, па и карактерите на двата најсветли апостоли на македонското ослободително движење, кои за првпат се гледаат сега во Штип, се поклопуваат. Во Штип тие се разбираат од првата средба, од првата размена на мисли...“ (Й. БадевЍ, *Даме ГруевЍ, животЍ и дѓло,* Софи® 1942, стр. 47-48).

со своите колеги, Дамјан Груев и Туше Делииванов, посветил особено внимание на образованието на возрасните. Меѓу другото, разработувале „жешки теми“ од светската и балканската историја со што создавале револуционерна клима во градот.[454] Ѓорче Петров го наведува сведоштвото на Ефрем Чучков, штипски револуционер и војвода, дека „...Гоце во Штип агитирал при интимни дружби, при веселби и гоштавки, согласно со битот на штипјани, и го толкувал конкретниот живот, наместо да истакнува апстрактни идеи“.[455] Токму затоа, Гоце имал големи успеси при ширењето на идејата за ослободителната борба и бил прифаќан од луѓето насекаде каде што одел. Постојано на теренот, меѓу народот, тој се покажал како извонреден агитатор и организатор, забраздувајќи длабоки траги во револуционерната традиција на Штип и Штипско. Иако неговиот радиус на дејствување било Ново Село со околните села, тој неуморно ја ширел мрежата на Организацијата од градот во селото и за кусо време воспоставил релевантен канал на релацијата Македонија-Бугарија.[456] По формирањето на револуционерни комитети во Штип и во околните села, следната година револуционерната дејност ја

---

[454] Й. БадевÍ, исто, стр. 57-58; Д. Димески, *Гоце Делчев,* Битола 1988, стр. 46-47.

[455] Т. Делииванов, „Спомени за Гоце Делчев – учителствуване в Щип“, *Македонска мисÍл,* I/9-10 (1946), стр. 379-385.

[456] За тоа, Ѓ. Петров вели: „Дејноста на Гоце се распростре и вон градот и за кратко време беше успеал да вовлече во Организацијата масовно луѓе се до бугарската граница и беше уредил канали, по кои тој и луѓето сновеа слободно и пренесуваа материјали од Бугарија“ (*Ѓорче Петров, Македонското ослободително дело,* ред. Г. Тодоровски, Скопје 1971, стр. 447).

пренесува во Солунско, Кукушко, Гевгелиско, Дојранско, Струмичко и Петричко. Една година е учител во Банско (1896). Според неговиот пријател и биограф, бугарскиот поет Пејо Јаворов[457], Гоце внесува во училиштето еден непишан правилник на борбеност. Всушност, било јасно каков учител ќе биде Гоце – човек целосно опфатен од плановите за тоа „учителство“, кое што му претстоеше сред возрасните.[458] Тој знаеше дека духот се челичи уште од мали нозе, дека храброста и достинството треба да бидат всадени во душата на еден народ кој со векови, во најголем дел се покорувал и трпел понижувања. Значи раскинувањето со ропството треба да дојде како духовно преобразување на самиот потчинет човек.[459]

Заради огромните задолженија кон Организацијата, го напушта учителскиот позив и тргнува по патот на професионален револуционер.

---

[457] Пејо Јаворов, бугарски поет и учесник во македонското револуционерно движење, според зборовите на бугарскиот литературен критичар Малчо Николов се посветил на истото токму под големото влијание на Гоце Делчев. Николов запишал дека за Јоворов: „Делчев бил единствениот човек, кон кого бил благонаклонет и кого длабоко го почитувал. И не ќе е преувеличано ако се каже дека во голем степен Делчев го поттикнал делото за ослободување на Македонија“ (М. Николов, *П. К. Яворов – човекът и творецът*, София 1940, стр. 17).

[458] П. К. Яворов, „Гоце Делчев“, *Проза,* том 2, София, 2011, стр. 39.

[459] За тоа Гоце вели: „Ако востание може да се подигне со 1-40 души, Македонија одамна ќе беше ослободена државичка: бидејќи тоа е невозможно, ами треба народ за тоа, што треба да се прави? Треба тој народ да се разбуди од петвековниот длабок сон, кој го направил Македонецот доста дебел во свеста за човечки правдини...“ (*Писмата на Гоце Делчев,* „Гоце до Каранов“ (17. октомври 1895), ред. Љубен Лапе, Скопје 1951, стр. 11).

Организира комитети во Разлошко, Неврокопско и Горноџумајско; „составувајќи веќе добар дел од општата мрежа на Организацијата“. Притоа, никаде Гоце не се соочил со спротивставување кај оние кои имал за цел да ги покрсти.[460] Бил вистински учител што знаел дека најпрво треба духовно да го подготви поробениот народ за отпор и борба.[461] И во таа голема мисија, не се штедел ниту еден миг. Целиот се предавал со огромна жар будејќи ги заспаните духови, влевајќи им надеж и храброст. За него „моралната револуција – револуцијата на умот, срцето и душата на еден ропски народ, е најголемата задача“.[462]

Во ширењето на револуционерната агитација и пропаганда, Делчев пленел со неговиот дух, речитост и убедливост, а сите го почитувале оти бил авторитетен, опитен и стар работник.[463] Но, покрај

---

[460] „Една блага душа препознаваа сите кои му се приближуваа. Една пламена реч ги обвиваше сите кои го слушаа. Една нескршлива вера ги заразуваше сите коишто започнуваа да работат со него.“ (П. К. Яворов, исто, стр. 47).

[461] „Јас не сакам- појаснувал Гоце – востание со луѓе што ќе ме напуштат при првата тешкотија; јас сакам револуција со граѓани способни да ги понесат сите искушенија на една долготрајна борба, каква што, поради жестоките политички услови, ќе биде и нашата; - или ќе водиме стока на колење?!“ (Исто, стр. 65).

[462] *Гоце Делчев*, IV, стр. 233.

[463] За тоа Георги Баждаров запишал: „Во проповедите Гоце како да ја откриваше душата, со таква искреност, а заедно со тоа и убедителност која се лееше од неговите зборови, кои паѓаа врз сознанието на слушателот и го завладуваа. Агитираниот прифаќаше да даде клетва, не од страв, не од помисла, дека ќе биде казнет ако откаже да стане член на Организацијата, туку од убедување, дека така треба и дека не бива тој да се дели од соселаните во таа општонародна работа“. (Г.

духовната школа, бил свесен дека за водењето успешна борба мора и систематска борбена обука, воена организација што тој ја изградувал низ четничкиот институт на ТМОРО, и пред сè нејзино добро вооружување.[464] Тоа била огромна дејност – да се вооружат четите и народот, да научат да ракуваат со оружјето, да се постави врз цврсти темели целата таа машинерија, која во погоден момент требало да се бори со многупати надмоќниот непријател.

Гоце Делчев бил прифатен и почитуван како неформален водач и најголем авторитет во Организацијата. Георги Баждаров смета дека Гоце бил нешто повеќе од главен командант, бидејќи војската мора да се потчинува на комадантот по закон и чин, додека тие се потчинувале на Гоце доброволно. Гоце ниту бил назначен од некоја власт или форум да им биде началство, ниту пак тие биле од некого задолжени да му бидат војници: „Ние сами, по своја желба и по свој избор станавме војници на Македонија, ние сами, доброволно, го признававме Гоце за свој началник, зашто тој беше најстариот војник доброволец, најхрабриот, најсмелиот, најпреданиот на Делото, најискусниот

Баждаров, *Моите спомени,* съставител: Ангел Джонев*,* СофиÔ 2001, стр. 59).

[464] Пишувајќи за ширењето на Организацијата, Ѓорче Петров кажува дека одлучиле да купуваат оружје и тоа најпрво револвери. „Револверите послужија како очигледен доказ дека има сериозни револуционери на дело, а не само на зборови. Ова нешто многу и помагаше на агитацијата. Доставувачката на овој материјал securities пополека стана една од првите задачи на месните комитети“. (Ѓ. Петров, *Спомени. Кореcподенција,* Скопје 1984, стр. 54).

меѓу борците, но и најскромниот. Затоа тој беше повеќе од генерал, од армиски командант, тој беше општопризнат и сакан од сите водач на револуционери патриоти“.[465]

Не случајно, Михаил Сматракалев[466] го споредува Гоце Делчев со големиот бугарски револуционер Васил Левски, потенцирајќи дека Гоце многу научил од Левски во однос на подготовката на организираната револуционерна борба. Токму она што бил Левски за бугарскиот народ, тоа бил Делчев за македонскиот. Двајцата се национални револуционери кои се борат за ослободување на своите народи од туѓата власт.[467] Притоа, тргнувајќи од класното толкување на улогата на одредени личности, со оглед на времето по Втората светска војна, Сматракалев ја потенцира и нивната

---

465 Г. Баждаров, исто, стр. 56.

466 Михаил Сматракалев (Сер, денес Грција, 1910 - Софија, 1998), книжевник и револуционер. Во периодот 1919-1939 делувал во редовите на левицата на македонското национално движење. Бил активист на ВМРО(Об.). Во 1938 заедно со Н. Вапцаров, А. Попов е еден од основачите на Македонскиот литературен кружок во Софија. Бил уредник на повеќе весници. Под псевдонимот Ангел Жаров објавил повеќе литературни творби.

467 Во 1938 г. во статијата „Гоце Делчев како национално револуционерен стратег“ јасно и прецизно се изнесуваат погледите и стратегијата на Гоце Делчев за националното ослободување на Македонија: „Гоце Делчев не беше марксистички деец од типот на Благоев и Кирков, туку огнен националреволуционер“. Гоце, како ретко кој друг македонски револуционер во тоа време, „совршено правилно сфатил дека македонското прашање како национално прашање нераздeливо е сврзано со ликвидирање на остатоците на турскиот феудализам и за извојување демократија, земја за селаните и економски, политички и духовнокултурни права и слобода на целиот народ“. (http://zase.mk/articles/192142/makedonija-ima-kopija-od-vesnikot-za-goce-delchev-od-1938-godina-shto-bil-zabranet-od-bugarija)

идеологија, имено дека „и двајцата јасно и решително се бореа не само за национално ослободување, туку и за материјална благосостојба на работните луѓе...“, противејќи се на секој шовинизам.[468]

Во годините до Илинденското востание, Делчев го зацврстил четничкиот институт на ТМОРО, како нејзин најважен сегмент и со својот авторитет успеал да ја прошири мрежата на Организацијата и до најмалите населени места во Македонија. Делчев, исто така, ги организирал и подготвувал каналите за снабдување со оружје и муниција. Во своите обиколки низ Македонија, меѓу другото, им давал упатства на четите како главен ревизор. Истовремено, бил опседнат со барање начини за финасирање на Организацијата, пред сè заради снабдување со оружје на четите.[469] Во тие рамки, се полагаше надеж и во Врховниот македонски комитет

---

[468] М. Сматракалев, „Васил Левски и Гоце Делчев“, *На македонски теми,* избор, превод и предговор д-р Васил Тоциновски, Скопје 1999, стр. 193.

[469] Организацијата се финасирала на различни начини, а биле применувани и разни насилни методи. Најкрупна акција во овој поглед било грабнувањето на американската протестантска мисионерка мис Елен Стон и нејзината придружничка Катерина Цилка кај с. Сушица, Горноџумајско, на 21 август 1901 година. Ѓорѓи Поп Христов му ја соопштил на Делчев „радосната вест“, дека за откуп на мис Стон се добиени „14000 турски лири“ (Види: *Турски документи за аферата Мис Стон,* ред. Драги Ѓорѓиев, Скопје 2008, стр. 138; С. Дракул, „Македонија меѓу автономијата и дележот*“, Зборник руска дипломатска документација 1894-1913,* прв том, Куманово 1995, стр. 324-326).

(ВМК) во Софија, но со јасно разграничување дека ослободителното дело е работа на внатрешната организација, внатре во Македонија. И дело на самиот народ кој треба да се ослободи со сопствени сили. Тоа е таа нераскинлива нишка-водилка на гоцевата борба во неговото време и во времето што ќе следи до денешен ден. Но, и трајна поука за иднината, дека само со потпирање врз сопствените сили може да се дојде до слободата и таа да се сочува. Учителката на животот нам ни покажа дека секој нов ослободител станувал и нов господар на Македонија.[470]

Во борбата со врховизмот и во одржувањето на чистотата на дејноста на Организацијата, Гоце Делчев одиграл огромна улога, заедно со неговите соборци: Д. Груев, Ѓ. Петров, П. Тошев и др.[471] ВМК настојувал да се наметне како единствен раководен фактор во македонското ослободително дело. Меѓутоа, МРО вешто и дипломатски ги избегнувала

470 Затоа е мошне силна визионерската мисла на Гоце, дека ако не се ослободи, „Македонија ќе падне под некоја од балканските држави или ќе биде разделена меѓу нив. – Тогаш ќе бидеме метачи со половина опинок; подобро да не сме живи ако го допуштиме тоа“. (*Гоце Делчев*, IV, стр. 244).

471 Според Никола Зографов, раководител на ќустендилскиот пункт на МРО, Гоце Делчев дошол за полномошник на ЦК во Софија, на 28.12.1895 година. Неговото полномошно гласело вака: „Централниот комитет го испраќа Ахила во Бугарија со задача да спречи секакво мешање од надвор во работите на Револуционерната организација во Македонија и Одринско. Сите што милуваат и сакаат да се посветат, да помогнат за извојување на автономна слобода, нека повелат, вратите им се отворени“. (Н. Зографов, *Строежа на живота,* СофиÔ, стр. 58; НБКМ-БИА, ф. 224, а.е. 17, писмо на Н. Зографов до А. Љапчев за Доне Штипјанчето и порака до Ахил, односно Делчев, април 1896).

намерите на ВМК, без да ги прекине контактите со него. Така, во почетокот на февруари 1896 г., Делчев во Софија се сретнал со тогашниот претседател на ВМК – Данаил Николаев.[472] Делчев останал крајно разочаран од разговорот што го воделе, бидејќи Николаев ја условувал евентуалната помош на МРО со тоа ВМК да го претставува македонското революционерно дело и да има решавачки глас по прашањето за востание.[473] И Пејо Јаворов запишал дека Врховниот комитет сакал „да ги наметне на внатрешните дејци своите идеи и планови ... Но, революционерната организација – не само представувана, но фактички раководена од Гоце и Ѓорче, кои по наведеното прашање беа сосема усогласени – не можеше да одстапи. Напротив, таа инсистирала на правото да бара од „надворешните пријатели“ да се ограничат на испомагателна улога, без да се мешаат понатаму“.[474]

[472] Помеѓу другото, на таа средба Делчев му кажал: „Гледам дека вие не ги познавате условите во Македонија и затоа кажете им на сите, кажете им да не се мешаат и да ја остават Внатрешната революционерна организација да организира, да раководи, да решава. Ние сметавме дека од вас, од комитетот и емиграцијата можеме да добиеме братска помош. Но, знајте, ние не бараме покровител, а уште помалку господари“ (К. Христов, *Гоце Делчев,* СофиÔ 1955, стр. 125-126).

[473] Делчев остро се спротивставил на таквата уцена и веднаш, по враќањето во Македонија му напишал на Н. Зографов: „Тој комитет таков впечаток ми направи, такво силно оладување предизвика кај мене, што јас не гледам дали ќе помага, туку се плашам да не му нанесе големо зло на делото...“ (*Гоце Делчев, Писма и други материјали,* издирил и подготвил за печат Дино КÍосев, СофиÔ 1967, стр. 54).

[474] П. К. Яворов, исто, стр. 65,

ВМК особено инсистирал да биде прифатен во странство како раководен фактор на македонското ослободително движење. На европската и светската јавност и била упорно пласирана тезата за бугарскиот карактер на Македонците, за „бугарските комитаџии“ и борба и секако за „историското“ право на Бугарија да ги обедини сите Бугари во една држава. Сето тоа било спротивно од борбата за автономија како програмска цел на МРО чија мрежа се ширела низ Македонија заедно со свеста за самостојна ослободителна борба.[475] Но, со јакнењето и омасовувањето на МРО раснел и ризикот од разоткривање на нејзината мрежа и од провали со поголеми размери. Првото сериозно сомневање дека нешто се случува предизвикало откривањето на неколку празни рачни бомби во вреќите за ориз што ги пренесувал кираџијата Доне Стојанов Тошев, член на Организацијата, испратен од Гоце Делчев, во април 1896 г.[476] Со фаќањето на Доне во Битола, се надвиснала непосредна опасност и над Гоце, иако Доне ги издржал сите маки и останал достоен на заклетвата. Делчев бил уапсен во април 1896 г., а во мај одведен во Скопје и затворен во скопскиот затвор „Куршумли ан“ каде бил задржан само кусо време. Властите му препорачале да не се враќа во

[475] НБКМ-БИА, ф. 224, оп. 1, а.е.17, Писмо на Н. Зографов до А. Љапчев за несогласиците на Делчев со ВМОК, 17.04.1896.

[476] *Даме Груев, живот и дело,* 2 част, Предговор, сÍставителство и бележки, Ц. В. БилÔрски, док. 39, 40, 41, СофиÔ 2006, стр. 507 – 510; НБКМ – БИА, ф. 224, оп. 1, а.е. 17, писмо на Д. Груев до А. Љапчев, април 1896; НБКМ – БИА, исто, писмо на Д. Груев до А. Љапчев за држењето на Доне во затворот.

Штип,[477] но тој сепак се враќа, токму при завршувањето на учебната година. Од таму оди на Солунскиот конгрес на Организацијата на кој таа го добила името ТМОРО. На овој конгрес, меѓу другото, се расправало и за односите со ВМК чија тенденција била оценета „како многу опасна за делото“. Сепак, заради потребите на Организацијата (пред сè материјални) бил прифатен ставот да се одржуваат добри односи со ВМК, со бугарското општество и со македонската емиграција. Во овој контекст се вклопува одлуката за отворање на Задгранично претставништво кое имало задача да ја претставува ТМОРО и да ги одбива надворешните посегања, без да се меша во работата на ВМК и во политичкиот живот во Бугарија. Кон крајот на 1896 г. со оваа сложена и деликатна задача бил задолжен Гоце Делчев, а во март 1897 г. му се придружил Ѓорче Петров.

Делчев заедно со одделни водачи на МРО водел „една совршено самостојна политика, стремејќи кон создавање на независна, автономна Македонија“. Според Петар Карчев[478], идеите на Гоце Делчев – проткаени со социјалистички

---

[477] *Гоце Делчев и неговото време,* I, стр. 139.

[478] Петар Карчев (1889, Охрид, – 1965, Софија), адвокат, општественик, публицист и редактор на повеќе весници во Бугарија, деец на Народнолибералната партија и на ВМРО (Об.). Бил близок соработник на д-р Никола Генадиев, парламентарен известувач, кој добро ги познавал главните политички фигури во бугарското општество. Се вклучува во дејноста на ВМРО (Об.) и соработува со Павел Шатев. Учествува на Цариградската конференција на ВМРО (Об.) во 1929 година. Во 1930 е уапсен со Г. Занков во Виена, но е ослободен и екстрадиран во Германија.

сфаќања – немале никаков допир со бугарската влада. „Никој не може да си допушти, дека тој би дозволил било какво вмешување на цар Фердинанд во работите на  револуционерната организација, или пак сугестија“. Ова особено се однесува за оценките дека предвременото Илинденско востание наводно било резултат на провокациите на Фердинанд, на софиските врховисти  и воинствените партиски кругови кои „секако настојувале да го искористат за своите замисли македонското движење“. Напротив, според Карчев, „Илинденското востание... е дело на самата Внатрешна организација“,[479] која се борела за автономија на Македонија. Вистината е дека самиот Гоце Делчев беше за одложување на востанието, сметајќи дека  не е достаточно подготвено, за да заврши успешно. И токму на пат да го одложи востанието и агитирајќи за тактиката за перманентно востание ќе биде убиен во селото Баница.[480]

Гоце Делчев заедно со Даме Груев, Пере Тошев и други творци на ВМРО, биле „со изострен осет кон практичното разрешување на македонското прашање“, а меѓу нив имало и револуционери дипломати.[481] Во овој дух за Гоце била добредојдена

---

[479] П. Карчев, *През прозореца на едно полустолетие (1900-1950)*, Съставителство Ива Бурилкова, Цочо Билярски, София 2004, стр. 262-263.

[480] Карчев сепак смета дека „ако востанието не избувнеше,  следеше разоружителна акција на турските власти, која покрај теророт кон при одземањето на оружјето од населението ќе сакаше да постигне и една друга голема задача од морален карактер – внесување на целосна депресија и разочарување сред народот од разумот и тактот на раководителите на организацијата“ (П. Карчев, исто, стр. 263).

[481] Исто, стр. 430, стр. 992.

секоја помош од надвор заради што барал одржување врски со Врховниот комитет, но никогаш во никој момент не ја довел во прашање самостојноста на македонското револуционерно дело. Затоа Гоце „води немилосрна борба со бугарскиот шовинизам и неговиот инспиратор – бугарскиот двор", свесен дека револуционерната подготовка на народот е тешка и долгорочна работа. Неуморно работи на ширењето на револуционерната мрежа на територијата на етногеографска Македонија при што МРО прераснала во вистинска „држава во држава".[482] Во тој дух, наспроти султанскиот режим, се создаваше новиот револуционерен и ред и поредок.[483] За жал и Делчев, како и многу македонски дејци и револуционери, иако најмногу го презирал предавството, стана жртва во низот на предавствата со кои систематски и смислено се уништуваше самостојното македонско дело.[484]

---

[482] М. Сматракалев, исто, стр. 194.

[483] Славејко Арсов наведува дека на собирите Делчев им посочувал на луѓето еден нов ред. Им се забранува да се судат по турски судови; се забрануваат кражбите, блудствата, пијанства, караница. Се бара послушност спрема селското управно дело, точност при исполнувањето на должноста, стража пред селото, курирска служба, пречекување на четата и нејзино примање в куќи. Се заповеда да се чува тајна што станувало во селото, да не се прашува за друго село итн. (*Спомени, С. Арсов, П. Кљашев, Л. Џеров, Г. П. Христов, А. Андреев, Г. Папанчев, Л. Димитров,* Скопје 1997, стр. 46 -47).

**[484]** Според писмото на Јустинијана (Јанка) Каневчева од Охрид, тајната вереница на Гоце Делчев, убиството на нејзиниот Гоце „медиумски" се подготвувало цела година однапред. Имено, загрижената учителка Јанка на 8 февруари 1902 г. пишува писмо, кое следниот ден го испраќа до редакцијата на софискиот весник „Дело", барајќи да се демантираат гласините за наводното убиство на Делчев. (Блаже Миневски, „Необјавени фотографии и документи од албумот на Јанка

***

Историјата понекогаш знае да се повторува и како трагедија и како фарса, но минатото не може да се менува. Тоа е нешто кое објективно се случило. Така, не може ниту на една историска личност да и се менува историското дело бидејќи тоа е дел од еден поширок општествен контекст со целата сложеност на даденото време. Преку агресивниот настап од бугарска страна дека Делчев бил етнички „Бугарин“, на највулгарен начин се поместува неговата историска улога. Гоце Делчев тргнал по патот на една сурова неизвесност, борејќи се на два фронта: прво, против владеачкиот султански режим, за слобода и автономија на Македонија, и второ, против секое надворешно мешање во македонското револуционерно дело, свесен дека туѓиот ослободител ќе стане нов владетел. Неговиот завет се изразува низ сегашноста, како борба за одбрана на правото на државност на македонскиот народ, како

---

Каневчева, љубовта на Гоце Делчев и подоцнежна сопруга на Михаил Герџиков“, https://denesen.mk/ekskluzivni-i-neobjaveni-materijali-od-albumot-na-janka-kanevcheva-ljubovta-na-goce-delchev-i-podocnezna-sopruga-na-mihail-gerdzikov/29.11.2019). Има различни верзии за убиството на Делчев. Проф. д-р Михајло Миновски во Софија дошол до еден текст во весникот „Македонско знаме“ од 1934 г. каде е отпечатено сведоштво на учесник во Илинденското востание кој пренесува искажувања на Георги Думчев Карчо кој бил со Гоце во Баница. Имено, кога сфатиле дека Баница е опколена, Карчо му предложил на Гоце да откријат послабо бранет пункт низ кој би можеле да се извлечат од опсадата. На тоа, Гоце му одговорил со следните зборови: „Карчо, ако бевме предадени од овде, ќе најдевме можност да излеземе од опсадата, но изгледа дека сме предадени од Софија. Затоа не можеме да се спасиме“. (https://infomax.mk/wp/ Гоце Делчев знаел од кого бил предаден!, 4 мај 2018)

посебен народ на Балканот, чие негирање е еден од анахронизмите на нашето време. Тоа е дел од незавршените балкански војни и настојување на соседите и нивните големи ментори конечно да го решат „македонското прашање“. Најновите договори со Грција и Бугарија се само дел од смислените маневри за обезличување на македонскиот народ и бришење на неговиот идентитет и колективна меморија. Во овие рамки поуките на Гоце Делчев за самостојност на македонското ослободително дело, промовирањето на меѓуетнички соживот и за културен натпревар меѓу народите, се трајни поуки за секој цивилизиран народ. Неговата жртва за слободата на Македонија остави неизбришливи траги кои се светост за секој Македонец и затоа тој има заслужно место во вечната куќа на македонскиот опстој.




**Првиот гроб на Гоце Делчев во Баница**

## Проф. д-р СТЕФАН ВЛАХОВ - МИЦОВ

# ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ - МАКЕДОНЕЦОТ НА КОЈ САКААТ ДА МУ ЈА ОДЗЕМААТ НАРОДНОСТА

Во своето Евангелие Матеј повикува: „СВЕТОТ НЕ ДАВАЈТЕ ИМ ГО НА КУЧИЊАТА, И НЕ ФРЛАЈТЕ СИ ГИ БИСЕРИТЕ ПРЕД СВИЊИТЕ, ЗА ДА НЕ ГИ ИЗГАЗАТ СО НОЗЕТЕ, И, ДА СЕ ВРАТАТ, И ДА ВЕ РАСКИНАТ“[485]. Евангелистот како да ја гледал денешна Македонија во која политичари и историчари ги фрлаат бисерите на македонската историја Александар Македонски, светите браќа Кирил и Методија, свети Климент и свети Наум, царот Самоил, Гоце Делчев, на странските кучиња и свињи. А тие не само што ги газат, туку сакаат да не уништаат и духовно и физички. Само луѓе со нарушен интегритет можат да веруваат дека ќе ги украдат македонските исторички светињи, затоа што МАКЕДОНСТВОТО не е само народноста и националната определба. Тоа е светска духовна и цивилизациска категорија, која може да биде сфатена само преку нејзиниот извор Македонија и Македонците. Само луѓе со деформиран македонски дух можат да учествуваат во комисии за распродавање и раздавање на македонското историско наследство. Тоа е атентат не само против македонскиот народ, туку и против светската цивилизација, зашто кога се одземе

[485] Евангелие според Матеј 7 : 6

македонскиот дух на Александар Македонски, на Кирил и Методиј, Климент, Наум, Самоил, Делчев тие веќе го губат својот сјај и историска вредност. Едно е Александар Македонски, сосема друго Александар Велики, затоа што имаме и Карло Велики, Петар Велики и т.н., т.е. Александар Македонски се изедначува со десетици императори и кралеви и се губи неговата визија.

Куриозитетно е дека Бугарите бараат Гоце Делчев да добие туѓа, т.е. бугарска народност, а македонските политичари и антиисториската Комисија за преговори со Бугарија сака да му ја одземе македонската припадност: „Делчев е многу чувствителна тема, но и неупатно е да се одговори дали бил Бугарин или Македонец". И уште: Не е работа на Комисијата да каже. Ќе дискутираме. Ама ако оваа Комисија продолжи да инсистира и да напише документ дека Гоце Делчев бил Бугарин или Македонец, решение нема да има"[486]. Од зборовите на претседателот на Комисијата произлегува дека Делчев е некаков анонимен субјект или вонземјанин кој се симнал од небо за да се бори и да умре за Македонија зашто така му текнало. Меѓутоа, Делчев е роден во Кукуш, Егејска Македонија, окупирана територија од Грција за време на Балканските војни (1912-1913). Според неодамнешниот договор од Нивици, македонските политичари ги подарија на Грција и Македонците во Егејска Македонија. Па според тоа Делчев, како и Александар Македонски

486 https:// www.mkd,makedonija, politika, gorgiev ne-treba-nie-da...

може да биде третиран и како Грк. За тоа ќе одлучува другата антиисториска Комисија, овој пат за пријателство со Грција.

САМО ШТО, АКО ДЕЛЧЕВ СЕ ЧУВСТВУВАЛ БУГАРИН ИЛИ ГРК, ТОЈ ЌЕ ОСТАВЕШЕ ТЕСТАМЕНТ ДА БИДЕ ПОГРЕБАН ВО БУГАРИЈА ИЛИ ГРЦИЈА. АКО ПАК БИЛ ВОНЗЕМЈАНИН, ЌЕ СУГЕРИРАШЕ КОСКИТЕ ДА МУ ДА БИДАТ ИСПРАТЕНИ ВО ВСЕЛЕНАТА. НО НЕГОВИОТ ТЕСТАМЕНТ Е ДА БИДЕ ПОГРЕБАН ВО ПРЕСТОЛНИНАТА НА СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА. ЗНАЧИ ВО ПРЕСТОЛНИНАТА НА СЛОБОДНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА.

Меѓутоа, уште во 1895 г. во писмо до Ефрем Каранов, Делчев гледа на Македонија како на „слободна државичка“[487]. Потцртувам, не автономна, туку слободна, независна држава.

Во истата 1895 година, во судир со претседателот на бугарскиот Врховен Македонски Комитет (ВМК) генерал Данаил Николаев, Делчев изјавува: „Но знајте, ние не бараме покровители, а уште помалку господари!“[488] Тој став на Делчев оди во прилог на неговата борба за независна држава, со своја политика која не сака покровители.

Својот однос не само кон бугарската политика, туку кон Бугарија, Делчев го покажува со фактот дека независно што учел во Военото училиште во Софија, не сакал да биде произведен

[487] Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903, Поглед низ документи, Скопје 2013, стр. 69

[488] Крум Христов, Гоце Делчев, София 1955, стр.125

како бугарски офицер. Сакал да стекне воени познавања во корист на Македонија и само се колнел во неа, но одбивал да се колне во име на Бугарија и да биде користен од Бугарите. Затоа, тоа НАМЕРНО го направил за да биде исклучен еден месец пред да добие звање.

Меѓу најважните решенија на Солунскиот конгрес на революционерната организација (1896) било прифаќањето на Уставот и правилникот на Организацијата. Разликата меѓу Уставите од 1894 и 1896 г. се суштински. Македонската револуционерна организација (МРО) е преименувана во Тајна Македоно-Одринска Револуционерна Организација (ТМОРО). НО НАЈБИТНО Е ДЕКА ВО НОВИОТ УСТАВ И ПРАВИЛНИК НА ТМОРО ПОИМОТ „БУГАРСКИ“, КОЈ БИЛ ПРИФАТЕН ВО 1894 Г. ВО ОТСУСТВО НА ДЕЛЧЕВ, НАСЕКАДЕ Е ИСФРЛЕН. Ѓорче Петров тврди: „јас сам го изработив Уставот“[489]. Вистината е дека тоа го направиле Делчев и Петров. Но ако земеме предвид дека повеќе години по убиството на Делчев во 1903 г., Ѓорче Петров го користи поимот „бугарски“, „бугарско“, сосема јасно е дека точно Делчев ги исфрлил поимите „Бугарин“ и „бугарско“ од Уставот и Правилникот. Така, член 4 од Уставот веќе гласи: „Член на ТМОРО може да биде секој Македонец и Одринец којшто не е компромитиран со ништо нечесно и бескарактерно пред општеството...“[490]

---

[489] Спомени на Гьорче Петров, София 1927, стр. 51

[490] Ванчо Ѓоргиев – цитирано дело стр.106

Бугарските тврдења  дека Делчев пишувал на литературен бугарски јазик се глупи затоа што кодифицирањето на бугарскиот јазик, во споредба со македонскиот траело цели 70 години. Во времето на Делчев имало три официјални писмени системи: Трновски, Каравеловски и Дриновски. Тие јазични борби продолжиле и по 1899 г. откако официјално (привремено) бил наложен иванчовскиот правопис.[491]

Самиот Делчев бил загрижен за создавање на македонска книжевност: „Зар нема кој да напише барем една книга на македонски?" и поттикнувал автори како Атанас Раздолов да пишуваат револуционерни творби.[492] Во една од своите поеми од книгата „Песните на востаникот" (1895) Раздолов нагласува:

Да покажем на Турчинот
на Цинцарија и на Гркот
на Бугаринот, на Србинот
и на секој што ни брка
Че не ламтим за корони
за царштина и за слава
не штем да сме ниј барони
в македонската држава
но се трудим да в'едем
братство, равенство, слобода!

Во своите писма, вклучително и тие до Никола Малешевски, Делчев е дециден во својот македонски дух. Во писмо од 22 април 1897 г.

---

[491] Русин Русинов, Историа на български правопис, София 1981
[492] Димитар Димески, Гоце Делчев, Скопје 2003, стр.159

посочува: „Дали има народ кој толку многу трпел од своите синови изроди - како македонскиот!“[493] Како одеднаш на 5 јануари 1899 г. читаме: „Отцепувањата и расцепувањата никако да не нè плашат. Реално, жално е, но што можеме да правиме кога сме си Бугари и сите страдаме од општа болест!“.[494] Тоа е токму време на најостри катаклизми меѓу ТМОРО и Делчев и Врховниот комитет во Софија и „Братствата“ на Иван Гарванов во Солун. Нешто повеќе, ТМОРО и Делчев и бугарскиот премиер Стоилов заемно се заканувааат со смрт. И токму во таков момент на Делчев му текнува дека е „Бугарин“.Тој за разлика од денешните политичари и историчари не бил ненормален.

Пред писмото од 5 јануари, Делчев му пишува на Малешевски друго писмо во кое користи жестока иронија и сарказам. Во тоа писмо вели „Ние сме опкружени со цел полк такви *НАРОДНИ ПРИЈАТЕЛИ* (курзивот е мој, Ст. Вл.-М.), но кој може да се занимава со нив“. Уште посаркастично е продолжението на писмото: „Турците, колку побезумни се покажуваат со мерките преземени за зачувување на нивната држава внатре во Македонија, толку помудри стануваат тука пред самозаборавот на овдешните Македонци кои со својот *РЕШИТЕЛЕН ПАТРИОТИЗАМ* (курзивот е мој Ст. Вл.-М) не само што одат да даваат материјал на шпионите, туку и го обезбедуваат животот на последниве“.[495] Така,

---

493 Ванчо Ѓоргиев - цит. дело стр.123

494 Гоце Делчев, Спомени, документи, материали, София 1978, стр. 311-312

495 Ванчо Ѓоргиев – цитирано дело стр. 122

според иронијата и сарказмот на Делчев, душегрижниците на Македонија и на Македонците се „народни пријатели“, а пак одродените Македонци „решителни патриоти“. Во истиот контекст е и иронијата во писмото од 5 јануари, кое започнува со зборовите: „Отцепувањата и расцепувањата никако да не нѐ плашат“. Во суштина тоа бил најголемиот проблем на Организацијата и Делчев практично ги исмејува таквите тврдења. Понатаму продолжува дека „сме си Бугари“,т.е. забегани и глупи. Поимот „Бугари не е етничка определба, туку психолошка карактеристика и начин на поведение. Постојат пословици „бугарска работа“ и „убава работа, ама бугарска“, дури има истражување на тој синдром.[496] И денес во Европа се навредуваат со „Бугари“, „бугарска работа“, „Бугарски воз“ дури и во парламентите на Италија и Германија. Да се потсетиме дека поимот „Бугар“ уште од средниот век е третиран како валкана работа.

Последната порака на Делчев е запишана од неговиот четник Пејо Јаворов во неговите стенографски бележници. На 12 јануари 1903 г. Делчев му кажал: „ЌЕ ГО СКИНЕМЕ ЦРНИОТ ПРЕВЕЗ И ЌЕ ИЗГРЕЕ СОНЦЕТО НА СЛОБОДАТА, НО НЕ БУГАРСКО СОНЦЕ“.[497] Бугарите ги објавија тие белешки во 2008 г. и се обидоа да ги фалсификуваат, но не успеаја, затоа што

---

[496] Иво Сиромахов, Български работи, Софија 2015

[497] Личните бележници на П. К. Яворов, София 2008, сек. 248/НБКМ - БИА ф. 229, а.е.166, а.136 – грб

стенограмите ги демантираат.[498] Јаворов намерно водел дел од своите најважни белешки со стенографско писмо за да не ги прочитаат неговите современици. Тогаш во Бугарија стенографијата била слабо развиена.

Вистинскиот свој однос кон Гоце Делчев бугарската држава го покажа во 1991 г. кога сакаше да го смени името на градот Гоце Делчев со поранешното име Неврокоп. Тогаш беа направени обиди и за смена на името на градот Сандански со поранешното име Свети Врач. Тие обиди беа спречени од нашите Македонци во Пиринска Македонија и организацијата ОМО-Илинден.

Во споредба со денешните деградирани македонски политичари и историчари, одамна целиот свет знае каков е бугарскиот менталитет. Тоа го призна пред подолго време и големиот бугарски писател-националист Николај Хајтов со зборовите: БУГАРИНОТ АКО ГО ПРИТИСНЕШ ГАЗ ДАВА, АКО ГО ОТПУШТИШ - ГАЗ БАРА“.

---

[498] Нов фалсификат на бугарските историчари од Стефан Влахов-Мицов, Филозофскиот клуч за македонскиот идентитет, Скопје 2008, с.187-192



През миналата седмица от София бяха изпратени за Македония костите на голямия македонски революционер Гоце Делчев, които от сега нататък ще почиват в Скопие— столицзта на земята, за която той даде живота си.

**Пренесувањето на посмртните останки на Гоце Делчев од Софија во Скопје на 6.10.1946 година**

**Доцент БРАНИСЛАВ СВЕТОЗАРЕВИЌ**

## ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ВО ФИЛАТЕЛИЈАТА[499]

Ликот и делото на една од најголемите историски фигури во поновата македонска историја Гоце Делчев, претставуваат вечна инспирација на Македонците. Тој всушност станува омилен народен лик уште за време на неговиот живот, а легенда по неговата смрт. Тоа најдобро се забележува во народните песни. Гоце Делчев е една од најопеаните личности, ако не и најопеана, како во народните песни, така и во новокомпонираните народни, забавни и детски песни. Своe место, ликот на Гоце, зазема и во класичната, хорска и опреска музика. Народното паметење никогаш не згрешило, тоа не е случајно, затоа што Гоце Делчев со сето свое битие и дело бил посветен, му припаѓал на македонскиот народ и на крајот го дал и својот живот за него.

[499] Сите прикажани филателистички објекти се дел од колекцијата на Бранислав Светозаревиќ.




**Разгледница со ликот на Гоце Делчев, издадена во годините по неговата смрт.**

Македонскиот народ, во континуитет, од смртта на легендарниот војвода Гоце Делчев до денес, го овековечува неговиот лик и дело низ разни форми, со што на еден достоинствен начин се оддолжува на човекот, кој во ниту еден момент не се поштедил себе сѝ за македонската кауза и таа негова енергија љубов и одлучност неминовно се одразила во народното паметење. Токму затоа, македонскиот народ и македонската држава на неговото име посветиле мноштво називи на најзначајни установи , како што се универзитетот во Штип, повеќе училишта во државата, инфрастуктурни објекти, но и традиционални културни и научни манифестации, како што се „Гоцеви денови“, „Гоце Фест“ и т.н. За Гоце, напишани се бројни поетски и прозни дела, многу научни дела и монографии и биле создадени безброј уметнички дела.




**Патувана разгледница од Серес до Софија во 1909 година со мотив на предната страна: ликовите на Гоце Делчев и Даме Груев и во средината на горниот дел едно од револуционерните знамиња на Македонската револуционерна организација – со македонскиот лав и паролата „Слобода или смрт“ и во долниот средишен дел - топ со топовска граната.**

Една од областите во кои е присутен ликот на Гоце Делчев е и филателијата. Зборот филателија веднаш асоцира на собирање поштенски марки и тоа во својата суштина е така. Но, ако попродлабочено ја запознаеме филателијата претставува многу поширока област и таа освен што е најраспространето хоби во светот, подразбира и собирање на поштенски пратки како што се ковертите, разгледниците, дописните картички, поштенска документација и т.н. Областите кои се опфатени како теми во филателијата се практично неограничени. Покрај изданијата на поштенски

марки, постојат и изданија на пригодни коверти, максимум карти, а бидејќи во својата 180 годишна историја на марката и уште подолгата историја на поштенските жигови се претставени званичните изданија на државите, државните пошти и други установи, како во мирнодобски, така и во воени услови, филателијата прерасна во своевидна наука, а претставува и помошна историска наука. Во светот постојат стотици и стотици стручни списанија, каталози, постојат илјадници филателистички клубови и стотици сојузи а секоја година се одржуваат државни и меѓународни симпозиуми, академии, а во многу земји постојат поштенски и филателистички музеи. Значи постои голем интерес на државите и народите, што подобро да се претстават и во филателијата. Еден од најчестите мотиви на поштенските марки, пригодни жигови, дописни картички, пригодни коверти, поштенски целини и разгледници се секако и ликовите на историските личности. Следејќи ги званичните изданија, всушност не ретко се следат и званичните политики на државите. Филателијата играла толку голема улога во популаризацијата на една држава и еден народ, што во историјата се појавуваат често и незванични изданија на марки, кои имаат пропаганден карактер, а најчесто ги издаваат разни институции и здруженија, па често ваквите марки се интересни и за филателистите кои ги собираат, а некои од тие објекти постигнуваат и високи цени на пазарот.

Овој вовед во филателијата не случајно го даваме и со цел, не само да го сватиме значењето на

филателијата, туку и за да ги сватиме мотивите со ликот на Гоце Делчев во различните изданија на државните пошти, здруженија и поединци. За жал, печатените изданија кои ја третираат оваа тема во нашата држава се скромни. Колку што ни е познато, досега, ликот на Гоце Делчев во филателијата е обработуван само како дел од пошироки теми како што се ВМРО во филателијата, Илинден во филателијата, Македонија во поштенските марки и сл.[500], како и во каталозите и списанијата на филателистичките изданија на поштенски марки и целини на Македонија, Југославија и Бугарија, како и изданијата на реномирани издавачки куќи за филателија во светот[501]. Освен овие изданија,

[500] Ѓорѓи Димовски Цолев, Илинден во филателијата, Друштво за наука и уметност „Браќа Миладиновци“, Струга, Струга, 1998, 497 – 515; Max Demeter Peyfuss, Nataša Vittorelli, Pro Macedonia – Briefmarkedtwürfe für ein unabhängiges Makedonien in der Zwischenkriegszeiet, Makedonien, Geographie – Etniche Struktur – Gesshihte – Sprache und Kultur Politik – Wirtschalft – Recht, Österreichisches – ost – und südosteuropa – Institut, Wien, 1998, 185 – 202; Красимир Трајков, Македонија на поштенски марки, Нова Македонија, 1984, 1 – 14 јануари 1984 год; Ѓорѓи Димовски – Цолев и Ѓорѓи Грамосли, Филателијата во Битола, Битола, 1972; Ѓорѓи Димовски – Цолев, Илинден во југословенската филателија, Битолски филателист, Битола, 1978, 1, 1-2 и др.
[501] Каталози на марки на званичните пошти на Македонија, Југославија и Бугарија, приватни изданија на каталози и специјализираните издавачи за филателистички материјали Zumstein, Michel, Yvert и др„ аукциски куќи и т.н. Во Р. Македонија, по нејзиното осамостојување може да ги издвоиме изданијата на Македонската пошта и тоа: Македонска пошта, Каталог на поштенски марки и целини, 1991 – 2001, Скопје, 2003; Македонска пошта, Илинден 1903 – 2003, Скопје, 2003; Дамески Митко, Каталог, Поштенски жигови на Република Македонија 1991 – 2001, Скопје, 2001; Митко Дамески, Поштенски марки на Република Македонија 1991 – 2001, Скопје, 2001; Митко

мотивите на Македонија, Илинден и Гоце Делчев се присутни и во каталозите на самостојните, клубските филателистичките изложби, монографии и сл[502].

Во 1923 година и подоцна, од страна на „Македонските студентски друштва во туѓина" биле издадени големи едициии на поштенски марки, разгледници, поштенски целини и придружен материјал (летоци), со теми поврзани со Македонија и борбата за автономија.

---

Дамевски, Македонија на поштенските марки 1902 – 2001, Скопје, 2001;

[502] Красимир Трајков, Филателистичка изложба, Илинден 2003, Скопје, 2003; Бранислав Светозаревиќ, Филателистичко – картофилска изложба „Илинденска епопеја", Тетово, 23.10.2009; Бранислав Светозаревиќ, Филателистичка прошетка низ поставката на музејот на македонската борба – Скопје (со посебен осврт кон Крушево), 21.12.2013, Историски музеј Крушево, Крушево, 2013; Бранислав Светозаревиќ, Македонија и меѓународната заедница – 25 години независност на Република Македонија, Музеј на македоската борба, Скопје, 2016; Стеван Савевски, 60 години Сојуз на филателистите на Македонија, 2010.

Серия V. — Родината — № 2, издание на Македонскитѣ Студентски Дружества въ Чужбина: Виена, Парижъ, Берлинъ, София, Грацъ и Лайпцигъ. — Verantwortlich: Johann Adolf Müller, Wien VIII, Strozzigasse 15. — Druck: Christoph Reisser's Söhne, Wien V.




**На позадината на разгледници издадени од Македонските студентски друштва во туѓина стојат градовите: Виена, Париз, Берлин, Софија, Грац и Лајпциг. Со назначувањето на Софија како студентски центар во туѓина, македонските студенти, јасно ја разграничуваат нивната татковина Македонија од Бугарија. Истото се гледа и на пропагандната марка издадена од истото здружение.**

Во тие рамки е издадена серија на „поштенски пропагандни марки“ со повеќе мотиви, без назначена номинална вредност. Еден од мотивите е и ликот на „Гоце Делчев“ и тоа на две различни марки. Со идентични мотиви. Околу ликот

на Гоце Делчев има народни фолклорни мотиви, над ликот стои со латинични стилизирани букви зборот „MACEDONIA", на долниот дел: „GOTZE DELTCHEV" и од двете страни на името годините на раѓање и насмртта, 1872 и 1903 год. На левата страна во сликата стои нејасна ознака, која во најголем број случаи е составена од иницијалите на авторот на марката. Двете марки се разликуваат според бојата, едната е бледо крвава боја  а втората е синкастосива со нијанси на зелено, што на дадените фотографии не може да се долови.




**Две пропагандни провизорни поштенски марки со ликот на Гоце Делчев издадени од „Македонските студентски друштва во туѓина"**
**во раните 20-ти години на 20 век.**

По Втората светска војна, па се до осамостојувањето (1944 – 2001), кога Македонија била посебна федерална единка во составот на Југославија[503], таа имала статус на рамоправна

[503] Целосното име на државата доживеало три промени: 1. Демократска Федеративна Југославија (1944 – 1945); 2. Федеративна

република (држава), во таа федерација, била соодветно претставена и во мотивите на југословенските марки. Во тие рамки ПТТ Југославија, објавила две поштенски марки со ликот на Гоце Делчев. Доколку не се земе предвид ликот на долгогодишниот претседател на тогашна Југославија, Јосип Броз Тито, ретко која историска личност од поранешните југословенски простори е застапена двапати во изданијата на ПТТ Југославија. Првото издание на поштенска марка со овој мотив е издадена во 1972 година, по повод 100 годишнината од раѓањето на овој наш великан.

Марката била издадена на 16 октомври 1972 година и е во црно-маслинеста-зелена боја. На горната десна страна има текст: „Гоце Делчев 1872 – 1903", а на долната страна пишува „PTT JUGOSLAVIJA". Вредноста на марката е 0,80 дин. Марката е печатена во табачиња од по 9 марки и на маргините лево и десно на табачето се испишани текстовите за поводот на изданието на српски, хрватски, словенечки и на македонски јазик. На горната маргина стои „Југославија", додека на долната маргина „Гоце Делчев 1872 – 1903".

---

Народна Република Југославија (1946 – 1963) и Социјалистичка Федеративна Република Југославија (1963 – 1974).




**Поштенска марка со ликот на Гоце Делчев издадена од ПТТ Југославија во 1972 година**.

По повод издавањето на оваа марка, југословенската пошта издала и пригоден илустриран коверт на првиот ден на издавањето со пригоден поштенски жиг „Prvi dan 16.10.1972 11.101 Beograd”. Од левата страна на ковертот, покрај логото на ПТТ Југославија, под него е испечатена илустрација со ликот на Гоце Делчев, под него текстот: „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ 1872 – 1903“.




**Пригоден коверт на ПТТ Југославија по повод излегувањето на јубилејната марка за Гоце Делчев.**

Оваа марка била искористена за издавање на уште еден пригоден коверт, во издание на Филателистичкото друштво од Битола.

Втората поштенска марка со ликот на Гоце Делчев издадена од југословенската пошта е на 29.01.1992 год. Воедно, оваа марка претставува и последната поштенска марка на македонска тема во СФРЈ. Издадена е по повод 120 годишнината од раѓањето на Делчев. Покрај ликот на Гоце Делчев, од левата страна на марката стои текст: „Гоце Делчев 1872 – 1903“. По повод марката, издаден е и пригоден коверт и пригоден жиг од првиот ден на издавањето. Жигот е тркалезен и на него во полукруг пишува„1872 Гоце Делчев 1903“. На левата страна на ковертот е претставен ликот на Делчев, а под него во три реда текст „Гоце Делчев 1872 – 1903 Југославија“. Со оглед на 47 годишното постоење на СФРЈ и исто толку години постоење на македонската држава во нејзиниот федерален состав, со право се смета дека, темите за Илинден се малку или недоволно застапени во југословенските марки во овој период[504].

[504] Ѓорѓи Димовски Цолев, Илинден во филателијата, Друштво за наука и уметност „Браќа Миладиновци“, Струга, Струга, 1998, 503.




**Максимум карта со тема „Гоце Делчев“ и последната издадена поштенска марка со македонска тема во СФР Југославија. (29.01.1992)**

Во овој период, забележани се и изданија на македонските филателистички друштва и нивниот републички сојуз. На темата Гоце Делчев го бележиме и издавањето на пригодниот поштенски жиг од Штип, а по иницијатива на филателистичкото друштво од тој град. Жигот е тркалезен и во неговата средина е ликот на Гоце Делчев со текст„Штип 04.02.1872“, додека по цел внатрешен дел од кругот, околу ликот на Гоце Делчев, стои следниов текст: „100 години од раѓањето на Гоце Делчев“[505]

[505] Истото.







Scanned with CamScanner

**Пригодни жигови со ликот на Гоце Делчев, издадени во Штип на 02.04.1972 год., и Битола на 04.05.1983 год.**

Во 1983 година, по повод 80-годишнината од убиството на Гоце Делчев, Филателистичкото друштво – Битола издало пригоден коверт. На левата страна од ковертот е испечатен ликот на Гоце Делчев во темно црвена и златна боја. Под ликот стои златна дабова гранка и текст: „80 години од загинувањето

на Гоце Делчев 04.05.1983“ На кружниот жиг, пак, во неговата средина во помал круг е ликот на Гоце, а на просторот меѓу двата круга во кружен текст пишува: „ Филателистичко друштво 97 000 Битола 04.05.1983“ и внатре под овој текст друг таков: „Прв ден 80 години од загинувањето на Гоце Делчев“.

Во периодот по завршувањето на Втората светска војна па до денес (2019 г.), бугарската државна пошта објавила 4 поштенски марки со ликот на Гоце Делчев. Во првите 50 години од смртта на Гоце Делчев и од Илинденското востание, не е издадена ниту една поштенска марка на овие теми во оваа соседна држава. Првата марка била издадена во 1953 година, по повод 50 годишнината од Илинденското востание. Паѓа во очи тоа што со децении, не е издадена ниту една бугарска марка поврзана со Илинденското востание. Ваквата појава се совпаѓа и со официјалната бугарска политика, која за тие 50 години, званично не го прославувала тој настан. Впрочем и бугарските весници по смртта на Гоце го напаѓале неговото македонско револуционрно и национално дело[506]. Речиси сите настани во врска со одбележувањето годишнини за Гоце Делчев, биле во организација на големата македонска емиграција во Бугарија, Илинденската организација и големиот број на македонски организации во Бугарија.

Во 1953 година, званичната политика на бугарската држава сé уште го признавала македонското малцинство во пиринскиот дел на

---

[506] Александар Донски, Бугарските весници против дејноста на Гоце Делчев!, Македонско време, Скопје, октомври 1997, 20 - 21.

Македонија, кој е во состав на Бугарија, иако процесот на укинувањето на културната автономија во тој регион, веќе бил завршен. Така што, објавувањето на ова марка, може да се протолкува и во тој контекст. Имено, на оваа марка, сé уште стои називот „Илинденско востание“, што не е случај со понатамошните изданија на марките на кои стои називот „Илинденско - Преображенско востание.




**Гоце Делчев на поштенска марка издадена од бугарската пошта во 1953 година.**

Покрај ликот на Гоце Делчев, на долната страна од марката е името на државата НР България“, од десната горна страна пишува „поща“ и номиналата од 16 стотинки. На левата страна од марката пишува: „Гоце Делчев Илинденско въстание 1903 - 1953“. Се уште во овој период, бугарската историографија не го преименувала оргиналниот назив на востанието и гласи онака како што го именувале неговите востаници - Илинденско востание.

Следното издание на поштенска марка со ликот на Гоце Делчев било во 1972 години, и тоа во серија по повод 100 годишнината од раѓањето на Гоце Делчев, Јане Сандански и Дамјан Груев.




**Пригоден коверт со марка издадена од бугарската пошта по повод 75 годишнината од убиството на Гоце Дечлев.**

Во 1978 година излегла од печат поштенска марка со ликот на Гоце Делчев, по повод 75 годишнината од неговото убиство.

За разлика од оваа марка, следните марки со ликот на Гоце Делчев се издавани во сосема променети политички околности во однос на признавањето и правата на македонското национално малцинство во Бугарија, како и со признавањето на македонската нација, па ликовите од македонската историја и култура и во бугарските марки се претставени како дел од бугарската нација.




**Пригодна марка и жиг издадени од бугарската пошта, издадени по повод 100 годишнината на „Илинденско - Преображенско востание“.**




**Единствената поштенска марка и пригоден коверт, издадени од ПТТ Македонија во 1994 год.**

Од 1991 година до денес, откако Р. Македонија прогласи своја независност, иако поминаа речиси 28 години, за жал констатираме недоволна присутност на Гоце Делчев во Филателијата. Во 1994 година, во серијата на Истакнати личности, беше издадена и поштенска марка со ликот на Гоце Делчев, на која е неговиот портрет насликан од истакнатиот македонски ликовен уметник Димитар Кондовски, поточно детал од тоа уметничко дело. На горниот дел од марката стои текст ,,Гоце Делчев 1872 - 1903, а под него текстот: детал од сликата на Димитар Кондовски. На Долниот дел стои: PTT Makedonija, и во долниот десен агол номинала од 50 ден. По истиот повод издаден и пригоден коверт со пригоден жиг. И на ковертот и на жигот се наоѓа ликот на Гоце Делчев.

Следниот пригоден коверт кој бил издаден во Р. Македонија е од Филателистичкото друштво - Скопје во истата година. Повод е издадената марка со ликот на Гоце Делчев.




**Пригоден коверт издаден од Филателистичкото друштво Скопје во 1994 год.**

Во 90-тите години, „ПТТ Македонија“, подоцна „Македонска пошта“ издала повеќе пригодни жигови со кои по различни поводи и со различни мотиви одбележувале настани поврзани со апостолот на македонското револуционерно движење.




**Пригоден жиг по повод 50 години од пренесувањето на моштите на Гоце Делчев во Македонија, во 1996 год.**




**Пригоден жиг по повод 125 годишнината од раѓањето на Гоце Делчев во 1997 год.**

Разработувајќи ја оваа тема, неминовно се наметнува заклучокот дека, официјалната политиката на државите се одразува и во филателијата. Според тоа, со филателијата можеме да ги следиме одредените политички промени кои настануваат во државите.

Со оглед на влијанието што филателијата го има во светот, се надеваме и очекуваме дека во иднина, на достоинствен начин ќе се одбележуваат значајните датуми од македонската историја, вклучително и ликот и делото на Гоце Делчев.




**Вечното почивалиште на Гоце Делчев**
**во Црквата Св.Спас во Скопје**



**Меѓународна манифестација „Гоцеви денови“**
**пред споменикот на Делчев во Делчево**



**СОДРЖИНА:**


**Воведни напомени** **5**

**Проф. д-р Михајло Миновски** **7**

**Проф. д-р Наташа Котлар - Трајкова** **64**

**Проф. д-р Тодор Чепреганов** **84**

**Проф. д-р Никола Жежов** **106**

**Проф. д-р Иванка Василевска** **145**

**Проф. д-р Ѓорѓи Малковски** **167**

**Проф. д-р Новица Велјановски** **198**

**Проф. д-р Виолета Ачкоска** **212**

**Проф. д-р Стефан Влахов - Мицов** **242**

**Доцент Бранислав Светозаревиќ** **251**

**СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**НАУЧНА ТРИБИНА**

**ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ**
**Животот и делото на Гоце Делчев во колективната меморија на македонскиот народ**

**Тираж: 300 примероци**
**Печати: Винсент графика - Скопје**

**Јануари 2020 година**